**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје**

**Филозофски Факултет, Скопје**

Постдипломски студии: Предисториска археологија

# ПРЕДИСТОРИСКИТЕ ТУМУЛАРНИ ПОГРЕБУВАЊА ЗАПАДНО ОД РЕКАТА ВАРДАР

-магистерски труд-

**Ментор:**

**Проф. Д-р Драги Митревски**

**Кандидат:**

**Невенка Атанасоска**

**Скопје, 2018**

# Содржина

1. ВОВЕД ... 3
1.1 Предмет, цел и методологија на истражувањата ... 4
1.2 Временски и просторни рамки на темата: ... 6
1.3 Историјат на досегашните истражувања: ... 7
2. КРАТОК ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ И ОПШТИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БРОНЗЕНОТО И ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ЗАПАДНО ОД РЕКАТА ВАРДАР ... 11
2.1 Бронзено време(средина на III милениум- XII век п.н.е.): ... 12
2.2 Преоден период од бронзено во железно време (крај на XII-крај на XI век п.н.е) ... 19
2.3 Железно време ( X век п.н.е. – први децении на V век п.н.е.) ... 21
3. КАТАЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ТУМУЛАРНИТЕ ПОГРЕБУВАЊА ЗАПАДНО ОД РЕКАТА ВАРДАР ... 26
3.1 Тумуларни погребувања во Пелагонија ... 27
3.1.1 **„Висои "- с. Беранци** ... 28
3.1.2 **„Сламите"- с. Вепрчани** ... 30
3.1.3 **„Страгата"- с. Крушевица** ... 32
3.1.4 **„Три Дабици" – с. Крушевица** ... 34
3.1.5 **Барата" -с. Чаниште** ... 36
3.1.6 **„Попов Дол"- с. Мојно** ... 39
3.1.7 **„Плоча"- с. Мојно** ... 40
3.1.8 **„Бел Камен" – с. Мојно** ... 41
3.1.9 **„Стари Лозја"- с. Орле** ... 42
3.1.10 **„Каранка"- с.Рапеш** ... 42
3.1.11 **„Сламите"-с. Рапеш** ... 43
3.1.12 **„Конопишта"- с. Српци** ... 45
3.1.13 **„Бели Камења" – с. Живојно** ... 45
3.2 Тумуларните погребувања на територијата на Албанија ... 47
3.2.1 **Штој- Скадарски регион** ... 48
3.2.2 **Шкрел – с.Дедај** ... 51
3.2.3 **Бујан- Скадарска област** ... 53
3.2.4 **Мич- Хас-општина Кукс** ... 54
3.2.5 **Круме- општина Кукс** ... 57

3.2.6 **Мујај- општина Кукс** ........ 59

3.2.7 **Бардок- општина Кукс** ........ 60

3.2.8 **Цинамак (Çinamakut)- општина Кукс** ........ 63

3.2.9 **Тумуларни погребувања во областа на реката Мат** ........ 64

3.2.10 **Кенете- општина Драч** ........ 66

3.2.11 **Пажок** ........ 67

3.2.12 **Церује- општина Грамш** ........ 72

3.2.13 **Лофкенд- општина Малакастра** ........ 74

3.2.14 **Вајзе- оштина Влора** ........ 76

3.2.15 **Дукат – општина Влора** ........ 77

3.2.16 **Бајкај** ........ 80

3.2.17 **Водине – општина Гирокастро** ........ 81

3.2.18 **Пискове- с. Пискове, општина Гирокастро** ........ 83

3.2.19 **Продан- општина Колоња** ........ 84

3.2.20 **Рехове- општина Колоња** ........ 85

3.2.21 **Луарас- општина Колоња** ........ 86

3.2.22 **Каменица-општина Корча** ........ 87

3.2.23 **Барч- оштина Корча** ........ 88

3.2.24 **Куч и Зи-општина Корча** ........ 92

3.2.25 **Бодриште- општина Гирокастро** ........ 94

3.2.26 **Какави-општина Гирокастро** ........ 96

4. ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД И КУЛТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕДИСТОРИСКИТЕ ТУМУЛАРНИ ПОГРЕБУВАЊА ........ 97

4.1 Тумули и погребувања од раното бронзено време: ........ 98

4.2 Тумули и погребувања од средно бронзено време: ........ 103

4.3 Тумули и погребувања од доцно бронзено време и преодниот период ........ 107

4.4 Тумули и погребувања од железно време ........ 114

5. СОЦИО-КУЛТУРНИ И РЕЛИГИСКИ АСПЕКТИ НА ТУМУЛИТЕ ........ 122

6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 129

7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 133

8. ПРИЛОЗИ ........ 140

# 1.ВОВЕД

## 1.1 Предмет, цел и методологија на истражувањата

Погребувањата функционираат како едни од најважните остатоци од човековото минато поради тоа што во поголемиот број случаеви претставуваат затворени и ненарушени целини кои многу подобро го зачувуваат археолошкиот материјал за разлика од некои дурги археолошки контексти. Покрај тоа ни овозможуваат важни информации за погребните обичаи како и социјалните, политичките, економските и идеолошките ориентации. Ова е особено важно за проучувањето на предисторијата, а посебно периодите кои ги опфаќа трудот бидејќи нивното истражување е сеуште во почетна фаза, па во одредени ситуации погренувањата се единствениот извор на информации.

Во текот на предисторијата имаме неколку клучни промени кои се случуваат во сферата на погребувањето. Обично, овие промени во погребните обичаи настануваат како резултат на промената на етничкиот состав на населението, односно за време и по одвивање на некои поголеми миграции или пак се поттикнати од разни културни влијанија, но и многу други фактори кои често ги занемаруваме.

Тумуларните погребувања кои се тема на обработка во овој труд, се најкарактеристична и најшироко прифатена придобивка/манифестација од степското, индо-европско население, кое сукцесивно во повеќе бранови мигрира и на Балканскиот полуостров. За време на нивното користење во текот на предисторијата истите претрпуваат разни трансформации како во однос на начинот на изградба, така и во однос на внатрешната организација. Разлики се забележуваат во различни микро региони, кои нудат пристап до различни ресурси, што автоматски создава амбиент за различна организација на заедницата. А исто така од голема важност е и интеракцијата со домородното население и интензитетот на културни имплси кои меѓусебно се разменуваат.

На балканот нивното користење е забележано уште на самиот крај на енеолитскиот период, а интензивно продолжуваат да се користат во бронзеното доба, кога и стануваат доминантна форма на погребување во западен Балкан. Меѓутоа во регионите кои се обработуваат во трудот истите доминираат малку покасно, во доцното бронзено време и раното железно време. Сеуште не е јасно дали ваквата ситуација се должи на недоволната истраженост на регионите или пак

силните предисториски традиции кои ги негувале заедниците кои ги населувале овие простори. Сепак, за погребувањата под тумули на овие простори може да се каже дека во овој период тие доживуваат свој интрен развој кој одсликува одредени општествено-културни карактеристики кои ќе се обидеме да ги разработиме во трудот.

Главната цел на магистерскиот труд е на едно место да се сублимираат и генерираат сите податоци кои ги имаме за тумуларните погребувања во регионите кои се обработуваат во темата, меѓу кои постои нераскинлива врска во текот на целиот предисториски и историски развој. Сметаме дека создавањето на една генерална слика за истраженоста, но и одликите на тумуларните погребувања, е од огромна важност за нивното понатамошно истражување. Се на надеваме дека со трудот ќе добиеме поголема прегледност врз ваквите манифестации а исто така уште повеќе ќе се утврдат сличностите и посебностите на заедниците кои ги негувале овие погребни манифестации.

Што се однесува до методологијата која ќе биде пименета во трудот, за жал неможеме да кажеме дека во истиот ќе бидат вклучени информации од теренски истражувања во кои авторот учествувал или раководел, целиот труд ќе биде резултат синтеза на информации од целокупната литератураа поврзана со темата која што беше достапна.

## 1.2 Временски и просторни рамки на темата:

Во воведниот дел беше спомнато дека манифестирањето на ваквото погребување во територијата која ја обработуваме воглавно се одвивало доцното-бронзено и раното- железно време. Меѓутоа појавата има малку подлабоки корени во овој југо-западен дел на Балканот (па и општо), па поради тоа накратко ќе биде опфатен и претходниот период, односно раното и средното- бронзено време и засега пионерските погребувања од овие почетни фази. Со тоа се прават и мали отстапки во однос на просторните рамки кои ги опфаќа темата. Покрај погребувањата кои се наоѓаат западно од реката Вардар, во регионите на Пелагонија, југо-западна Албанија и северо-западна Грција, ќе бидат споменати погребувања од централна, западна и северна Албанија, како и дел од тумуларните погребувања на територија на континентална Грција. Отстапувањето е направено со цел да се создаде поцелосна слика за манифестацијата и да се проследи постепената преобразба и развој на истата.Во ваква ситуација се поставува прашањето: зошто во темата е одбрана токму таа терирорија, кога тумуларните погребувања се распространети скоро на целиот Балкански Полуостров и во текот на целото бронзено и железно време?

Одговорот на ова прашање не е толку едноставен ниту пак очигледен. Воедно се работи за територии кои имаат слични предиспозиции и нудат слични услови за развој на заедниците. Ваквиот заклучок е донесен врз основа на проучување на археолошкиот материјал, историските извори како и набљудување на денешната ситуација, состав и развиеност на регионите. Конкретно при одлуката за избирање на просторните рамки на темата доста ни помогнаа досегашните археолошки ископувања на предисториските локалитети кои покрај некои локални разлики меѓусебно покажуваат огромен број на сличности во однос на материјалната култура, начинот на организација на населбите како и погребните обичаи. Предисториските заедници кои ги населувале овие области ги негувале локалните традиции, но истовремено прифаќале културни импулси од околните региони, особено оние кои доаѓале од по обалата на Јадранското Море, кои се остварувале преку разни трговски врски кои се одвивале по течението на реките како и преку Кандавискиот пат (Виа Егнатиа- во римско време) и секако влијанија од југ со кои постои нераскинлива врска уште од самите почетоци на човештвото. Благодарение на тоа, областите ги следи сличен културен развиток кој е потврден и преку

тумуларните погребувања.

## 1.3 Историјат на досегашните истражувања:

Тумуларните погребувања одсекогаш привлекувале огромно внимание не само во научната, туку и пошироката јавност. Маркантноста на дел од нив и нивното лесно забележување довеле до ситуација истите да бидат предмет на раскопување и ограбување уште во античките периоди, а истото за жал се практикува и денес и низ целиот свет.

Конкретно на Балканот нивното евидентирање започнува започнува при крајот на 19 век. Притоа сеуште неможеме да говориме ниту за плански, ниту за систематски истражување на феноменот. Евидентирањето било секогаш во склоп на други поопсежни рекогносцирања и истражувања кои биле правени особено во јужните делови на Балканскиот Полуостров и тоа од страна на странски истражувачи кои претежно биле финансирани од големите европски сили како Франција и Ангија. Во централниот дел на Балканот кон крајот на 19 век исто така се направени пионерски истражувања и забележувања на археолошки, предисториски локалитети. Еден од првите археолози кои пишуваат за тумуларните погребувања е Ќиро Трухелка.

Првите посериозни истражувања биле направени за време на воените операции во првата светска војна. Притоа откриени се повеќе и различни некрополи бронзено и железно време. Од овој период особено значајни се трудовите на St. Casson и L.Ray кои прават еден преглед на наоѓалиштата и даваат некои општи согледувања за материјалот и воопшто за културата во бронзеното и железното време на Балканот, особено територијата на Македонија.[1]

Малку подоцна целосно резимирање и вклучување на сите дотогашни истражувања и нови размислувања дава W.A. Hertley во своето дело „Prehistoric Macedonia“ кое што долго време претставува главен извор на информации за материјалната култура на предисториските и протоисториските заедници на територија на Македонија. Hertley во ова дело посебно го опфаќа почетокот на железното време и според него продорот на лужичката култура на овие простори е

[1] Mikulčić I. 1966, 13

главен индикатор за почетокот на протогеометрискиот период, односно железното време во Македонија.[2] Кон средниата на 20-тиот век 52/53 г. направена е една поголема акција на археолошки рекогносцирања со кои е потврдено постоење на голем број на погребувања под тумули на Балканот. Иако во овој период не би можело да се зборува за нивната концентрација бидејќи тоа зависело од дотогашната истраженост на теренот, сепак се дошло до побитни сознанија за ваквите погребувања и воопшто крајните фази на предисторијата и протоисторискиот период во кои што сознанија доста придонеле и истражувањата на тумулите во Вергина кај Верија кои биле вршени токму во овој период.[3] Ваквите рекогносцирања и првични истражувања продолжуваат и во следниот период резултираат со огромен број на трудови од повеќе автори:

Во Албанија како најзначајни би ги спомenале истражувањата на F.Prendi и Zh.Andrea. Тие ја поставиле основата за истражување на овој феномен со истражувањето на тумулите во Барч и Куч и Зи во Корчанската област како и тумулите во Пажок, Вајзе и Водине, како и повеќе истражувања на населбите од овие крајни фази на предисторијата.[4] Систематските истражувања во Корчанската област овозможиле отварање на еден од порталите кон запознавање на тумуларната култура не само во Албанија туку и околните области. Потоа интресот за тумуларните погребувања во Албанија константно расте. Така во наредниот период се истражени огромен број на тумули чии што резултати се објавени претежно во периодичното списание Iliria. Истражувања се прават на повеќе тумуларни некрополи: Бурел, Продан, Кенете, Шкрел.[5]

Во последните две децении се истражени огромен број на тумуларни погребувања од праисторијата. Особено е значајна работата на на проф. S. Islami која произлегува монографијата за стоттици тумули по течението на реката Мат.[6] Засега послените истражувања во Албанија се под раководство на проф. L.Bejko. на тумуларното погребување во Лофкенд. Со помош на голем интернационален тим се

[2] Hertley W.A. 1939, 232-251

[3] Andronikos, 1969;

[4] Andrea Zh, 1985, Prendi F. 1956; Prendi F. 1957; Prendi F. 1966;

[5] Kourti D.1987, 87-115; Kourti D.1983, 80-108; Aliu S.1984, 27-67; Hoti A. 1986, 41-70; Jubani B. 1995, 53-90;

[6] Islami S. 2013;

прави мултидисциплинарно истражување на локалитетот со што станува еден од најдобро истражените тумули во Албанија и пошироко.[7]

Во Грција истражувањето на овие локалитети е во почетна фаза бидејќи за разлика од Албанија истото никогаш не било во преден план. Веќе споменавме дека првите ископувања започнале уште на крајот на 19 век, меѓутоа во повоениот период направени се само неколку поголеми кампањи на истражување во кои целосно се истражени мал број на тумули во однос со она што го имаме како резултат од рекогносцирањата. Веднаш би спомeнале дека од огромна важност е работата на Manolis Andronikos кој покрај истражувањата во Бероја, Килкис, Наоса, Халкидики и Тесалоника својот научен интерес го фокусирал на локалитетот Вергина.Таму истражувал повеќе од 15 години, а истражувањата резултирале со информации кои ја разбранувале научната и пошироката јавност и се од огромно значење. Покрај гробниците на македонските кралеви и аристокраија таму се откриени и и стотици тумуларни погребувања од крајот на бронзеното и почетокот на железното време.[8]Малку подоцна во 1972 година Hammond пишува едно од своите епохални дела „History of Macedonia“ – книга поделена во три тома. Првиот дел е посветен на географијата и предисторијата на регионите кои се опфатени. Покрај тоа тој се задржува на тумуларните погребувања во континентална Грција, дел од островите на Јонско море и Албанија (Вајзе, Пажок, Водине) кои до тогаш биле ископувани и регистрирани и нуди доста интресни решенија околу потеклото појавата во овие делови на Балканот.[9] По ова настанува стагнација на проучувањето на појавата се до крајот на деведесеттите години кога повторно се јавува интресот што кореспондира со она што се случува на Балканот. Во тој период па се до денес се направени неколку истражувања, но главно се работи на објавување на материјалот и некои нови согледувања поврзани со тумулите, нивниот соодност со населбите како и разни анализи на материјалот кој што е извлечен од нив.[10]

Во Македонија, во повоениот период извршени се поскромни истражувања и рекогносцирања од страна на Битолскиот музеј ќе резултираат со делото

---

7 Papadopoulos, J., Bejko, L., & Morris, S. 2008, 686-701;

8 Ανδρονικου Μ. 1969;

9 Hammond N.G.L. 1972, 234-441; Hammond N.G.L. 1971, 229-241; Hammond N.G.L. 1974, 129-144

10 Oikonomidis S. Papayiannis A. Tsonos A. 2011, 185-202; Merkouri K. Kouli M. 2011, 203-218; Galanakis Y. 2011, 219- 229;

„PELAGONIJA“ на д-р Иван Микулчиќ каде што во неколку поглавја зборува за железното време во овој регион како и за проблемот на тумуларните погребувања. Согледувањата на Микулчиќ долго време ке претставуваат главен извор на информации за гробните форми и обичаите на погребување во железното време во пелагонискиот регион.[11] Во наредниот период биле правени повеќе археолошки истражувања кои ќе резултураат со издавање на едицијата Praistorija Jugoslovenskih Zemalja во 1987г. каде е направена сублимација.[12] Во меѓувреме се откриени нови наоди кои придонеле доста за создавање на појасна слика за времето кое го опишуваме па така во 1997 г. проф. Д-р. Драги Митревски прави уште едно сумирање на податоците во своето дело „Протоисториските заедници во Македонија“, но и нивна подетална обработка, ставање на наодите и појавите во поконкретни хронолошки и географски рамки, а исто така со помош на истите дава повеќе размислувања за идентитетот на носителите на истите.[13] Истражувањата со поголем интензитет продолжиле во новиот милениум. Доста интресни податоци се добиени од истражувањето рамните некрополи и на некрополите под тумули. Од овие истражувања како најзначајни би ги спомнале : Лисичин Дол кај Марвинци, Ограда кај с. Орешани, Градиште кај с. Бучинци , Стеновац кај Куманово и новите сокоро откриени некрополи во Мариово од страна на Прилепскиот музеј: Барата кај с. Чаниште, Страгата кај с. Крушевица и Барата кај с. Вепрчани.[14]

[11] Mikulčić I. 1966, 8-46;

[12] Vasić R. Čovič B, 1987, 571-735;

[13] Митревски Д. 1997;

[14] Митковски А. 1999 29-50; Митковски А. 2010, 60-62; Mitkoski A. Bulatović A. Mikoć A, 2016, 27-53;

# 2. КРАТОК ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ И ОПШТИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БРОНЗЕНОТО И ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ ЗАПАДНО ОД РЕКАТА ВАРДАР

## 2.1 Бронзено време(средина на III милениум- XII век п.н.е.):

Бронзеното време во регионот кој го обработуваме во трудот го опфаќа периодот од средината на третиот милениум п.н.е до XII и почетокот на XI век п.н.е. . Тоа претставува еден од клучните периоди бидеќи во истото се случуваат промени кои ќе влијаат на понатамошниот развој на историјата.

Процесеот на трансформација не се случувал подеднакво во Европа, Балканот па дури и ако се во прашање поедини микро региони, меѓутоа југоисточниот дел од балканот особено регионите Пелагонија, југо -источна Албанија и северо- западна Грција, односно Епирската област се чини дека подлежеле слични културни влијанија. Поради тоа во продолжение ќе се обидеме да направиме краток преглед на процесите и појавите од овој период и ќе се обидеме да направиме една генерална слика за карактеристиките на периодот во гореспоменатиот регион.Притоа, бидејќи областите кои ги опфаќаме се наоѓаат меѓу подунавско-карпатската и источномедитеранската регија и секако во непосредна близина на егејскиот регион, може да се каже дека имаат свој специфичен развиток и хронологија, но сепак општите карактеристики кои ги носат овие последни етапи на предисторијата важат и за нив.[15]

Почетокот на бронзеното време е обележан со завршувањето на последните бранови на индоевропски преселби кои може да се каже дека најмногу го погодиле токму овој дел од Балканот.[16] Притоа не се случил комплетен пресврт во животот на луѓето, напротив бронзенодобското стопанство се темели врз она од претходниот, енеолитски период. И понатаму се развивале стопанските гранките кои биле доминантни во претходниот период. Покрај земјоделството кое што своите корени ги има уште подлабоко, со самите почетоци на неолитот, како една од основните карактерситики на економијата во бронзеното доба е *сточарството*. За ова сеуште немаме точни докази бидејќи недостасуваат студии посветени на животинските коски, меѓутоа неколку факти неоспорно упатуваат кон ваквиот заклучок кој особено се однесува за бронзеното доба и тоа раното и средното, а тоа

[15] Garašanin M. 1982, ; Prendi F, 1982 ; Hammond N:G.L. 1974, 245-250; Митревски Д. 2013, 166;
[16] Петрова Е. 1996, Gimbutas M. 1956, 70;

се :

- Населувањето е пред се во планински предели кои се погодни за сточарство, иако дел од населбите во низините продолжуваат да се користат и во бронзеното време, барем во првите две етапи.
- Иако населувањето било претежно во планинските предели сепак, бројот на откриените населби е премногу мал што упатува на сточарски, трансхуман начин на живот.
- Несразмерниот поголем број на некрополи, што повторно алудира на номадски начин на живот.
- И уште еден од показателите за развиеното сточарство е недоволната развиеност на *металургијата*, во почетните периоди на бронзеното време.

Се смета дека сточарските производи за разлика од земјоделските биле доста повреднувани и дека трговијата на метални предмети се вршела токму на тој начин, со размена на сточарски производи.[17] Бронзените предмети воглавно потекнуваат од карпатско-подунавскиот регион и работилниците кои егзистирале таму, но дел од нив се импортирани од Егејот. Тука сега се поставува прашањето: зошто воопшто се тргувало со ваквите предмети кога евидентирано е постоење на рудоносни области особено во централниот и источниот дел на Балканот? Најверојатно се работи за недоволна развиеност на технологијата за обработка и добивање на металот. Меѓутоа сепак потврда дека метало-производството и металургијата се практикувала и на локално ниво особено при крајот на средното и доцното бронзено доба е огромиот број на примери на автохтоно произведено оружје, орудија, накит. Уште поегзактен доказ за тоа е ливачкиот прибор кој е пронајден на поголем борј локалитети на Балканот и неколку локалитети во Македонија.[18] Меѓутоа се ова не значи дека локалното производство ги задоволувало потребите. Импорти и понатаму постоеле, не само од претходно споменатите области, туку исто така сите заедници на Балканот меѓусебно комуницираат. Со поновите испитувања извршени на легурите и рудата која се користела за пр авење на овие

[17] Čović B. 1983, 806-830;
[18] Митревски Д. 1997, Булатовиќ А. Станковски Ј, 2012,

метални предмети забележано е дека се тргувало и со суровини и полу производи.[19]

Што се однесува до населбите и начинот на живот имаме просторен и хронолошки вариетет. Типот, организацијата и „времетраењето“ на една населба зависи од многу фактори: геоморфолошки одлики, климатски прилики, економика, друштвена организација и општо начинот на живот, традициите, но и разни миграции или некои позначајни историски збиднувања.

Од досегашните истражувања можеме да издвоиме неколку типови[20]:

- Отворени, низински населби сместени на речните тераси во низините или на природно издигнати делови во низината. Ова претставува неолитска традиција која со одредени хијатуси била продолжена во поразвиените фази на енеолитот, а потоа и во бронзеното доба. Можеби еден од најдобрите примери за ова претстасуваат населбите во Пелагонија како и дел од населбите во Албанија (Малиќ). Интресно е тоа што користењето на скоро сите овие отворени населби во бронзеното доба е краткотрајно што може да се должи на повеќе фактори кои ги споменавме погоре во текстот.[21]
- Пештерски населби – исто се работи за многу стар тип на населби. Концентрирани се воглавно по Јадранското крајбрежје и претежно се работи за населби од раното бронзено време иако ги има и останатите делови од Балканот. Како една од најдолго користените би ја спомнале населбата Трен во Албанија.[22]
- Наколни населби кои се регистрирани воглавно околу Преспанското и Охридското езеро.
- Населби на повискои места- тука се вбројуваат сите населби кои се изградени на места кои се погодни за одбрана, без разлика дали биле фортифициртани или не. Ова можеби е најважната категорија меѓу населбите од бронзено доба. Како тип се развиваат од енеолитскиот период, меѓутоа во доцното бронзеното и железното време имаме масовно избирање на вакви позиции

[19] Čović B. 1983, 806-830
[20] Булатовиќ А. Станковски Ј, 2012,195-230;
[21] Bailey D.W. 2000, 240-245;
[22] Korkuti M. 1971, 31-48;

за населби, доминантни, погодни за одбрана. Повеќето од населбите имале и утврдување кое било изведено во неколку техники.

Во поглед на факторите кои влијаат на карактерот на населбите доста интресни се студиите за климатските промени во текот на историјата. Според досегашните климатски истражувања, како што веќе е познато, климатски оптимум имаме во неолитскиот период и истиот завршува кон средината на 4 милениум п.н.е. Потоа следува ладење, намалување на температурите со што настанува голема промена во природата но и во организацијата на животот на луѓето. Започнувањето на климатскиот песимум ги натерало луѓето, особено оние од централна европа да мигрираат на југ, што е потврдено и археолошки. Во овој песимум кој трае се до почетокот на римскиот период имаме и кратки периоди кога доаѓа до покачување на температурата како на пример, почетокот на бронзеното доба. Во овој период е забележано зголемување на сточарските активности што доаѓа и до изумирање на некои растителни видови- дел од научниците ова го поврзуваат со намалување на миграциите и задржување на заедниците подолго на одреден регион.[23],[24]




*Графикон на температурното движење низ предисторијата*

[23] Poschlod P. 2015, 97-221; Anderson G.D et al, 2007, 1-23;
[24] Студијата се однесува на централна и делови од јужна Европа и поради тоа во табелата е внесена хронологијата која одговара на овие области.

Покрај климата можеби еден од побитните фактори се миграциите. Раното бронзено време (средина III милениум п.н.е-XIX/XVIIIг. п.н.е) е периодот кога завршуваат долготрајните миграции од Понтскиот и степскиот регион кои го носат индо-европскиот елемент на Балканот и во централните и западните делови на Европа. Потоа, средното бронзено доба (XIX-XVIII- втора половина на XIV г. п.н.е.) важи за еден доста стабилн период, па дел од учените сметаат дека поради тоа се намалува бројот на градински населби. Доцното бронзено доба (втора половина XIV-XII век п.н.е) е период во кој повторно имаме силни раздвижувања кои биле предизвикани пред се од ширењето и движењето на културата на полиња со урни и народи со Балканско- долно-Дунавски елементи. Но за разлика од индо-европските миграции, овие се со многу помал обем и се случуваат во јужните делови на Балканот, а се упатени кон Егејскиот регион и Мала Азија. Во литературата уште познати како Егејски преселби. Се ова придонело до повторна несигурност со што повторно се зголемува бројот на градински населби. [25]

Околу организацијата на населбите можеме само да шпекулираме. Досега скоро и да не е извршено целосно ископување на населбите од овој период, но сепак може да се дојде до неколку заклучоци врз основа на она што го спомнавме претходно како и врз основа на досегашните истражувања. Населбите во бронзеното доба биле со мали димензии, особено градините. Особено интресен е фактот дека повеќето кои се наоѓаат во северозападните делови на балканот веќе имаат развиен фортификационен систем.

За облиците на куќите за жал сеуште немаме податоци кои би направиле подетална слика за изгледот. Воглавно се работи за едноставни градби, правоаголни или со кружен облик и со помали димензии. Меѓутоа напредок во инфраструктурата е забележан во доцното бронзено доба кога се појавуваат релативно поголеми и по сложени стамбени објекти, што е правопропорционално со зголемувањето на комплексноста на заедниците. [26]

Исто така за организацијата на населбите од овој период сведочи и начинот на распределба на просторот во населбата, особено во завршните фази, кога се среќаваме со градби со нееднакви димензии и распоред на просториите како и

---

[25] Čović B, 1983, 807-830;
[26] Harding A. F, 2000, 24-28; Булатовиќ А, Станковски Ј. 2012, 195-230;

околниот простор на куќите што исто така зборува за општествениот статус на луѓето кои го користеле тој простор.

Од *материјалната култура* најбројна е керамиката .

Ранобронзенодобската керамика се одликува унифицираност. Доминантни се само неколку форми (садови со висок цилиндричен врат, кантаровидни садови со големи полукружни држали кои се издигнуваат благо над ободот, чаши со една држалка како и големи полутопчести и конусни складишни садови со пластични декорации и најчесто јазичести држалки. Исчезнува вариететот на декорации од енеолитскиот период, а исто така се намалува и разновидноста на "култни" предмети. Сега истите се сведуваат само на неколку примери на стилизирани антропоморфни претстави. Поголемиот дел од примероците, е откриен во населбите: Карамани III или Црнобуки IV, Малиќ IIIa кои хронолошки се поклопуваат со Бубањ-Хум II, ХисарII и Кастанас А и В (се работи за населби-тумби[27]), а исто така би ги спомenале Кале II, Пелинце и Кокино кои се аналогни на Арменохори групата во Пелагонија и секако покажуваат извесни сличности со истата како и останатите населби кои ги опфаќа истражуваниот регион[28].

Во средното бронзено време немаме некои посебни новитети во однос на формите и декорациите на керамиката, особено во пелагонискоит регион. Се чини дека и понатаму продолжуваат да се развиваат истите форми од претходниот период. Благодарение на тумба Радобор каде се откриени цели керамичарски работилници и печки полни со садови имаме увид во технологијата на производство на керамиката, а исто така се запознаваме со неколку нови типови на керамички садови како светилките-ритони. Керамика од овој период е пронајдена и на локалитетите Канино, Анови, Барешани. Во Албанија повторно најдобро позната населба е Малиќ, со фазите IIIb-IIIc. Покрај wish-bone држалките кои се јавуваат како новитет исто така, како и во Пелагонија, се појавува и сива биконусна керамика, најчесто кантаровидни садови кои потсетуваат на минијските кантароси. Ваквата керамика ја имаме и во останатите делови на јужна Албанија како и териториите на денешна северна Грција (Мандало, Архонтико и др), а се среќава и во најстарите тумуларни погребувања за кои ќе стане збор понатаму во трудот.[29]

[27] Митревски Д. 2013, 167-191;
[28] Idem; Prendi F. 1982, 187-231;
[29] Hammond N.G.L. 1972, ;

Керамиката од доцното бронзено доба како и останатиот движен материјал е под силно влијание на културните импулси кои доаѓаат од југ, од микенскиот свет, кои се ширеле по морското крајбрежје и по долините на поголемите реки(Шкумба, Девол, Халијакмон, Вардар, Струма и тн.) кои директно или индиректно се поврзуваат со овие региони. Интресно е тоа што микенските влијанија се одвивале сукцесивно и скоро секаде се манифестирани на сличен начин, па веќе при крајот на доцното бронзено доба истите биле широко прифатени. Влијанијата биле доста интензивни во Албанија, по долините на реките Шкумба и Девол. Таму во овој период веќе имаме квалитетна и добро печена керамика со вариетет на форми и стилови на декорирање кој продолжува и понатаму во железното доба. Ваквиот развој го слиеди и повардариетo (особено долното течение на реката), и тука се јавува мат сликаната керамика. Сликањето најчесто се прави со црвена боја и обично тоа се геометриски мотиви. Во Малиќ IIId3 сликањето веќе се прави пред печењето на керамиката. Аналогии покрај во Вардарската група најдени се и на населбата Бубушти и многу други во западна и централна Македонија, како и во дел од тумуларните погребувања во Албанија. Пелагонија и Охридско-преспанскиот регион за разлика од претходно споменатите региони во однос на овие влијанија се поконзервативни, односно бил потребен подолг временски период за прифаќање на ваквите вредности.[30]

За погребувањата само на кратко би спомнале дека полека, но сигурно се напуштаат неолитските традиции на погребување на дел од покојниците во населбата, иако сеуште имаме примери дури и на тумуларни некрополи особено во Епир и на Грчката територија каде што се откривани intra muros.[31]

Покрај тумулите паралелно се практикуваат и рамните некрополи каде обично е застапена инхумацијата во згрчена положба. Во тумулите особено на почетокот на нивната употреба во раното бронзено време, како и во преодниот период била практикувана биритуалност, инхумација во згрчена положба и кремација, најчесто во урни иако тоа не е случај за регионите кои ги обработуваме каде повеќето кремации се изведени во јами.

---

[30] Петрова Е. 1996;

[31] Oikonomidis S. Papayiannis A. Tsonos A. 2012, 185-202; Merkouri K. Kouli M. 2012, 203-218; Galanakis Y. 2012, 219- 230;

## 2.2 Преоден период од бронзено во железно време (крај на XII-крај на XI век п.н.е)

Како што стои и во самиот поднаслов тоа е периодот на последните три века од вториот милениум п.н.е. Во овој период се случуваат пресврти и настани со кои се поврзува пропаѓањето на Микенските центри, завршувањето на предисторијата во јужните делови на Балканот и воспоставувањето на основата за понатамошниот протоисториски и историски развиток во првиот милениум п.н.е. на заедниците кои ги населувале областите северно од Микенските центри.

Главната причина за започнувањето на овој транзиционен период претставуваат демографските раздвижувања во централниот и јужниот дел на Балканот кои уште ни се познати како „големи егејски преселби“ или „панонобалкански миграции“ кои се случувале во три сукцесивни бранови во текот на XIII, XII и XI век п.н.е.[32]Притоа не само што се нарушува бронзенодобскиот континуитет кој што го проследивме со прегледот на керамиката претходно, туку исто така страдаат многу од развиените населби кои виреелe по главните комуникации (Столот,Манастир-Чашка, Вардарски рид, Вардино, Вардарофца, Кастанас како и населбите во Албанија како Малиќ и Трен).[33]Како што беше спомнато во овој период имаме повторно повлекување на населението во повисоките региони и основање на населби кои се на добри стратешки позиции и полесни за одбрана. Промени секако се забележуваат и во материјалната култура. Регионите кои ги опфаќаме во темата биле можеби едни од најизложените на ваквите промени и нови културни влијанија кои се мешале токму тука. Притоа културните карактеристики на заедниците кои понатаму ќе се развиваат во железнотот време сега се составени од неколку компоненти:

- Автохтона традиција
- Елементи од суб-микенската и протогеометриската цивилизација
- Елементи од централно европското подрачје

Со цел да не се повторуваме за материјалната култура ќе стане збор во следната подточка- во делот кој се однесува на раното железно доба, бидејќи тоа е последната етапа во која исчезнуваат придобивките од овој преоден период.

---

[32] Петрова. Е. 1996,

[33] Митревски Д. 1997, ; Prendi F. 1982, 228-231

Демографското раздвижување и почетокот на транзициониот период се исто така регистирани и со појавата на нов погребен ритус: погребување со спалување во рамни некрополи со урни (култура на полиња со урни). Зачетоците на ваквото погребување треба да се бараат уште во средното бронзено доба во подунавските панонски региони (иако во дел од тумуларните погребувања во Албанија, особено северните делови ги има и во раното бронзено доба како придобивка од индо-европските преселби), меѓутоа најголемиот интензитет на истите е во текот на овие миграции кои се случуваат на крајот на вториот милениум (Хиподром, Стоби, Варош, Мали Дол, Геникокастро, повеќе примери во Албанија кои ќе бидат проследени понатаму во текстот).[34]

[34] Петрова Е.1996, 67-120; Митревски Д. 1997, 25-27;

## 2.3 Железно време ( X век п.н.е. – први децении на V век п.н.е.)

Железното време во Македонија, делови на Албанија и Епир е епоха во која се воспоставуваат нови вредности на опшесвено економски и културен план кои се градат на основата која била поставена уште во бронзеното доба и кои што вредности ќе овозможат дефинитивно културно и етничко стабилизирање од кое што подоцна ќе произлезат античките вредности и култура.

Се дели на три развојни фази: рано, полно и доцно железно време.

- Раното желено време го опфаќа периодот од 10 до 8 век п.н.е. Тоа е периодот во кој сеуште се чуствуваат последиците од бронзеното доба и преодниот период, но се јавуваат и нови влијанија од соседството и пошироко. По катастрофите кои ги преживеала бронзенодопската популација во јужните делови на Балканот, посебно населбите по главните комуникации при неколкуте последователни бранови на воени походи од север (од карпатско-подунавскиот регион) кон југ кои се одвивале во текот на XII- XI век п.н.е започнува една нова етапа во која што истите се карактеризираат со опадната економска моќ и опаднат културен развој. Како што веќе споменавме почетокот на железното време се каратеризира и е дефиниран од навлегувањето на нови туѓи елементи однадвор, од средна Европа и западен Балкан, односно од халштадската средина. Некои од тие вредности брзо се напуштиле, други пак, наишле на добри услови за понатамошен развој, а некои биле прифатени, но подлежеле на адаптација за локалните вкусови и потреби. Со прифаќањето на овие елементи Македонија како целина се доближува до културите на север и северо-запад, додека пак во Албанија ситуацијата е поделена. Од халштатските елементи кои се инфилтрирале во железнодопската култура најзначајни за споменување се : либурнските и очилестите фибули, торквесите, белезиците со спирално навиени краеви, фалерите и сл. Сите освен либурнските фибули се јавуваат во почетокот на железното време време а својот развој го достигнуваат во полното железно време и се карактеризираат со унифицираност која прави да не се премногу хронолошки осетливи, додека пак либурнската фибула се јавува и исчезнува во раното железно време. 35Меѓутоа она што го детерминира раното желено

35 Митревски Д. 1997, 110-117, Mitrevski D. 2007, 443-450; Митревски Д. 2013, 220-223;

време е комбинацијата на овој „халштатски материјал" со формите кои се остатоци од бронзеното доба и нивната последна употреба е во раното железно време а тоа се : двојните игли за текстил ( кои се поедноставно изведени за разлика од оние од претходниот период), и двојните секири-лабриси, кои сега имаат изменета типологија и се среќаваат како двојни, тројни лабриси со култна намена.[36]

Керамичките форми се уште еден елемент од материјалната култура од бронзеното време кој продолжил скоро без никакви промени да се користи во железното време. Задржани се истите керамички форми на кои се напластиле поедини нови елементи кои потекнуваат од предниот период а нови форми кои потекнуваат од раното железно време сеуште не се познати. Притоа најдоминантни се: бокалите со косо засечен врат, длабоки шољи со една држалки и шољи со две држалки - кантаровидини шољи. Во зависност од тоа како е изведена профилацијата, рачките и декорацијата се јавуваат најразлични варијанти. Овие три форми кои ги споменавме се носители на македонската керамографија во железното време и во оваа почетна фаза иако сеуште нема јасно издиференцирани локални разлики. Тоа настанува во наредната фаза, односно полното железно време. Сепак треба да се напомене дека посебни карасктеристики покажуваат садовите од Охридскиот и Пелагонискиот регион каде керамиката не само што има поинаква фабрикација туку декорирањето е правено со мат боење врз површината на садовите. Ова се должи на тоа што овие региони не биле дирекно изложени на деструктивните процеси кои се одвивале во преодниот период ( пр. Во Повардарскиот регион е прекината продукцијата на мат боени садови), а исто така овие региони не само сега туку и во претходните праисториски периоди остварувале посебна врски со југоисточна Албанија и северо-западните делови на Грција, Епир за во овој период истите да резултираат со формирање на единствена *западно македонска керамичка група на железно време* како и да се прифатат и други вредности кои ќе ги разгледаме малку подолу во текстот. [37]

Што се однесува до погребувањето во раното железно време во Македонија и Албанија битно е да се напомене дека тоа е едно од најистражуваните прашања од овој период со кои што истражувања дојдено е до доста интресни и речити податоци

[36] Hammond N.G:L. 1982, 626-642; Митревски Д, 1997, 113-114;
[37] Митревски Д. 2013, 222;

но сепак постојат многу загатки кои сеуште чекаат одговор. Погребувањата од овој период не претставуваат никаков новитет, туку една нова етапа во скелетниот начин на погребување. Саплувањето како начин на погребување кое што ни беше познато од преодниот период и во Албанија од раното бронзено време имало само повремен карактер и не се аплицирало на целата територија додека пак инхумацијата и нејзиното воведување и практикување е еден подолг процес кој започнал во бронзеното време а течел и се развивал и низ преодниот период а бил прифатен како влијание од Егеја иако постојат и размислувања дека дури и спалувањето потекнува од овие региони.[38] Разликата помеѓу погребувањата од железно и бронзено време е полагањето на покојниците. Во бронзено доба покојниците биле положувани во згрчена положба свртени лево или десно во зависност од полот, додека во железното време се јавува испружена инхумација која е општ и единствен погребен ритуал за сите заедници од Македонија и Албанија. Од гробните конструкции најзастапени се гробовите цисти а има и такви кои се оформени од обични камења. Новитети се јавуваат во организацијата на гробовите. Паралелно се практикуваат рамните некрополи кои се продолжение од претходниот период а новитет е погребувањето под тумули. Нивната појава, и развој зависат од степенот на социјалниот и економскиот развој на заедниците и се главен индикатор за опжествените и социо- економските промени кои се случуваат во заедниците во железното време. За типовите и нивните карактеристики поопширно ќе се задржиме во наредните поглавја а тука само накратко би спомнале дека се разликуваат два типа и тоа „родовско- клановски„ кои се постари и „семејни„ тумули кои се карактеристични за полното железно време кога и престанува нивната употреба. И едните и другите ги има на целата територија опфатена во магистерскиот труд, меѓутоа во Македонија сеуште имаат низок степен на истраженост со што нема доволно податоци за да се оформи покомпелтна слика иако во последнава деценија се прават напори да се промени тоа. Сепак од она што досега го имаме како податоци заклучено е дека тие како тип на организација на погребаните се врзани за поконзевативните и главно сточарски региони каде подолго е практикуван обичајот и каде најдоцна се распаднал родовско племенскиот систем и најдоцна се осетила силната социјална диференцијација поради која тумулите излегуваат од употреба.[39]

---

[38] Garašanin 1982, 170-175; idem 1983, 790-792; Митревски Д, 1997, 65-70; Prendi 1982, 228-230;
[39] Митревски Д. 1997, 102-109; Idem 2013, 222-224

Полното железно време трае од VIII до VI в. п.н.е. Во овој период имаме целосно воспоставени и стабилизирани социо-економски и културни вредности и веќе може да се зборува за железно време во вистинска смисла на зборот. Создадени се услови за континуиран развој од кои ќе произлезе креирањето на највисоките културни дострели , односно тоа е периодот во кој е достигнат зенитот во секој аспект од железновременското живеење во следната етапа развојот на заедниците дијаграмски гледано или ќе претставува хоризонтална линија односно ќе продолжат да се практикуваат истите вредности без посебни промени ( што важи за поконзервативните региони) или пак ќе добие една сосема нова димензија односно постепено вредностите кои се негуваат ќе влезат во сверата на она што се дефинира како рана антика. Како што спомнавме во оваа етапа дошло до истакнување на повеќе регионални групи кои иако меѓусебно комуницираат главно се разликуваат по своето гравитирање кон одреден поширок културен комплекс од кои произлегуваат разликите, а од друга страна постојат елементи во материјалната култура кои пак се единствени за групите поединечно или пак земени како целина кои ги оделуваат од останатите културни групи или останатите културни комплекси ( пр. Македонско-пајонските култни бронзи кои се најсилна карактеристика на железното време во Македонија). [40]

Се издвојуваат неколку такви микро-региони односно локални групи кои ја покриваат целата територија на Р. Македонија, а тоа се : Гевгелиската односно Долновардарската група, Скопско-кумановскиот заедно со велешко брегалничкиот регон, Пелагониската група и Охридската група, Деволскиот регион, Корчанскиот регион и др. Во овој дел не би се задржувале премногу на разликите помеѓу овие групи бидејќи тие не се тема на овој магистерски труд.

Доцното железно време во претставува еден спој или подобро кажано преоден период на културата од железновременска во античка. Овој премин и сите промени што следувале со него биле неминовни поради непречениот развиток и стабилните услови со кои се одликувало полното железно време. Економскиот развој и развојот на дејностите сугерирал потреба за организација во поголеми заедници, но и довел до јасно изразени социјални и економски разлики и истакнување на новонастаната племенска аристократска класа. Хронолошки оваа

[40] Bouzek J. 2006, 97-109

последна фаза на железното време трае многу кратко и тоа последните неколку децении од VI и првите неколку децении на V век п.н.е. [41] Во овој период веќе имаме историски извори кои го потврдуваат постоењето и именуваат одредени племенски заедници кои ја населувале територијата на Македонија а познати и имињата на некои локални лидери – кнезови. [42] Гледајќи од културен аспект во овој период настанува мешавина на традиционалните домашни вредности кои дотогаш биле практикувани и нови елементи кои во најголема мера доаѓале од Егеја и Мала Азија кои на домашните вредности и културни манифестации му даваат доцноархајски белези и ги исфрлаат од праисториските рамки, но не целосно бидејќи во некои свери на пр. како организацијата на населбите, керамографијата, погребните обичаи продолжено е негувањето на вредностите од железно време. Населбите во овој период последователно ја живееат својата последна железновременска фаза за потоа постепено да преобразуваат во веќе протоурбани и урбани населби, ова важи посебно за регионите кои што комуницирале со југот а додека пак во поконзервативните региони уште долго ке се практикува железно временскиот начин на живеење. Истото важи и за движниот материјал како керамиката, накитот и оружјето. Паралелно се практикуваат и веќепостоечките форми, но постојат и културни струеења од поразвиените региони кои ќе резултираат најпрво со првите импорти а потоа и со правење на локални имитации на истите.[43]

Најсилен белег на овој период се „кнежевските погребувања " кои се израз на моќта на локалните владетели кои во секој поглед настојувале да се издвојат од обичното население .[44]

[41] Митревски Д. 1997, 135-156; Митревски Д. 2013, 232-235;
[42] Петрова Е, 1996, 135-164
[43] Митревски Д. 2013, 233;
[44] Babić S. April 2002, 70-88; Митревски Д. 1997, 156-171

# 3. КАТАЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ТУМУЛАРНИТЕ ПОГРЕБУВАЊА ЗАПАДНО ОД РЕКАТА ВАРДАР

## 3.1 Тумуларни погребувања во Пелагонија




**Карта 1** - *тумуларните погребувања во Пелагонија:*

*1. „Височи“- Беранци; 2.„Сламите“- Вепрчани; 3. „Бели Камења“; 4.„Страгата“; 5. „Три Дабици“; 6. „Попов Дол”; 7. „Плоча“; 8. „Бел Камен“; 9.„Стари Лозја“; 10. „Каранка“; 11. „Сламите“; 12.„Конопишта“; 13. Барата*

### 3.1.1 „Висои “- с. Беранци[45]



*-Основа на тумулот I во „Висои“, с. Беранци.*

- *Општина/местоположба:* Беранци, Битола. Некрополата се простира на блага падина која се спушта кон коритото на р. Црна која се наоѓа 3 км јужно од селото Беранци и 12 километри северно од Битола.
- *Број на могили*: Точниот број не е утврден меѓутоа во литературата се спомнува дека се работи некропола која содржи од 3 до 9 могили кои се поставени во ист правец на меѓусебно растојание од 300 до 500 метри.
- *Истраженост:* Локалитетот случајно е откриен со орање, а археолошки истражувања се вршени во 1954 од Народниот Музеј, Битола..
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот на истражуваниот тумул изнесува 23 м. Додека пак за висината немаме прецизни податоци, меѓутоа во литературата се споменува дека тумулот, како и останатите на оваа некропола припаѓал на групата ниски тумули.

[45] Mačkić P., Simoska D. 1954, 208-210; Mikulčić I. 1966, 14-17; Hammond, 1982, 642-653; Митревски Д. 1997, 96-100,102-110,280-281; Митревски, 2013, 221-223

- *Тип на истражената могила:* Двојна могила, родовско-калновски тип.
- *Број на погребувања:* 44 гробови
- *Гробни форми:* Во однос на гробната форма на некрополата се забележува унифицираност. Сите гробови се гробови цисти изградени од кршени камени плочи, а истите биле прекривани со поголеми камени плочи. Овде би кажале и нешто повеќе за распоредот на гробовите на досега најголемиот тумул откриен на територија на Р. Македонија: во средината поставен е централен гроб со ориентација З- И. Околу него се наоѓа пазен простор чии што пречник изнесува 6 м. и е обележан со венец од кршени белутраци.

  Околу овој венец радијално се поставени 24 гробови кои го исполнуваат појасот.

  Наредните 10 гробови се исто така радијално поставени и во зависност од централниот гроб, а се расположени околу првата низа од 24 гробови.

  Последните 9 гробови не се ориентирани радијално туку 6 од нив го следат венецот од камења кој го опфаќа целиот тумул, еден е вкопан помеѓу гробовите од првиот круг, а останатите два се вкопани во средишниот празен простор кој имал функција да го оддели првото најстаро погребување од останатите. Истите се многу поплитко вкопани од централниот гроб а еден од нив со својот северен дел го допира централниот гроб.

  Тумулот припаѓа на таканаречените двојни тумули и покажува блиски аналогии со тумулите во Албанија и Северна Грција, меѓутоа исто така блиски на него се и дел од тумулите откриени во Македонија и останатиот дел од балканот.[46]
- *Погребен ритус:* Инхумација. Само во централниот гроб единецот е положен во згрчена положба, а во останатите имаме испружено положување на покојниците.
- *Движен материјал:* Од движен материјал се најдени доста предмети. Во централниот гроб се откриени скифос и лабрис. Садот најверојатно бил локална продукција во „гранари“ стил а според формата се препишува на садовите од доцно бронзено време, односно L.H IIIC2 фазата или уште во

[46] Митревски Д, 1997,

литературата познат како суб микенски период.[47] Лабрисот е со средно европско потекло и е се датира во периодот Халштад А1 што во потполност одговоара на садот. Во останатите гробови се откриени голем број на фибули, наочарести белегзии, врвови на копја и керамички садови кои се стандарден инвентар на гробовите од железно време.

- *Датација*: Според материјалот а и самата архитектура и организација на тумулот, истиот се датира во периодот од XII –VI в.п.н.е.

### 3.1.2 „Сламите"- с. Вепрчани[48]




*Основа на тумулот I во „Сламите"- с. Вепрчани*

- *Општина/ местоположба:* с. Вепрчани, Прилеп. Тумулот се наоѓа околу 2

[47] K. Kilian, 1983, 786-792;
[48] A. Mitkoski, A. Bulatović, I. Mikić, 2016, 27-57.

км северо- западно од село Вепрчани.

- *Број на тумуларни погребувања:* бројот не е прецизиран.
- *Истраженост:* Истражувања се направени на еден тумул во рамки на две кампањи: 2010 и 2012 година од страна на Завод и Музеј – Прилеп. Раководител на ископувањата бил Александар Миткоски.
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот е 11.4 метри, а зачуваната висина пред ископувањата изнесувала 0.9м.Тумулот најверојатно бил повисок меѓутоа со ерозијата која следела потоа дел од камењата се растуриле околу тумулот. Меѓутоа ова се димензиите на тумулот од римски период, кој што е подигнат врз предисториски тумул, чии димензии не се јасни. Единствен индикатор за димензиите претставува окерестата подлога која била со малку поголем дијаметар од подоцнежниот тумул.
- *Тип на истажените могили:* ниска могила
- *Број на погребувања:* 9 од кои што два (гроб 1, 4) со сигурност може да се препише на на предисторискиот тумул. Сепак бројот на предисториски погребувања не е утврден. Во гробот се откриени и други предмети од предисторијата кои се вон гробот.
- *Гробни форми:* Немаме унифицираност. Гробовите 2,3,7 и 8 се гробови цисти, направени од камени плочи. Гробовите 4 и 5 се формирани од кршени камења. Гробот 9 е пресечен во камен, а гробот 6, каде што се откриени од дислоциран покојник е оивичен со една поголема плоча. Јужно од тумулот е откриен гробот 1 кој претставува целина исто така оивичена со помали и поголеми камења.
- *Погребен ритус:* Во гробовите откриени во тумулот применето е инхумирање на покојниците, а во гробот 1, кој како што спомнавме се наоѓа јужно од тумулот се откриени остатоци на спалување.
- *Движен материјал:* На предисторискиот период се препишуваат предметите откриени во гробот 4 (сад положен во близина на главата), како и еден салталеон како и канелирано садче откриени меѓу римските погребувања, а во близина на гроб 4, па поради тоа истражувачите се на мислење дека истите можеби припаѓаат на гробот 4. Гробот 1 е кремација. Околу него се откриени неколку метални наоди. Како и керамички

материјал: двоен сад со врежани паралелни и брановидни линии, едно цилиндрично садче со мат сликање како и држалки од хеми-сферичен сад.

- *Датација*: Погребниот простор бил користен во два наврати. Во праисторијата употребата се однесува на Br D и Ha A, односно преодниот период од бронзено во железно време. Следното користење на тумулот како погребен простор е во доцно-римскиот период. Римските гробови широко се датираат од страна на авторите во 3ти, 4ти, 5ти век од наша ера. На преодниот период припаѓаат гробовите 4 и 1.

## 3.1.3 „Страгата"- с. Крушевица (сл. 2-4)[49]

- *Општина/ местоположба:* с. Крушевица, Прилеп. Некрополата е сместена на пониските падини на ридот сместен на левиот брег од Крушевичка река на само 2,5 км источно од селото.
- *Број на могили:* 1
- *Истраженост:* Тумулот е целосно истражен во 2001-та година од страна на Завод и музеј – Прилеп, под водство на археологот Александар Митковски
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот на тумулот изнесувал 15 м, а бил висок околу 1 м. пред започнувањето на ископувањето.
- *Тип на истражените могили:* родовско- клановски.
- *Број на погребувања:* 77 од кои само 5 припаѓаат на првичниот тумул од предисторискиот период. Останатите биле направени во текот на доцната антика и раниот среден век.
- *Гробни форми:* Цисти од камени плочи.Подовите на овие 5 гробови биле скоро целосно премачкани со глина со цел да се зацврсти конструкцијата на гробот, а потоа, при затворањето на гробовите повторно е искористена глина како средство за зацврстување на камените плочи кои ги прекривале гробовите. За конструкциите се искористени подобро и полошо обработени камени плочи.

---

[49] Миткоски А. 2010,58-60



*Основа на тумулот I „Страгата"- с. Крушевица*

- *Погребен ритус:* Инхумација во испружена положба. Она што е интресно за оваа некропола е тоа што постојат примери на реупотреба на гробната конструкција за секундарно погребување. Притоа коскените остатоци биле собирани и полагани во висина на нозете на овиот покојник. Поради

реупотребата на тумулот во подоцнежните периоди скоро сите предисториски гробови биле нарушени.

- *Движен материјал:* За жал предисторискиот археолошки материјал откриен во тумулот неможе да се поврзе за ниту една од предисториските гробни конструкции. Воглавно се работи за керамички материјал од кој што еден фрагмент е со мат сликање а останатите воглавно се фрагменти на погруба керамика. Ги имаме и држалките со две испакнувања како рогови, Од останатите декорации се среќаваат напречното канелирање и канелирањето на ободот „turban-dish". Покрај големите складишни садови и пураноите имаме фрагменти и на стандардната керамографија од овие последни фази на предисторијата: бокали со засечен врат, кантаровидни садови и сл.
- *Датација:* Предисториските погребувања припаѓаат на доцното бронзено време и железното време ,а останатите 72 гробови биле поставени во текот на доцната антика и раниот среден век.

### 3.1.4 „Три Дабици" – с. Крушевица[50]

- *Општина/ местоположба*: тумулот се наоѓа во атарот на с. Крушевица. 2км северозападно од селото, на еден карпест рид со издолжена форма.
- *Број на тумуларни погребувања:* На локалитетот се откриени три тумули од кои два биле скоро целосно уништени.
- *Истраженост:* Најсочуваниот тумул подлежел на археолошки ископувања кои биле изведени во 2002 година под водство на А. Миткоски од Завод и музеј – Прилеп. Тумулот III бил на поголема оддалеченост од останатите два тумули и се наоѓал на највисоката точка од ридот на кои биле положени.
- *Димензии на истражените тумули:* Тумулот имал дијаметар од 12

м, а бил висок околу 0,82 м. Насипот бил оформен од нафрлан аморфен камен. Постоел и ограден ѕид од обработени и необработени камења кој бил составен од неколку редови. При ископувањата констатирана е висина од 0,35-0,45 м и ширина од 0,55м.

---

[50] Миткоски А. 2008, 10-11

Од западната страна во внатрешниот дел од тумулот се оформува тесна патека која го опкружува внатрешното, централно, камено јадро. Авторот мисли дека најверојатно се работи за влез во тумулот.




*Основа на тумулот I во „Три Дабици“ – с. Крушевица*

- *Тип на истражените могили*: Најверојатно се работи за ритуален тумул или

тумул кенотаф.[51]

- *Гробни форми*: /
- *Број на погребувања:* 0
- *Погребен ритус: /*
- ***Движен материјал:*** Во насипот се откриени фрагменти на погруба керамика со примеси на камчиња и сл. Дел имаат механички измазнета површина. Според фактурата неможе да се изврши попрецизна датација.
- ***Датација:*** Широко датиран во бронзеното време.

** Во округот на село Крушевица во 2016 и 2017 се направени ископувања на уште два тумули кои биле создадени во почетокот на железно време а продолжиле да се користат во доцно античкиот период. Извештаите за ископувањата сеуште не се објавени.*

## 3.1.5 Барата“ -с. Чаниште (сл. 5,6)[52]

- *Општина/ местоположба:* Некрополата се простира на блага падина која од возвишението „Попов нос“ се спушта на запад и југозапад кон коритото на Крушевичка река и истата се наоѓа 1,5-2км северо источно од селото Чаниште, Прилепско.
- *Број на тумуларни погребувања: 3*

  *Истраженост:* Тумулите од овој локалитет се забележани од страна на Иван Микулчиќ кој заедно со уште неколку други локации ги заведува како тумули од Локалитетот „Убава глава“ и притоа дава некои основи информаци за истите. Меѓутоа први археолошки ископувања на локалитетот се вршени во 1994 од страна на Заводот и Музејот на град Прилеп и тоа само на Тумулот I.
- *Димензии на истражените тумули:* Некрополата содржи три тумули кои се распоредени по падината во правец североисток-југозапад. Тумулот I со пречник 15 м и висина 1.25 м. се наоѓа на југозападната страна, 150-200 м североисточно од него е Тумулот II кој е доста уништен но сепак успеал да се

[51] Benac A., 1986, 41, 83
[52] Митковски А. 2010, 60-62

запази неговиот пречник кој изнесува 15 м. Тумулот III е лоциран источно од Тумулот II и исто така има кружна форма и нешто помал пречник од 11 м и висина од 1,1.0м.

- *Тип на тумули:* Двојни, клановско-родовски тумули.
- *Број на погребувања: 10*




*Основа на тумулот I во „Барата" с. Чаниште*

- *Гробни форми:* Девет од гробовите припаѓаат на типот цисти. Осум од нив се поставени радијлно околу еден поголем гроб кој се наоѓа во јужната половина на могилата. Четири од гробовите се поплочени со камени плочи додека во останатите покојниците биле положувани директно на земја. Гробовите биле прекриени со тенко цепени и попречно поставени камени




*Пресеци на тумулот I во „Барата“ с. Чаниште*

плочи. Еден од гробовите означен како гроб 10 е последно употребен и не ја следи ориентацијата кон централниот гроб кој пак е означен како гроб бр. 9. Тој бил ориентиран во правец исток- запад и со своите димензии и конструкција се издвојува од останатите. Гробот бил прекриен со неколку

слоја поситен камен кој најверојатно целосно го прекривал гробот и формирал мал насип. Се смета дека покојникот бил инхумиран иако нема одтатоци од коси. Неговата гробна конструкција подоцна е оштетена со вкопување на гроб , означен како гроб бр. 2. И овој како и претходниот имал ограден ѕид со елипсовидна форма, направен од аморфни камења со различна големина и исто насип врз себе. Се чини дека ова било направено со тенденција за преземање на улогата. Овде би спомнале уште еден гроб кој се издвојува од останатите а тоа е гробот нумериран како гроб бр.8 кој претставува мала убаво оформена циста со погребување со кремација .

- *Погребен ритус:* Инхумација и кремација
- *Движен материјал:* Од движниот материјал откриени се голем број на фрагменти од керамички садови кои се изработени од делумно прочистена глина и добро печени, со делумно измазнета површина и повеќето украсени со канелури а некои од нив изработени и на грнчарско колце.

- *Датација:* Според истражувачите а врз основа на поедини примероци на покарактеристичен материјал се смета дека употребата на тумулот започнала, односно првите погребувања се во првата етапа – раното железно време но најголемиот број на погребувања биле извршени во полното железно време. Додека пак гробот со кремација ни сведочи за последните етапи на железното време и почетокот на раната антика.[53]

### 3.1.6 „Попов Дол"- с. Мојно[54]

- *Општина/ местоположба:* с. Мојно, Битола. 1км источно од селото на сртот на Петков дол.
- *Број на тумуларни погребувања: 3*
- *Истраженост:* Локалитетот е првпат регистриран за време на акцијата 1961-64 организирана за Archeol. Karta Jugoslavije. А потоа во 1962 извршено е контролно ископување на два гробови.
- *Димензии на истражените тумули:* Тумулите имале дијаметар од 105м/ 15м / 9м. За висината немаме податоци но најверојатно се работи за не многу високи тумули.
- *Тип на истражените тумули:* Неможеме со сигурност да кажеме дали истите припаѓаат на групата на двојни тумули меѓутоа камен прстен кој ги опколува е забележан на сите три. Тие исто така припаѓаат на родовско-клановските тумули кои имаат централен гроб, а околу него радијално се поставени останатите.
- *Број на погребувања:* немаме информации. Само два се истражени.
- *Гробни форми:* Камени цисти направени од грубо делкани камени плочи.
- *Погребен ритус:* испружена инхумација.
- *Движен материјал:* Во извештајот имаме информации за керамичкиот материјал низ кој се јавуваат типични халштатски форми (плитки садови со

[53] Д. Митревски, 1997

[54] Mikulčić I. 1966,14; Митревски Д. 1997,301

дебели ѕидови со вовлечен обод и понекогаш украсени со коси канелури).

- *Датација:* Првите погребувања во тумулот биле извршени кон крајот на бронзеното доба или во преодниот период, а тумулот продолжил да се користи во доцната антика и средновековието.

### 3.1.7 „Плоча"- с. Мојно[55]

- *Општина/ местоположба:* с. Мојно, Битола. 1. км јужно од селото на падината „Плоча".
- *Број на тумуларни погребувања:* 1
- *Истраженост:* Локалитетот е регистриран за време на акцијата 1961-64 организирана за Archeol. Karta Jugoslavije. Потоа не се вршени археолошки истражувања.
- *Димензии на истражените тумули:* имаме информации само за дијаметарот на тумулот кој изнесувал скоро 17 м. А регистриран е и камен прстен кој го обиколувал гробниот простор.
- *Тип на тумул: /*
- *Број на погребувања:/*
- *Гробни форми:/*
- *Погребен ритус: /*
- *Движен материјал: /*
- *Датација:* Поради недостиг на движен археолошки материјал не е извржено датирање на некрополата, но со оглед на постоењето на камениот прстен се смета дека првичната употреба ја имал во предисторијата, можеби истовремено со тумулите од локацијата "Попов Дол" која се наоѓа во округот на селото.

[55] Mikulčić I. 1966, 14;

## 3.1.8 „Бел Камен“ – с. Мојно[56]

- *Општина/ местоположба:* с. Мојно, Битола. Некрополата е лоцирана на падината Бел Камен која се наоѓа 2 км западно селото.
- *Број на тумуларни погребувања:2*
- *Истраженост*: Локалитетот е регистриран за време на акцијата 1961-64 организирана за Archeol. Kartu Jugoslavije. Потоа не се вршени археолошки истражувања.
- *Димензии на истражените тумули:* според првичниот извештај дијаметарот на двата тумули изнесува околу 18 м.
- *Тип на тумул:/*
- *Број на погребувања:/*
- *Гробни форми:* за разлика од останатите тумули каде што најчеста гробна конструкција се камените цисти, на овој локалитет се забележани едноставни гробни јами
- *Погребен ритус: /*
- *Движен материјал:* Откриено е големо количество на керамички материјал во насипот на тумулите меѓутоа се работи за фрагменти кои не се премногу хронолошки осетливи и поради тоа извржена е само поширока датација – бронзено и железно време.
- *Датација:* Поради недостиг на движен археолошки материјал не е извржено датирање на некрополата, но со оглед на постоењето на камениот прстен се смета дека првичната употреба ја имал во предисторијата, можеби истовремено со тумулите од локацијата “Попов Дол“ која се наоѓа во округот на селото.

[56] Idem 1966, 14

### 3.1.9 „Стари Лозја“- с. Орле[57]

- *Општина/ местоположба:* с. Орле, Битола. Некрополата е лоцирана 1,2 км југоисточно од селото.
- *Број на тумули:* Откриени се 6 тумули од кои два се наоѓаат на самиот срт, а додека останатите 4 се наоѓаат во подножјето на падината.
- *Истраженост:* На локалитетот е извршено само рекогносцирање од страна на проф. Д-р. Иван Микулчиќ.
- *Димензии на истражените тумули:* Двата тумули на сртот се со дијаметри 9 и 12 м, а кај останатите четири дијаметарот се движи од 8 до 16 м. Сите се оградени со камен прстен од масивни камења.
- *Тип на тумули:* /
- *Број на погребувања*: Немаме податоци, извршено е само рекогносцирање
- *Гробни форми:/*
- *Погребен ритус: /*
- *Движен материјал: /*
- *Датација: /*

### 3.1.10 „Каранка“- с.Рапеш[58]

- *Општина/ местоположба:* Рапеш, Битола. 1 км северно од селото.
- *Број на тумуларни погребувања:* 1?
- *Истраженост:* При обработка на земјата од страна на мештаните во 1972 случано се откриени наоди од растурен гроб или повеќе гробови
- *Димензии на истражените тумули: /*
- *Тип на тумул:*
- *Број на погребувања:/*

---

[57] Idem 1966, 14

[58] Митковски А. 2010, 62

- *Гробни форми:* Откриените гробови според конструкцијата се гробови цисти покриени под ниски тумули најверојатно слични на оние од соседниот локалитет „Сламите“.
- *Погребен ритус:* Инхумација
- *Движен материјал:* При обработка на површината мештаните пронашле бронзени предмети – фибули кои биле предадени на музејот во Битола кои подоцна се датирани во XI- X век п.н.е
- *Датација:* Според горенаведеното може да се каже дека некрополата својот почеток на употреба го имала можеби кон крајот на бронзеното време или за време на преодниот период.

### 3.1.11 „Сламите“-с. Рапеш[59]

- *Општина/ местоположба*: с. Рапеш, Битола. Се работи за една поголема територија кај селото Рапеш која се простира по ридот кој е ограден со коритото на Маковска река. Во рамките на овој простор се издвојуваат две локации „Каменот“ и „Возишта“ кои меѓусебно се оддалечени 400 м , а исто така во близина на Некрополоите 150 м јужно од „Каменот “ најдени се остатоци од населба која се поврзува со овие некрополи.
- *Број на тумуларни погребувања:* немаме прецизна информација,

  авторката наведува дека се работи за поголема некропола составена од повеќе ниски тумули. Насипите на тумулите биле изведени од камен и земја.
- *Истраженост:* Најпрво во 1963 г случајно е откриен гроб чии што наоди денес се наоѓаат во Народниот Музеј- Битола. Потоа во 1989 г вршени се еднократни археолошки истражувања од страна на веќе споменатиот музеј притоа поставени се сонди на двете локации а на локацијата „Возишта“ еден тумул е целосно истражен.
- *Димензии на истражените тумули: /*

[59] Mikulčić I. 1966, 33;Василева М. 1993, 69-80; Митревски Д. 1997, 309-310

- *Тип на тумули:* Според Василева, првичниот тумул припаѓал на постарите, родовско- клановски тумули, со оглед дека централниот простор на тумулот е празен а останатите погребувања гравитираат околу истиот.
- *Број на погребувања:/*
- *Гробни форми:* гробови- цисти изведени од подобро и полошо обработени камени плочи
- *Погребен ритус:* инхумација
- *Движен материјал:* Од движниот материјал кој ги датира гробовите во железно време би ја споменале керамиката која е работена на грнчарско колце која во Македонија за прв пат се јавува во седмиот век п.н.е.[60] А исто така можеби еден од најинтресните артефакти воопшто пронајдени на тумулите во кај нас е антропоморфната стела.
- *Датација:* На тумулот се откриени две фази на употреба и тоа железно време, 7-6 век п.н.е и погребувања од доцноримскиот период.




***Основа на тумулот 1 во „Сламите“ с. Рапеш***

[60] Д. Митревски, 1997, 111;

## 3.1.12 „Конопишта“- с. Српци[61]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот е лоциран на венецот Конопишта 2 км западно од село Српци ( близу Беранци), Битолско.
- *Број на тумули:2*
- *Истраженост:* Не се вршени ископувања, локалитетот е само регистриран за време на акцијата 1961-64 организирана за Archeol. Kartu

  Jugoslavije.
- *Димензии на истражените тумули:* Регистрираните тумули се со пречник 10 и 14 м. Двата биле оградени со камен прстен.
- *Тип на тумули:/*
- *Број на погребувања: /*
- *Гробни форми:/*
- *Погребен ритус: /*
- *Движен материјал: /*
- *Датација:/*

## 3.1.13„Бели Камења“ – с. Живојно[62]

- *Општина/ местоположба:* с.Живојно, Битола. Тумулот е лоциран на 2 км источно од селото на самата источна периферија на Пелагониската рамнина.
- *Број на могили:* Немаме точна информација.
- *Истраженост*: Некрополата е откриена сосема случајно во 1956 г. Кога се откриени два гроба, а потоа се вршени минимални археолошки истражувања од стана на Археолошкиот Музеј- Скопје при што е откриен еден гроб.
- *Димензии на истражените тумули: /*

---

[61] Mikulčić I. 1966, 30

[62] Јосифовска Б. 1963; Mikulčić I. 1966, 30; Митревски Д, 1997,318

- *Тип на истражените могили:* /
- *Број на погребувања:* Откриени се само два гроба.
- *Гробни форми:* Масивни цисти од обработени монолитни камени плочи кои на аглите се споени со глина. Дното на гробовите било полочено само во делот на главата и нозете.
- *Погребен ритус:* Испружена инхумација.
- *Движен материјал:* /
- *Датација:* Според површинските наоди и наодите најдени во испитаните гробови употребата на некрополата се сместува во преиодот од VII-VI век п.н.е. односно полното железно време.

## 3.2 Тумуларните погребувања на територијата на Албанија




**Карта 2** - *тумуларните погребувања во Албанија- според Пренди*[63]

---

[63] Prendi F. 1988,15;

## 3.2.1 Штој- Скадарски регион64




*Основа и пресек на Тумул 6 – Штој, скадарски регион*

- *Општина/ местоположба:* Во близина на селото Штој кое што се наоѓа во општината Скадар, северна Албанија. Локалитетот е сместен источно од Скадарско Езеро.
- *Број на могили:* На локалитетот се забележани околу 160 могили, а

64. Andrea Zh.1983/4, 102-119; Кока А,1986. 254-255; Korkuti M, Petruso K.M., 1993, 703- 743; Govedarica B. 2016, 6-12;

археолошко ископување е извржено само на 11 од нив.

- *Истраженост:* Истражувањето на могилите било спроведено во прериодот од 1980 до 1990 во неколку наврати. Главните ископувања биле предводени од Аристотел Кока.
- *Димензии на истражените тумули:* Во литературата се сретнавме со податоци само за некои од остражуваните тумули:
  - Тумул VI - дијаметарот изнесувал 15 м, а бил висок околу 1 м. пред започнувањето на ископувањето. Тумулот бил формиран во неколку фази. Во првата фаза било формирано централното камено јадро со дијаметар од 14 м а во него бил поставен и централниот гроб, нумериран како гроб 15. Во втората фаза е поставен гробот 14, над најстариот гроб. А потоа истиот е засипан со промешан насип од камења и земја Во третата фаза тумулот се проширува и ги добива димензиите кои археолозите ги забележале за време на ископувањето.
  - Тумул VII - бил со дијаметар од 22 м а достигал висина од 1,60 м.
  - Тумул VIII - дијаметарот изнесувал 15 м, а бил висок 1,46 м.
  - Тумул IX - дијаметарот изнесувал 20 м а достигал висина од 0,75 м.
- *Тип на истражените могили:* се работи за големи, ниски могили кои биле користени и во повеќе периоди. Дел од могилите припаѓаат на клановско-родовските.
- *Број на погребувања:*
  - Во тумул VI вкупно се откриени 15 гробови.
  - Тумул VII содржел 3 гробови.
  - Во тумул VIII не се пронајдени погребувања.
  - Тумул IX содржел само едно погребување.
- *Гробни форми:* Кога се во прашање гробните конструкции, најинтресна е ситуацијата во Тумулот VI. Таму најстариот гроб е едноставна, но подлабока јама која е оивичена, обележана со поситен камен. Гробот кој бил изграден во наредната фаза е гроб циста, а останатите тринаесет гробови се повторно слободни јами кои биле заокружени со аморфни камења. Во останатите

тумули гробовите се цисти изведени од подобро или полошо обработени камени плочи.

- *Погребен ритус:* Испружена и згрчена инхумација. Иако скелетните остатоци се во навистина лоша состојба било утврдено дека во двата последователни централни погребувања положени се покојници во згрчена положба што заедно со движниот материјал најден во тумулот 6 и истиот го котираат доста рано во бронзеното време.
  - Гробот 13 од тумулот VI е секундарно искористен.
- *Движен материјал:* Повторно најинтересните примери произлегуваат од тумулот 6. Таму во насипот направен врз примарното погребување, откриени се 6 антропоморфни фигурини во форма на виолина. Аналогии на истите се најдени на локалитетот Малиќ, Аполониа, Ракиќа Куќе и пошироко на Пелопонез и грчките острови.[65] Во гробот 14 поставен над првичниот насип е откриен сад кој е сличен со садовите пронајдени во тумулите од Которац-цетинската група од раното бронзено доба. Останатите гробови припаѓаат на железното време, што е просведочено со керамиката. Истата дел е локална, украсена со врежување на геометриски мотиви, но исто така постои и импортирана грчка керамика. А откриени се и голем број на метални предмети и накит кои укажуваат на аналогии со тумулите откриени под долината на реката Мат.
  - Во тумулот 7 е откриена керамика која се поврзва со Цетинската култура. Во останатите два гробови се откриени фрагменти на импортирана грчка керамика од архајскиот период.
  - Во тумулот 8 каде не биле откриени погребувања, открени се само два керамички фрагменти кои авторот ги датира во железно време.
  - А во тумулот 9 се откриени еден керамички сад, бронзен салталеон и висулец – кои припаѓаат на VIII- VII п.н.е.
- *Датација:* Околу датирањето веќе беше расправано во делот кој се однесува на движниот материјал. Накратко би можеле да кажеме дека на локацијата погребувањето започнало најверојатно во раното бронзено доба, а истото

[65] B. Govedarica, 2016, 5-32;

продолжило низ текот на целото бронзено и железно време.

### 3.2.2 Шкрел – с.Дедај[66]

- *Општина/ местоположба:* Во близина на селото Дедај кое што се наоѓа во општината Скадар, северна Албанија.
- *Број на могили:* преку 40 могили се регистрирани на локалитетот.
- *Истраженост:* Ископувања се извршени од страна на B. Jubani во 1983, 1990 и 1991г. Вкупно се истражени 10 тумули.
- *Димензии на истражените тумули:* Тумулите припаѓаат на групата мали и средни могили и истите достигнуваат висина од 0,3 м до 1,8 м. а дијаметарот на истите се движи од 5,5м до 21,5 м.
  - *Тип на истражените могили:* Повеќето се тумули со централен гроб.




*Основа на тумул V во„ Шкрел"- с.Дедај*

- *Број на погребувања:* Од достапната литература познато ни е дека истите

[66] Z. Andrea, 1983/4, 102-119;

содржеле по еден централен гроб кој бил прекриен со насип во кој преовладувал каменот.

- Тумул I - Две централни погребувања едно врз друго- кремации.
- Тумул II - не е точно определено колку погребувања се извршени, меѓутоа се чеини дека просторот бил истот така каористен како спалиште а спалените коски биле фрлани во централниот дел на тумулот со дојаметар од 14 м.
- Тумул III - иста ситуација како во тумулот 2. Ре искористен бил во крајот на бронзеното време од кога што потекнува еден гроб- кенотаф пронајден на периферијата на тумулот.
- Тумул IV – еден централен гроб- циста во кој се положени остатоци од кремација. Извршени се и секундарни погребувања со кремација кои потекнуваат исто така од раното бронзено доба.
- Тумул V - централен гроб со инхумација во згрчена положба. Тумулот по кратко време бил повторно реупотребен при што е направен огромен масовен гроб каде што се измешани животински и човечки коски. Гробот се наоѓал над централниот гроб.
- Тумул VI- не се откриени коски, но во центарот е откриена пропалена земја.
- Тумул VII– не се откриени остатоци од човечки коски иако во насипот се пронајдени искршени садови и животински коски.
- Тумул VIII– ист случај како тумулот 7.
- Тумул IX - централен гроб со остатоци од кремација.
- Тумул X- во централниот дел се откриени остатоци од горење и помали фрагменти на коски.

• *Гробни форми:* едноставни јами со остатоци спалување прекриени со насип до камења. Во нкои од тумулите централниот гроб е циста. Подоцнежните гробови кои се направени во протоилискиот период најчесто се јами оивичени со аморфни камења.

• *Погребен ритус:* Згрчена инхумација и кремирање. Инхумацијата е

просведочена само со еден пример.

- *Движен материјал:* Исто како и во тумулите во Штој и тука се јавува керамика слична на онаа од групата Котор – Цетина. Гробовите се воглавно сиромашни, меѓутоа огромен број на фрагменти се откриени во насипот на могилите. Се работи за погруба керамика, црвено печена и украсена со ленти и псеудо- барботин.[67] Кај некои од садовите се забележува и украсување со врежување, обично се работи за цик-цак линии или тријаголници и разни геометриски мотиви.
- *Датација:* Сите од истражените тумули започнале да се користат во раното борнзено време и во целост наликувааат на тумулите од Цетинската група.

### 3.2.3 Бујан- Скадарска област[68]

- *Општина/ местоположба:* Некрополата се наоѓа во карпест предел по течението на реката Валбона над селото Бујан кое припаѓа на општината Скадар, во северна Албанија.
- *Број на могили:* 12
- *Истраженост:* Првите истражувања биле направени уште во 1936 г. Потоа во два наврати 1984 и 1986 продолжуваат археолошките ископувања под водство на Ж. Андреа и притоа се отворени три тумули (тумул VII,VIII,IX).
- *Димензии на истражените тумули:* дијаметарот на тумулите варира од 8 до 13 м. а додека пак висината од 0,80 до 1,55 м. Дел од тумулите се комплетно изградени од камен, Дел од тумулите имаат насип од земја но и камен прстен поставен околу централниот гроб. А некои од тумулите имаат промешан насип.
- *Тип на истражените могили:* мали тумули. Два од тумулите (II,III,V,VII,VIII,IX) се празни, па авторката ги препишува на групата тумули-кенотафи.
- *Број на погребувања:* За некои од ископувани тумули немаме никакви информации. Андреа наведува во своите текстови дека најсочуван од дванаесетте тумулу е тумулот означен со бројот IV, каде се откриени 6

[67] Jubani B. 1995, 55-73.

[68] Z. Andrea, 1986, 254; M. Korkuti, K.M. Petruso, 1993, 703- 743

погребувања.

Во тумулите III, V не се откриени гробни констукции, а насипот е направен целосно од камен, а отсуство на гробови имаме и во тумулите VII,VIII,IX каде што имаме промешан насип.

- *Гробни форми:* Гробните конструкции ни се познати само од тумулот IV. Се работи за едноставни гробни јами, вкопани во протохумусот кои биле оивични со аморфни камења а дел од нив биле и поплочени со ситен камен.
- *Погребен ритус:* На некрополата била практкувана и кремација и инхумација и тоа во згрчена и испружена положба. Кремацијата засега е просведочена со еден пример и според истиот утврдено е дека спалувањето се вршело надвор од гробниот простор.
- *Движен материјал:* Според керамиката откриена во насипот на празните тумули истите широко се датираат во бронзеното доба. А додека пак во тумулот IV се откриени и керамички садови и белегзии.
- *Датација:* Празните тумули Андреа ги датира во бронзеното доба. Вакви празни тумули се откриени на повеќе локалитети во Албанија, но и Балканот, а особено се карактеристични за Цетинската група.[69]

### 3.2.4 **Мич- Хас-општина Кукс**[70]

- *Општина/ местоположба:* Некрополата се наоѓа на десет километри од градот Кукс, во близина на течението на реката Дрим, на 700 метри надморска височина.
- *Број на могили:* 9 могили на 6 до 10 метри оддалеченост, последните три нумерирани како VII,VIII и IX биле целосно уништени.
- *Истраженост:* Истражувања направени во текот на 1988 од страна на М. Бела.
- *Димензии на истражените тумули:* тумулите имале пречници од 6

[69] Z. Andrea, 1986, 254; M. Bela, 1990/2, 97-136;
[70] Jubani, 1987, 170; N. Slavkovic — Öuric, 1964, таб. IV, 4; N. Buric, 1970,299, tab. VI, 1; F. Prendi, 1985, 1-72; A. Koka, 1986, 243, tab. III, 12;

до 13 метри, а сочуваната висина им е околу 0,60 метри.

- *Тип на истражените могили:* мали тумули. Во однос на архитектурата, тумулот V се разликува од останатите по тоа што е целосно изграден од камен.
- *Број на погребувања:* Вкупниот број на гробови во сите 6 могили е 37. Тумулот I има девет погребувања, тумулот II има 11 погребувања, тумулот III има 14 погребувања, а останатите тумули (IV,V и VI) имаат по едно погребување.




***Пресеци на тумулите со по едно погребување во Мич Хас***

- *Гробни форми:* Немаме унифицираност во гробните конструкции. Од авторот одговорен за ископувањата забележани се четири групи на гробни конструкции, форми:
    - Гробови цисти кои понекогаш се прекривани со поголеми камени плочи.Ова е најзастапена група.
    - Едноставни гробни јами оивичени со аморфни камења.
    - Едноставни гробни јами во кои на надолжните страни се ставани делумно обработени камени плочи (често користен е варовникот). Понекогаш има и поплочување на подовите.
    - Едноставни гробни јами.
- *Погребен ритус:* Применувани и двата ритуси: инхумација и кремација. Само во три гробови имаме остатоци од кремиран покојник. Констатирано е дека кремацијата била извршувана надвор од погребниот простор.
- *Движен материјал:* Најбројна е керамиката. Истата може да се подели на две групи:
    - Погруба керамика која била со поголеми димензии и најчесто откривана во фрагменти на некрополата
    - И фина керамика со мали димензии најчесто работена рачно но откриени се неколку примероци изработени на грнчарско коло. Истите најчесто се украсени со врежување, рељеф или пак дел од нив се и сликани кои се сврстуваат во Мат-Гласинац културниот ареал.

Што се однесува до металните наоди од оружјето имаме два бронзени доцно- микенски ножеви. Останатото оружје е изработено од железо и најчесто се работи за железни ножеви и глави на копја. Додека пак, накитот е поразновиден и е застапен преку железни игли типични за железното време, белегзии, спирали и ѓердани од метални мониста, ќилибар и стаклена паста.

- *Датација:* Тумулите биле подигнати кон крајот на бронзеното време, односно преодниот период, а продолжиле да се користат низ целото железно време. Конкретно, според истражените гробови и материјалот само тумулот III припаќа на првата фаза со гробовите 2 и 14.

### 3.2.5 Круме- општина Кукс (сл.7)[71]

- *Општина/ местоположба:* Во областа Кукес, северо- источна Албанија.
- *Број на могили:* 24.
- *Истраженост:* 8 могили се истражени во 1967 г. од страна на Б. Јубани.
- *Димензии на истражените тумули:*
    - Тумул 1 и 2: диаметар 14 м, висина- 0.90/ 0,96 м.
    - Тумул 3: Диаметар 7 м, висина 0,32 м.
    - Тумул 4:Диаметар 14 м, висина 0,52 м.
    - Тумул 5: Диаметар 14 м, висина 0,66 м.
    - Тумул 6:Дијаметар 13 м, висина 0.56 м.
    - Тумул 7 и 8: Дијаметар 12 м., висина 0.44 м.
- *Тип на истражените могили:* Повеќето од нив се могили со централно погребување. Биле насипани со земја а во годниот дел од насипот биле нафрлани и камења.
- *Број на погребувања:*

  - Тумул 1: 5 погребувања.

  - Во тумулот 2 не се откриени погребувања.

  - Тумулите 3 и 4 содржат две погребувања.

  - Тумулите 5 и 8 содржеле три погребувања.

  - Тумулот 6 прекривал 8 погребувања.

  - Тумулот 7 прекривал 7 погребувања.

---

71 **Krumë**: Jubani 1982,147-195;




*Распореденост на могилите во Круме*

- *Гробни форми:* Од сите досегашни тумули кои беа разгледани може да се каже дека во тумулите во Круме имаме најчудни форми на гробни конструкции. Телата биле положувани во простои делумно оивичени со камен, прекриени или непрекриени. Дел од погребувањата биле едноставно положени на земја.
- *Погребен ритус:* Инхумација. Некои од гробовите биле празни. Без коски и без осттоци од пепел.
- *Движен материјал:* од движниот материјал откриени се фрагменти од садови кои припаѓале на иницијалната фаза на тумулите. Цели садчиња се откриени од втората и третата фаза.

Металние наоди се доста скудни и се претставени со неколку лачни фибули, бронзени перлички, а откриен е и еден фрагмент кој изгледа дека припаѓа на некој бронзен приврзок. Откриени се и перли од стаклена паста.

- *Датација:* Могилите биле подигнати во 12 век а континуирано биле користени до 8 век п.н.е. Потоа втората фаза на употреба е крајот на железно време односно 6-5 век п.н.е. А подоцна се реупотребуваат во 4 век од нашата ера.



*Тумул VI во Круме*

### 3.2.6 Мујај- општина Кукс[72]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот се наоѓа на 1.5 км од пештерата Дајч, во подрачјето на општина Кукс. Тумулите се поставени на 1250 м надморска висина.
- *Број на могили:* 3
- *Истраженост:* Ископување на сите три могили е спроведено од страна на М. Била во 1987 г.
- *Димензии на истражените тумули:* Тумулите имаат мали димензии. Пречниците се движат максимално до 10 м. а додека висината која ја достигнуваат тумулите е од 0,20 до 0,50 м. Сите три имаат мешан насип.
- *Тип на истражените могили:* /
- *Број на погребувања:* Вкупниот број на гробови е 18. Тумулот 1 содржел само еден гроб. Тумулот 2 прекривал 3 гробови, а тумулот 3 прекривал 14 гробови.

[72] M. Bela, 1987, 243-244; Mkorkuti, K. Petruso M, 1993, 703-743;

- *Гробни форми:* Преовладуваат камените цисти.
- *Погребен ритус:* 16 инхумации и 2 кремации.
- *Движен материјал:* Тука би ја споменале локалната керамика. Исто како и во претходниот случај најзастапени се садовите со две држалки кои го надвисуваат ободот. Исто така во гробовите откриена е и една импортирана чаша од доцно архајскиот период. Од металните наоди најексклузивен е бронзениот круг со три испакнатини од типот Требеништа IIIb и еден бронзен висулец кој се датира не порано од 6 век п.н.е.
- *Датација:* Тумулите најфрекфентно биле користени во 6-5 век п.н.е.

### 3.2.7 **Бардок- општина Кукс**[73]

- *Општина/местоположба:* Локалитетот се наоѓа во близина на селото Бардок во општина Кукс, северна Албанија. Во непосредна близина е и голема населба позната под името Градиште Бардок.
- *Број на могили: 2*
- *Истраженост:* ископувања се направени од Хоти во 1974
- *Димензии на истражените тумули:* Тумулот 1 е до дијаметар 16x13 м. и достигнува висина од 1.30 м.
- *Тип на истражените могили:* Неможе со сигурност да се зборува за типот на истражените могили. Со оглед на тоа што двата најстари гроба од двете могили потекнуваат од 12-тиот век п.н.е. најверојатно се работи за могили со централно погребување, за потоа повторно кон крајот на железнотото време да бидат реупотребени.
- *Број на погребувања:* вкупно во двата тумули се подигнати 34 гробови. Триесет се откриени во тумулот 1.
- *Гробни форми:* За изградба на гробните конструкции и дел од насипот на тумулот биле користени речни камења. Поголемиот дел од гробовите се јами

---

[73] A. Hoti, 1982, 14-15; Z. Andrea, 1983/4, 105;

оивичени со камења, а има и слободни јами како и гробови цисти.



*Основа на тумулот 1 – Бардок*

- *Погребен ритус:* Инхумација.
- *Движен материјал:* Во најстарите гробови откриени се закривени бодежи и ножеви со егејско потекло, а исто така откриена е и игла со чауреста глава исто така датирана во средно бронзено доба. Останатите надои се типични за доцното железно време, како омега иглите, листести железно копја. Керамиката е работена рачно. Иако нема




*Основа на тумулот 1 – Бардок*

- *Датација:* Некрополите биле формирани при крајот на средното бронзено време, а продолжиле да се користат во доцното железно, 6-5 век п.н.е.

### 3.2.8 Цинамак (Çinamakut)- општина Кукс [74]

- *Општина/ местоположба:* општина Кукс.
- *Број на могили:* 28
- *Истраженост:* Во 1969 е спроведено ископување од B. Jubani каде што се оворени 4 тумули.
- *Димензии на истражените тумули:* Некои од тумулите достигнувале дијаметар од 30 м.
- *Тип на истражените могили:* Се работи за средни до големи могили чиишто насип бил формиран од мешавина на земја и камен. Дел од тумулите имаат и камени прстени кои ги обиколуваат.
- *Број на погребувања:* /
- *Гробни форми:* на локалитетот се забележани едноставни јами оивичени со аморфни камења, гробови цисти и др.
- *Погребен ритус:* инхумација
- *Движен материјал:* Од движниот материјал интресен е инвентарот од раното железно време, меѓу кој се наоѓаат и двојни секири, копја и ножеви. Локална мат сликана керамика. А во подоцнежниот период имаме и грчки импорти на чаши, скофоси и амфори . Некрополата влегува во културниот комплекс Мат- Гласинац.
- *Датација:* Тумулите биле користени од 10 век п.н.е. до 1 век н.е.

[74] B. Jubani, 1974, 421-425; Z. Andrea, 1983/4, 105;

### 3.2.9 Тумуларни погребувања во областа на реката Мат[75]

Во оваа подточка се решивме само накратко да ги опфатиме тумуларните погребувања кои се наоѓаат по течението на реката.

- *Општина/ местоположба:* Течение на реката Мат, северо-централна Албанија.
- *Број на могили:* Регистрирани се околу 90 тумули.[76]
- *Истраженост:* ископувања биле направени во неколку наврати во подолг временски период од 1971- до 1980 од страна на D. Kurti, а поголеми напори во нивното проучуване вложува Ислами.[77]
- *Димензии на истражените тумули:* дијаметарот на тумулите се движел од 6 до 24 м, меѓутоа повеќето од нив се регистрирани како тумули со пречник од 22 м. Висината варирала. Повеќето од тумулите биле оштетени. Највисокиот регистриран имал висина од 2.50 м.
- *Тип на истражените могили:* Се работи за могили со средна големина и земјен насип. Дел од тумулите се со централен гроб, опколен со камен ѕид.
- *Број на погребувања:* Во овие тумули регистрирани се стотици погребувања, меѓутоа како најголеми може да ги спомнеме Тумулот I во Рете Базје со 47 погребувања и тумулот I во Бурел со 80 погребувања.
- *Гробни форми:* Биле користени неколку видови на гробни конструкции и тоа: едноставни јами вкопани во протохумусот или насипот на тумулите, јами оивичени со аморфен камен, и гробови- цисти. Некои од гробовите биле и прекривани со камени плочи.
- *Погребен ритус:* инхумација

[75] D. Kurti, 1977, 157-187; ; Z. Andrea, 1983/4, 106;

[76] Kurti D, 1977-1978, 311-316 – во трудот се спомнува дека се регистрирани 87 тумули, меѓутоа од истражувањето па наваму се регистрирани повеќе.

[77] Iislami S. 2013;

| Локалитет | Број на тумули | Број на истражени тумули |
|---|---|---|
| Kohërdhok | 4 | 4 |
| Sanxhak | 7 | 7 |
| Bushkash | 8 | 3 |
| Karicë | 5 | - |
| Burrel | 12 | 2 |
| Midhe | 2 | - |
| Komsi | 3 | - |
| Batër | 2 | - |
| Dom | 2 | - |
| Klos | 6 | 1 |
| Bërshi | 2 | - |
| Cërujë | 1 | - |
| Suç | 4 | - |
| Urakë | 3 | 1 |
| Laç | 1 | - |
| Barç | 3 | 2 |
| Përlat | 7 | 7 |
| Rrethe- Baz | 10 | 9 |

- *Движен материјал:* Се работи за богати тумули во чии централни гробови се пронајдени доста интресни наоди како мечови чии држалки се обложени со коска, закривени ножеви од познати Егејски типови. Потоа во останатите гробови забележан е стандардниот железнодопски накит (има и неколку исклучително луксузни примероци) и керамика а исто така во последните фази од употреба се појавуваат предмети од гласиначкиот ареал, како крстести мечови. Што се однесува до керамиката во последните етапи претежно се работи за локално производство.

- *Датација:* Тумулите се користат во периодот од доцното бронзено време до V п.н.е. потоа следи хијатус за повторно да бидат искористени најпрво во римскиот период, првите четири века од нашата ера и во средниот век од IX до XI век.

### 3.2.10 Кенете- општина Драч [78]

- *Општина/местоположба:* Во близина на селото Кенете.
- *Број на могили: 6*
- *Истраженост:* Првите ископувања се од заштитен карактер и биле направени во 1968 г. Поради поплавувањето на седото од страна на вештачкото езеро Фиерза. Подоцна во 1977 се спроведени повторно ископувања од А. Хоти на уште два тумули.
- *Димензии на истражените тумули:* Информации имаме само за последните два ископувани тумули. Тумулот 5 имал пречник од 26,5 м, а достигнувал висина од 1,10 м. Тумулот 6 бил нешто помал, со пречник од 25 м. и висина од 0,80 м.
- *Тип на истражените могили: /*
- *Број на погребувања:* Во тумулот 5 се откриени 36 погребувања. 2 гробови биле од доцното бронзено време, а додека пак останатите се од 6-5 в. п.н.е. Последното погребување е направено во 1 век н.е.
- *Гробни форми:* Биле користени разни видови на конструкции, меѓутоа преовладуваат едноставните јами вкопани во протохумусот. Исто се среќаваат и јами кои се оивичени со камења, а од подоцнежните периоди забележани се и цисти.
- *Погребен ритус:* Инхумација. За положбата на телата немаме податоци.
- Движен матер*ијал*: Биконични садови рачно изработени и украсени со врежување. Најчесто се работи за кантаровидни садови со две држалки кои благо го надвишуваат ободот. Во централните гробови се откриени и закривени ножеви и бодежи од Микенско потекло. Од подоцнежниот период го имаме стандардниот накит и локално продуцираната керамика.
- *Датација:* Тумулите биле подигнати кон крајот на бронзеното време а реупотребени во доцно архајскиот период.

---

[78] A.Hoti, 1981, 211-217; Z. Andrea, 1983/4, 105;

### 3.2.11 Пажок[79]

- *Општина/местоположба:* 25 km југозападно од Елбасан во близина на средното течение на реката Девол. Се работи за доста погодна територија, исто во билизина и на реката Шкумбин, која благодарение на реките имала развиена комуникација со околните региони и пошироко.
- *Број на могили:* 25
- *Истраженост:* Прво истражување на тумулите е направено во 1960 год кога се врши ископување на три тумули од страна на Селим Ислами и Хасан Цека. Следните ископувања се направени 1973 од ртана на Н.Бодинаку и тогаш се истражени уште 5 тумули за кои имаме подетален извештај.
- *Димензии на истражените тумули:*
    - Тумул 4 имал пречник од 24 м и пред ископувањето достигнувал висина од 1.60 м. Истиот бил прилично оштетен со земјоелски активности.
    - Тумул 5 бил доста оштетен од страна на земјоелците. Се наоѓал 50 северо-западно од тумулот 4. Пред ископувањето измерени се околу 20 м пречник и висина од околу 0.90 м.
    - Тумулот 6 се наоѓа 200 м. источно од тумулот 4. Бил премногу оштетен па поради тоа немаме никакви информации за приближните димензии.
    - Тумулот 7 се наоѓа в близина на селото Гостимје на околу 300 м од течението на реката Девол. Откриен е со дијаметар 16 и висина од 2 м.
    - Од тумулот 8 се откриени само делови од централниот камен прстен кој највероіатно го биколувал централното јадро со повеќето истодобни погребувања а не само централниот гроб. Истото е забележано и кај еден од тумулите кој бил исопуван во 1960 г.
- *Тип на истражените могили:*
    - Два од првите три могили претставувал двојна могила со централно

[79] Bodinaku N, 1982, 49-101; Hammond N.G.L. 1972, 246-259

погребување и камен прстен од вертикално поставени плочи.[80] Централните тумули биле прекриени со камења.

- Тумул 4 е двојна могила со централен гроб. Насипот бил направен од земја а камења биле искористени во насипувањето на централното погребување. Камени прстени не се откриени. Поради оштетувањето со секундарните погребувања неможе да се сврсти во некоја од категориите.

- Могилата 6 припаѓа на – могилите спалишта или могили со кремирани покојници.[81]

- Могилата 7 припаѓа на предисториските могили со централен гроб.



*Централно погребување од големиот тумул во Пажок*

- *Број на погребувања:* Вкупно се откриени 93 погребувања.
    - Во тумулот 4 се откриени 52 погребуања од кои само неколку се поврзуваат со првата фаза на тумулот.
    - Во тумулот 5 се откриени 13 гробови. Сите од нив се секундарни, од средниот век кои ги уништиле гробовите над кои се формирала примарната могила.
    - Во тумулот 6 се откриени 2 гробови кои немаат јасни граници а и материјалот кој што е откриен во нив е идентичен и поврзан. Поради тоа авторите сугерираат дека можеби се работи за една гробна јама што

[80] Hammond N.G.L. 1974, 127-132; Bodinaku N. 1982, 49-101; Петрова, 1996, 27-30;
[81] Zotović M. 1985, 25-30;

е и случај во тумулите ископувани 1960г.[82]

- Во тумулот 7 се откриени 26 погребувања.

- *Гробни форми:* Од првите ископувања познати ни се податоци само за ценралните погребување. ВО едниот се работи за едноставна јама вкопана во протохумусот со кружна форма. А во другиот е правоаголна јама.[83]

- Во тумулот 4 воглавно се откриени едноставни јами во кои биле положувани телата на покојниците. Исклучок е централниот гроб кој е поплочен со ситен камен и гробот 52, откриен на иста длабочина како гробот 51 ( централниот гроб), каде што се откриени остатоци од дрвна конструција со која најверојатно било прекриено телото.
- Во тумулот 6 гробовите немаат јасна граница меѓутоа е откриена силно пропалена земја каде што била спроведена кремацијата.
- Во могилата седум преовладуваат едноставните јами, меѓутоа постојат и гробови кои се направени од камен.

•*Погребен ритус:* Практикувана е биритуалност, меѓутоа инхумацијата е позастапена.

- Во централните погребувања откриени во неколку од истражуваните могили било открено погребување со кремација ( тумул 1 и 2).[84] Урни не биле користени.

- Во тумулот 5 застапена е само инхумација со оглед на тоа што сите погребувања се секундарни, од средниот век.
- Во тумулот 6 откриени се само траги од кремација.
- Во тумулот 7 практикувана е исклучиво инхумација.

---

[82] Prendi F, 1982, 169-180; Hammond N.G.L, 1982, 350'360; иако ископувањата се извршени од Пренди во литературата која ја консултиравме најдовме податоци само за централното погребување во тумулот 1.
[83] Hammond N.G.L. 1974, 127-132:
[84] Петрова Е. 1996, 28.



Основа и пресек на тумул 7 во Пажок

- *Движен материјал:* Бидејќи тумулите во Пажок покриваат подолг временски период имаме широка палета на артефакти кои се откриени во истите.
  - Во еден од најстарите централни гробови се откриени остатоци од волови коски положени покрај спалените остатоци на покојникот како во Сервиа[85], а во другиот пак се пронајдени бодеж, глава од копје и ножици кои припаѓаат на Хеладскиот ареал и се датираат во

[85] Hammond N.G.L. 1974, 127-132;

1800/1700 г. п.н.е.

- Во гробот 7 од могилата 1 е откриен меч рапир кој е сместен во групата А и е скоро идентичен со оној кој што е откриен во Вајзе(гроб 12).Покрај ова е откриен и сад со критско потекло датиран 1600-1500 г. п.н.е.
- Во Гробовите од тумулот 6 кои се откриени еден врз друг се откриени пехари со држалки кои го надвишуваат ободот, и фрагменти од еден поголем сад со тунелести држалки. Покрај тоа во постариот гроб биле откриени и два кремени.

- *Датација:*

- Централните погребувања од првоистражуваните могили се датираат во раното бронзено време, додека пак останатите гробови кои биле под надворешниот тумул припаѓале на доцното бронзено време.
- Крајот на бронзеното време или XIII век п.н.е. Во овој период била подигната првичната могила А и тука припаѓаат гробовите 51 и 52 и 43. Во гробот 52 бил откриен нож со три ривети кој е датиран во LHIII b-c како и еден кантаровиден сад со жлебови најверојатно работен според некои лужички примери.
- На раното железно време припаѓаат неколку гробови во кои се откриени бронзени наочаресті фибули, копчиња, ѓердани од ќилибарни перли, златна жица за коса (аналогии Барч и тумули по течението на Мат), гласиначки меч (идентичен на примерокот во Куч и Зи) и др.
- Некои од гробовите немаат инвентар а исто така скелетните остатоци биле во прилично лоша состојба со што неможе да се изврши датација.
- Останатите гробови 2, 4, 5, 8, 11, 12, 15, 16, 17, 20, 21, 28, 31, 34 и тн. припаѓаат на XVII век н.е. односно најверојатно тумулот бил користен повторно како гробно место на жителите од околните села.
- На тумулот 5 се откриени само секундарни средновековни погребувања. Јадрото било премногу оштетено. Поради тоа авторите оставаат отворено прашање околу подигањето на овој тумул.
- Кај тумулот 6, спротивно од претходниот извлечени се податоци само од централното јадро кое се поврзува со подигањето на истиот кое се смета дека

било направено во последните фази на средното бронзено доба.

- Тумулот 7 бил користен во период од XIII до VIII век. п.н.е. единствено гробот 22 припаѓа на раниот среден век односно VII-VIII век н.е

### 3.2.12 Церује- општина Грамш[86]

- *Општина/местоположба:* општина Грамш, југо- источна Албанија.
- *Број на могили:* 1
- *Истраженост:* локалитетот е систематски истражуван 1979 г.
- *Димензии на истражените тумули:* Пред ископувањето тумулот достигнувал висина од 1.80 м, а дијаметарот на истиот бил 16.30- 17 м.
- *Тип на истражените могили:* Со централно погребување.
- *Број на погребувања:* На некрополоата се откриени вкупно 8 погребувања. Гробовите означени како 1 и 2 се откриени во насипот на тумулот. А останатите 5 погребувања се откриени во централниот простор на тумулот под насипот. Најстариот гроб, гроб 7, е вкопан во основата на тумулот.
- *Гробни форми:* Воглавно се работи за едноставни јами оивичени со аморфни камења.
- *Погребен ритус:* Инхумација.
- *Движен материјал:* Во поглед на движниот материјал може да се заклучи дека се работи за скромни погребувања. Само во 5 од нив биле откриени артефакти. Во поголемиот дел се работи за керамика, меѓутоа откриени се и глави на копје и еден нож.
- *Датација:* Според конструцијата на тумулот истиот е покажува аналогии со големиот тумул I во Пажок конструиран во раното бронзено време. Втората фаза на тумулот е од преодниот период од бронзено во железно време и е претставена преку двете погребувања вкопани во насипот. Материјалот го птврдува истото.

[86] Andrea Zh. 1997, 85-94;



*Пресек на тумулот во Церује*



*Основи на градбените фази на тумулот во Церује*

### 3.2.13 Лофкенд- општина Малакастра[87]

- *Општина/местоположба:* се наоѓа во регионот Малакастра.
- *Број на могили:* 1
- *Истраженост:* ископувањето било групен проект на Универзитетот од Калифорнија, Лос Анџелес, Ј.С.А.А. и Археолошкиот институт во Тирана, апредводено од Ј.К.Пападопулус, С.П. Морис и Л.Бејко.
- *Димензии на истражените тумули:* /
- *Тип на истражените могили:* /
- *Број на погребувања:* Во 2004 година кога започнале ископувањата биле отворени 28 погребувања во најгорниот слој на тумулот (покрај гробови на возрасни имало и децки гробови а исто така биле погребани и животни). Интересно е тоа што во насипот на тумулот се откриени огромен број на манени алатки од неолитскиот период.
- *Гробни форми:* /
- *Погребен ритус:* Сите од истражените погребувања се инхимации. Дел од погребаните се во згрчена положба а повеќето се испружени инхумации.
- *Движен материјал:* Мат сликаната керамика е една од најчестите артефакти кои се порнајдени во гробовите на тумулите. Исто така се откриени и наочарести фибули. Аналогии на истите се откриени во скоро сите тумули од Балканот кои биле упоребувани во железно време како и светиштата во Грција, Италија и Балканот во периодот од 10 до 8 век п.н.е.
- *Датација:* Од првичните ископувања може да се заклучи дека тумулот бил користен во раното железно време.

---

[87] O. Lafe, 2004/5, 119-137; Papadopoulos J.K., Bejko L. Morris S.P. 2007, 105-147;




*Основа на тумулот во Лофкенд*

## 3.2.14 Вајзе- оштина Влора[88]

- *Општина/местоположба:* Локалитетот се наоѓа во близина на Влора, југо-западна Албанија.
- *Број на могили:* 4
- *Истраженост:* 1955 година, од страна на Фрањо Пренди. Ова биле воедно и првите истражувања на тумуларни погребувања направени во Албанија.
- *Димензии на истражените тумули:* од 18 до 24 м.
- *Тип на истражените могили:* Тумулот А за кој што имаме податоци е двоен тумул со централна мала могилка како во Левкада.[89]
- *Број на погребувања:* Тумулот А има 14 погребувања, а во тумулот D(4) биле откриени 4 погребувања.
- *Гробни форми:* Централниот насип од камења бил искористен за подигање на гробот 12 врз него.

  Во подоцнежниот период се појавуваат и јами оивичени со необработен камен во кои е извршена инхумација а има и кремации кои кои можат да бидат направени во обична јама или пак во урни но сепак се во многу помал процент од инхумирањето.

- *Погребен ритус:* Инхумација во згрчена и испружена положба и кремација.
- *Движен материјал:* Во гробот 12 од тумулот А се откриени повеќе метални предмети како: глава од копје со две продупчувања,микенски рапир (Каро-Сендерс тип А), нож со три продупчувања поставени како триаголник од хеладски тип и кантарос со високи држалки од миниски тип, меѓутоа рачно и локално изработен.[90] Во насипот на тумулот е откриен сличен материјал. Во останатите гроби се откриени бронзени игли украсени со врежани меандри[91], наочaрести фибули, железни ножеви и игли, глави на копја и железни мечови кои припаѓаат на пократките типови и се датираат во периодот од 900 до 600

[88] Prendi F. 1957, 76-110; Prendi F. 1982, 211—217; Петрова Е, 1996, 29.
[89] Hammond N.G.L. 1974, 129;
[90] Предметите имаат блиски аналогии со металните предмети откриени во Микена во шахтовите гробови од гробен круг А.
[91] Исти се откриени и во Барч и во дел од првите погребувања во Вњергина.; Hammond N.G.L. 1982, 632;

г п.н.е. На железното време припаѓаат и три така наречени гробови на војници. Тоа се гробовите 2 и 8 од тумулот А и гробот 2 од тумулот С. Како најинтересен би го издвоиле гробот 8 од тумулот А. Таму е пронајден железен меч долг 85 цм, пламенес тип на копје, 37 бронзени копчиња и две плакети од обработена коска. Истиот има блиски паралели со гробот од тумулот I во Какави. [92]

- *Датација:* Артефактите кои претходно ги споменавме се датираат во средно бронзено време односно MH III- LHI. Тумулот А и В ги имаат истиот внатрешен развиток, односно биле создадени во средното бронзено доба, а биле реупоребени во доцното бронзено и железното време. Тумулите С и D пак, биле конструирани во раното железно време.

### 3.2.15 Дукат – општина Влора[93]

- *Општина/местоположба:* Локалитетот се наоѓа во општина Влора.
- *Број на могили:* Истражувани се две оштетени могили иако се претпоставува дека биле повеќе.
- *Истраженост:* Во 1973, по пријавувањето се вршат археолошки ископувања од страна на Н. Цека на тумул I. А во 1975 Н. Бодинаку ги продолжува ископувањата на тумулот II.
- *Димензии на истражените тумули:* Она што било забележано пред ископувањето е пречник од 10 м и висина од 1 м.
- *Тип на истражените могили:* Се работи за двојни тумули со централен гроб.
- *Број на погребувања:* Тумулот 1 содржел 22 погребувања а тумулот 2 содржел 53 погребувања.

*Гробни форми:* Повеќето од гробовите се цисти составени од камени плочи. Некои од гробовите се едноставни јами а има и примери каде што имаме комбинација во која се искористени аморфни камења за подолгите страни и

[92] Hammond N.G.L. 1982, 634;
[93] Bodinaku N. 2001, 9-100; Ceka N. 1974,131-151;

камени плочи за оивичување на пократките страни.

- *Погребен ритус:* Инхумација во згрчена и испружена положба. Во некои од гробните јами се погребувани по две индивидуи.

- *Движен материјал:* Некрополата не изобилува со гробни наоди. Најчести се бронзените листести глави на копја, кои имаат широка датација. Во еден од гробовите откриен е и борнзен нож за кој пто авторот смета дека потекнува од 9 век п.н.е. Во дел од горобовите се појавуваат едноставини лачни фибули и наочарести приврзоци. Од поексклузивните наоди е една бронзена дијадема со кружни испакнувања откриена во еден двоен гроб. Што се однесува до керамиката откриени се само неколку садови, сите рачно изработени. Два се типични кантаровиди садови украсени со канелури на стомакот на садот. И два бокали и еден биконусен сад без држалки со окер продукција(сл. 2). Во тумулот 2 ситуацијата е малку поинаква. Во насипот на најстариот гроб е откриена рано неолитска керамика украсена со барботин и импресо. Во останите гробови воглавно е октирн сличен материјал како во тумулот 1 со тоа што тумулот бил реупоребен во средниот век па откриени се повеќе примери на наушници и средновековен накит.

- *Датација:*

    - Тумулот 1 бил подигнат нешто пред 12 век п.н.е. а продолжил да се користи континуирано до 8 век п.н.е. Последните погребувања биле направени во римски период.
    - Тумулот 2 се смета дека бил подигнат негде во раното бронзено време иако не е сигурно бидејќи во најстариот гроб не се откриени артефакти, а продолжил да се користи непрекинато се до 6-5 век п.н.е за потоа повторно да биде реупотребен во доцната антика (само два гроба) и во раниот среден век на кои припаѓаат повеќето гробови од тумулот.







*Основи на двете фази на користење на тумулот I во Дукат*

### 3.2.16 Бајкај[94]

- *Општина/местоположба:* во близина на Делвино, по рутатата која води од Бутринто до реката Дрин.
- *Број на могили: 1*
- *Истраженост:* Локалитетот е истражуван од страна на Д. Будина, а истражувањето е објавено во 1971 г.
- *Димензии на истражените тумули:* Пречникот на тумулот е 20м., а висината е 3 м.
- *Тип на истражените могили: /*
- *Број на погребувања:* 44
- *Гробни форми:* Застапени се едноставни јами, гробови кои се оивичени со аморфни камења и гробови од камени плочи.
- *Погребен ритус:* Биритуалност. Кремацијата е претставена само со 7 гробови.
- *Движен материјал:* Како позначајни би ги споменале фрагментите на протогеометриска керамика.Исто така откривана е и керамика која целосно кореспондира на керамиката од локалитетот Малиќ со својата прва фаза во бронзеното време.[95]
- *Датација:* Според албанските археолози могилата била подигната во средно бронзено време а континуирано се користел до почетокот на раното железно време.

---

[94] Ceka N. 2010, 51; Korkuti M. 2013, 136-137,140,162,532;

[95] Prendi F. 1982, 211, 216,219; Hammond N.G.L. 1982, 633,635,636;

### 3.2.17 Водине – општина Гирокастро[96]

- *Општина/местоположба:* во близина на селото во областра Гирокастро.
- *Број на могили: 4*
- *Истраженост:* Едни од првите истражувани могили во Албанија. Истражувањата се извршени од Ф. Пренди.
- *Димензии на истражените тумули: /*
- *Тип на истражените могили:* се работи за двојни могили со централен гроб. Централните гробови не биле оградени со ѕид но биле посипани со камења при што се создала првичната могила. Камен прстен е направен подоцна, оградувајќи ја периферијата на погребниот простор.
- *Број на погребувања:* 18
- *Гробни форми:* претежно се работи за гробови цисти. Меѓутоа интресен е примерот на двата централни гробови (гроб 15 и 16) кои биле горбови со кремација. Остатоците од кремацијата биле поставени врз камена конструкција која била поставена во едноставна гробова јама и без урна.[97]
- *Погребен ритус:* биритуалност, меѓутоа преовладува инхумирањето.
- *Движен материјал:* Како едни од главните наоди кои го определуваат периодот на подигнување на тумулот претставува една глава од копје откриена во горб 17 и бронзениот бодеж со триаголна форма кој се датира во доцно хеладско време. Керамиката сведочи нешто друго. Во тумулот се откриени фрагменти на керамика многу слична со онаа од локалитетот Малич во фазите на рано и средно бронзено време. Во останатите гробови кои припаѓаат на последните фази на доцното бронзено време откриени се игли со цик- цак декорации, фасетирани глави на копја, листести копја како и една мала наочареста фибула која го датира крајот на користење на

96 Snodgrass A.M. 1971, 257-260; Prendi F. 1982, 209-230; Oikonomidis S. Papayiannis A. Tsonos A. 2011, 185-201.

97 Prendi F. 1956, 180-188;

некрополата во периодот од 950-900 г. п.н.е.

- *Датација:* Тумулте биле користени од средното бронзено време кога и била подогната иницијалната могила над двата централни гробови, до 9 век п.н.е. иако во дел од литературата се смесува и нешто порано.




*Пресек и основа на тумул 1 - Водине - погребувања од 11 до 9 век п.н.е.*

### 3.2.18 Пискове- с. Пискове, општина Гирокастро[98]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот се наоѓа во округот на селото Пискове, Пермет веднаш до реката Вјоса, југо источна Албанија.
- *Број на могили:* откриени се 3 могили
- *Истраженост:* Истражувањата ги правел Н. Бодинаку.
- *Димензии на истражените тумули:* Немаме информации за дијаметарот на тумулите меѓутоа може да се каже дека спаѓаат во повисоките тумули кои се откриени на територија на Албанија. Тумулот 1 е со висина од 4.5 м. Тумулот 2 достигнувал висина од 1.5 м, а тумулот 3 достигал висина од 2.7 м.
- *Тип на истражените могили:* се работи за двојни тумули со централен гроб и камен прстен кој го заобиколува.
- *Број на погребувања:*
    - Тумул 1 – 116 погребувања
    - Тумул 2 – 246 погребувања
    - Тумул 3- 60 погребувања
- *Гробни форми:* Иако се забележани и едноставни јами, доминираат гробовите- цисти.
- *Погребен ритус:* Практикувана е исклучиво инхумација. Имаме згрчена и испружена инхумација.
- *Движен материјал:* Иако некрополата е неколку пати обработувана во литературата, немаме премногу информации за предисторискиот материјал. Андреа во краткиот извештај во Archeological Reports пишува дека е откривана локална керамика од деволски тип. Листовини копја како и бронзени игли. Останатиот материјал припаѓа на рано-античкиот период или средниот век.
- *Да[99]тација:* Тумулите биле подигнати во раното бронзено време, а биле употребувани и во текот на железното време меѓутоа најголемиот дел од

[98] Andrea Z. 1983/4, 115; Bodinaku N. 1881,243-262;Bodinaku N. 1983, 241-250; Dhima A. 1981, 155-189;
[99] Според извештајот на Андреа.

гробовите припаѓа на раниот среден век.

### 3.2.19 Продан- општина Колоња[100]

- *Општина/ местоположба:* Се наоѓа во близина на градот Ересека, во општината Колоња, југо- источна Албанија.
- *Број на могили:* 1(во Колоња се откриени околу 40 тумули).
- *Истраженост:* истражувањето е изведено 1973 год од страна на С. Алиу.
- *Димензии на истражените тумули:* /
- *Тип на истражените могили:* /
- *Број на погребувања:* Откриени се 74 гробови, меѓутоа се смета дека биле многу повеќе.
- *Гробни форми:* Најчести се гробовите оивичени со аморфни камења, застапени се и гробовите цисти, а откриени се и 3 гробови урни.
- *Погребен ритус:* Биритуалност. Инхумација и кремација. Инхумацијата е во испружена положба.
- *Движен материјал:* Материјалот е разновиден од првата фаза на користење на некрополата воглавно имаме типична керамика од доцното бронзено време. Откриени се и неколку примероци на микенски ножеви како и еден меч со аналогии на повеќе локалитети во Албанија. Од железното време претежно ги имаме иглите со цик- цак декорација, наочаресто фибули и масивни белегзии со краеви кои се преклопуваат како повеќе ѓердани изработени со метални и ќилибарни перли. Керамиката припаѓа на така наречениот „деволски" тип.
- *Датација:* Некрополата започнала да се користи во XIII век п.н.е. На овој период се препишуваат гробовите 5, 6, 7, 11, 56 како и гробовите без наоди 27, 67, 68, 71, 72, 74- кои биле распоредени околу центарот. Во периодот од XI-IX в. п.н.е. биле поставени гробовите 1, 2, 8, 16, 20, 22, 23, 24, 31, 33, 36, 40, 45, 50, 51, 58, 63, 65; Некрополата била користена и во VIII-VII в. п.н.е.

[100] Andrea Z. 1983/4, 115; Aliu S. 1984, 27-67;

од кадешто потекнуваат гробовите 10, 13, 41, 47, 55, 57, 62, 66. Последните два гроба ( бр. 69, 70) се направени во средниот век.

### 3.2.20 Рехове- општина Колоња[101]

- *Општина/ местоположба:* во близина на селото Рехова, општина Колоња, југо- источна Албанија.
- *Број на могили:* 1
- *Истраженост:* 1979-1980, кампања предводена од Скендер Алиу.
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот на тумулот изнесувал 50 м. а бил висок околу 5м. Се работи за еден од најголемите и најдобро сочуваните тумули во Албанија и пошироко.
- *Тип на истражените могили:* Двојна могила, со централен гроб кој бил ограден со камен елиптичен прстен.
- *Број на погребувања:* 285 гробови од кои околу осумедесет од погребувањата припаѓаат на фазата на реупотреба на тумулот, средниот век.
- *Гробни форми:* едноставни јами, гробови цисти.
- *Погребен ритус:* Практикувана е инхумација, згрчена и испружена положба
- *Движен материјал:* Од движниот материјал би ги споменале грчките импортирани предмети кои точно ги датираат некои од гробовите или групи на гробови. Така во централниот гроб е откриен сад кој се датира во 15-14 век. п.н.е. најверојатно донесено од некоја од Тесалиските колонии. Уште 78 гробови припаѓаат на периодот на доцното бронзено време. Следната група се препишува на раното бронзено време. Тука се откриени типичните бронзени привpзоци од железно време. Третата група припаѓа на полното бронзено време и овде дури и се појавуваат дел од формите на Македонско-пајонските бронзи. Во дел од горобовите се пронајдени и бронзени дијадеми како и по фин накит и омега игли кои го претставуваат доцноархајскиот

[101] Andrea Z. 1983/4, 115; http://www.arkivalajmeve.com/Tuma-e-Rehoves-Vlerat-e-rralla-te-monumentit.1047353808/

период. Од времето на реупотреба на тумулот откриена е средновековна керамика и типичен средновековен накит.

- *Датација:* Како што спomenавме и погоре, тумулот е подигнат на почетокот на доцното бронзено време, а бил континуирано користен се до доцното железно време. Повторно е реупотребен во средниот век.

## 3.2.21 Луарас- општина Колоња (сл.1)[102]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот се наоѓа источно од селото Луарас во југо источна Албанија.
- *Број на могили:* 15
- *Истраженост:* Извршено е ископување само на една могила од страна на Скендер Алиу во 1988/89. страна на Скендер Алиу во 1988/89.
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот на тумулот бил 30м, а истиот достигнувал висина од 3,20 м
- *Тип на истражените могили:* Припаѓа на родовско- клановските тумули. Двојна могила.



*Пресек на тумулот во Луарас*

- *Број на погребувања:* 203
- *Гробни форми:* Гробните конструкции можат да се поделат на две групи:
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот на тумулот бил 30м, а истиот достигнувал висина од 3,20 м
- *Тип на истражените могили:* Припаѓа на родовско- клановските тумули. Двојна могила.

[102] Aliu S. 1988, 250-251; Aliu S. 1989, 267-269;

- *Број на погребувања:* 203 - едноставни јами вкопани во протохумусот. Во ова група припаѓаат 131 гробови. Сите остнати гробни конструкции се изведени како цисти од камени плочи.
- *Погребен ритус:* Во истражениот тумул преовладува инхумацијата (згрчена и испружена) а откриени се и два гробови со кремација.
- *Движен материјал:* Могилата е доста богата со артефакти. Откриени се околу 130 цели садови и околу 5 500 керамички фрагменти. Интересно е тоа што сите од нив биле рачно изработени, повеќето украсени со канелури или пластични ребра, меѓутоа има и примероци со мат геометриско сликање. А кога станува збор за металните предмети вреди да се спомене дека во оваа некропола се откриени ножеви и мечови кои имаат средно европско потекло што не е случај во повеќето тумули откриени во корчанскиот регион.
- *Датација:* Могилата била подигната во доцно бронзено време а продолжила да се користи низ цело железно време.

### 3.2.22 **Каменица-општина Корча (сл.8)**[103]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот на југо-источниот крај на во Корчанската рамнина, во југо-источна Албанија.
- *Број на могили: 1*
- *Истраженост:* Првите истражувања се направени во 50 и 60 години во минатиот век. ПОради оштетеноста на тумулот формирана е екипа од Археолошкиот институт во Тирана, Групата за заштитна археологија QNASH и Археолошкиот музеј на Корча за повторно да бидат направени археолошки ископувања во периодот од 2000 до 2002 година под водство на Лоренс Бејко, Мариа Грациа Аморе и Скендер Алиу.
- *Димензии на истражените тумули:* Се работи за еден од најголемите тумули откриени на територија на Албанија. Околу димензиите имаме подробни информации. Првичната могила која била подигната околу централниот гроб достигала пречник од 13 м. Во подоцнежните периоди на

[103] http://www.fastionline.org/survey/index.php - Датабаза на археолошки теренски истражувања во делови од Европа, Азија и Африка.

употреба биле извршени погребувања на уште скро 400 индивидуи па тумулот достигнал димензии најпрво од 50м дијаметар за на крајот да добие пречник од 50x70 м.

- *Тип на истражените могили:* Двојна могила со централен гроб и камен двоен прстен кој го опкружувал централното јадро. Подоцна бил направен уште еден прстен кој го оградувал просторот во кој биле сместени дел од подоцнежните погребувања.
- *Број на погребувања:* Откриени се 400 гробови во кои биле погребани 430 индивидуи.
- *Гробни форми:* Најзастапени се едноставните јами, меѓутоа има и јами оивичени со аморфни камења како и гробови урни. Во некои од едноставните јами се откриени и дрвени конструкции.
- *Погребен ритус:* Инхумацијата е доминантна, но постојат и повеќе гробови со кремација. Инхумацијата била практикувана во згрчена и испружена положба. А кремацијата некогаш била правена in situ, некогаш надвор од погребниот простор.
- *Движен материјал:* /[104]
- *Датација:* Првите погребувања биле направени во доцното бронзено време. Користењето продолжило во текот на целото железно време и завршило во доцно-архајскиот период. Последните погребувања се датираат во првата декада на втората половина на V век п.н.е.

### 3.2.23 Барч- општина Корча[105]

- *Општина/ местоположба:* Локалитетот се наоѓа во Корчанскиот басен, југо-источна Албанија.
- *Број на могили:* Откриени се две могили кои се 100 м. оддалечени од себе.
- *Истраженост:* Истражени се од страна на Жанета Андреа во 1969-75.

---

[104] Немаме податоци за движниот материјал

[105] Andrea Zh. 1985, 14—35, 38-39, 71-72,76-78, 88,92; Prendi F. 1998, 79-80; Петрова Е. 1996, 12-14,70-79;

- *Димензии на истражените тумули:*
  - Тумулот 1 достигал пречник 41х43 м, а достигал висина од 3,40 м. Најверојатно бил уште поголем бидејќи е одкриен оштетен.
  - Тумулот 2 исто така има неправилна форма и помал од првиот тумул. Измерен е дијаметар од 20х22 м. и висина од 1.66 м.
- *Тип на истражените могили:* Тумулот 1 припаѓа на двојните родовско-клановски могили. Камен прстен бил откриен околу централниот гроб (181), а подоцна во доцнотобронзено или раното железно време бил направен уште еден прстен кој ги оградувал сите погребувања до ој период.
- *Број на погребувања:* Во првоистражуваната могила се отриеи 181 погребување.



*Гроб 181 – Тумул I, Барч*

- *Гробни форми:* На некрополата застапени се: едноставни јами, јами оивичени со аморфни камења, гробови обколени со ред од камења и посипани со земја која формирала како мала могилка а имало и такви кои немале насип. Во тумулот 1 откриени се и гробови урни.
- *Погребен ритус:* Биритуалност со доминација на инхумацијата која се јавувала и во згрчена и во испружена положба кај која што имаме и прекрстување на нозете на покојникот. Откриени се 18 гробови со кремација.

- *Движен материјал:* Во најстарото централно погребување во Барч откриени се фрагменти на три садови кои припаѓале на типот бокали со цилиндричен врат и една држалка. Држалката наверојатно го надвишувала ободот.[106] Двете могили во Барч се едни од побогатите досега откриени на територија на Албанија. Откиени се огромен број на примероци на мат сликана керамика. Она што е интресно е тоа што се работи за садови со помали димензии и различни форми кои биле во употреба во периодот од крајот на бронзеното време па се до 8 век п.н.е. Покрај мат сликаната керамика, се појавуваат и кантаровидни садови украсени со канелури, turban dish садови, бокали со засечен врат и др. Металните наоди се поретки. Откриени се:

  - бодеж со егејско потекло датиран во 13-12 век п.н.е. и копје од LH IIIB-LH IIIC од субмикенски период.
  - Меч од типот Erberheim II Neue II исто од субмикенскиот период – LH IIIC.
  - Глава од копје од пламенес тип со северно потекло датирана во истиот период како и бодежот.
  - Како дел од стандардниот инвентар е и накитот. Откриени се голем број на игли со конусни глави и декорирани со цик цак линии. Откриена е и една дијадема и повеќе типови на фибули кои се карактеристични за периодот од преоднит период и раното железно време.

- *Датација:* Се работи за едни од тумулите кои биле користени најдолг временски период. Од раното бронзено време до крајот на праисторискиот период и почетокот на антиката односно 5 век п.н.е. Бидејќи истите се систематски истражени заедно со двата тумули на локалитетот Куч и Зи било возможно да се направи и интерна хронологија на сите нив:

  - Barçit I – прва половина на вториот милениум п.н.е. - гроб 181- тумул I.
  - Barçit II-од XII до XI век п.н.е.(гробови: 18, 120, 146, 149, 162 –тумул 1)
  - Barçit III – од XI до VIII век п.н.е. (скоро сите останати погребувања од

[106] Петрова Е. 1996,13;

тумул 1 и дел од погребувањата во тумул 2, гробовите: 2,6, 9-12, 16, 18-20).

- Barçit IV- од VII до VI век п.н.е. (гробови: 40 и 151 од тумулот 1)

- Barçit V –од VI до V век п.н.е. (гробови: 126, 152, 174-180 од тумулот 1 и сите останати гробови од тумулот 2)



*Целосен план на тумулот 1 од Барч*

### 3.2.24 Куч и Зи-општина Корча[107]

- *Општина/ местоположба:* Во непосредна близина на селото Куч и Зи, Корча, југо-источна Албанија.
- *Број на могили:* 2
- *Истраженост:* Истражувањата се извршени во пеиодот од 1969-1972 г. од страна на Жанета Андреа.
- *Димензии на истражените тумули:* Тумул 1 достигнувал висина од 2.30 м. а имал пречник од 29 м.

  Тумулот 2 бил доста оштетен, пред ископувањето имал овален облик со дијаметар 15,4 x 11,4 м. и достигал висина од 1,50 м.
- *Тип на истражените могили:* Тумулите припаѓаат на тумулите без централен гроб.
- *Број на погребувања:* Тумул 1- 126 погребувања. Тумул 2- 18 погребувања.
- *Гробни форми:* Во првоистражениот тумул застапени се едноставни гробни јами, гробови оивичени или делумно оивичени со аморфни камења. Дел од гробовите биле прекриени со камења или камени плочи, некои биле прекривани со дрво и земја, како во тумулите во Барч. Евидентирани се и гробови урни, меѓутоа спалување е правено и без урни.
- *Погребен ритус:* Испружена инхумација и кремација. Во Тумулот два е исклучиво застапена испружена инхумација.
- *Движен материјал:*

  Тумулот 1 изобилува со движни наоди. Од керамиката застапени се коро сите форми на садови и сите големини со тоа што на садовите со големи димензии се препишуваат урните. Само два од садовите се изработени на грнчарско коло и истите се карактеризираат со темно сиво печење. Останатите садови се работени рачно, со црвено до окер печење. Некои од садовите се декорирани со мат боење со геометриски мотиви, карактеристично за крајот на бронзено и почеток на железно доба. Останатите декорации како врежување или пластично орнаментирање се поретки. Дел од керамиката е

---

[107] Andra Zh. 1976, 165-233; Andrea Zh. 1977, 127-155;

импортирана од југ. Втората група на наоди е оружјето. Во тумулот 1 сите примери се изработени од железно. Откриени се неколку бодежи и врвови на копја во вид на маслинов лист кои свои аналогии наоѓаат во Вергина. Во тумулот вкупно се откриени 4 железни мечови од кои два припаѓаат на



*Основа и пресек на тумулот I- Куч и Зи*

гласиначкиот тип кој е распространет по целото јадранско крајбрежје, еден меч од групата Grifzungen. Доста застапени се и ножевите кои можат да бидат благо закривени или пак со право остро сечило и се реминисценција на Микенските бодежи. Во тумулот 2 е откриена само една глава од копје во вид на лист од маслина. Накитот е третата група на наоди. Покрај стандардниот тип на накит каде што најмногу се застапени масивните бронзени белегзии со краеви кои се преклопуваат и врежани геометриски орнаменти и различните типови на фибули, повеќето лачни, како доста интресна група на накит се минијатурните бронзени предмети кои свои аналогии наоѓаат и на територијата на Македонија а дел од нив и пошироко на локалитетите од гласиначката култура. Се смета дека биле приврзоци најчесто пришивани на делови од облеката.

Во тумулот 2 се откриени и доста луксузни примероци на накит, како огрлици од ќилибар и стаклена паста, двојни омега игли и сл.

- *Датација: С*ите гробови од тумулот 1 со исклучок на гробот 25 се датираат во периодот од VII до VI век п.н.е, што одговоара на фазата Барч 4. Гробот 25 заедно со гробовите од тумулот 2 се датираат во втората половина на VI и во текот на V век п.н.е. што одговара на фазата Барч 5.

### 3.2.25 Бодриште- општина Гирокастро[108]

- *Општина/ местоположба:* Бодриште, долина на Ксериа, јужна Албанија.
- *Број на могили:* 2
- *Истраженост:* тумулите се истражувани од страна на Фрањо Пренди.
- *Димензии на истражените тумули: /*
- *Тип на истражените могили: /*
- *Број на погребувања:* 2 (гроб 9 и 10) погребувања од доцна бронза, останатите се од железно доба.
- *Гробни форми:* гробови- цисти

[108] Prendi F. 1959, 190-211; Петрова Е. 1996, 44; Hammond N.G.L. 1982, 535;

- *Погребен ритус:* Инхумација во згрчена и испружена положба.
- *Движен материјал:* Бронзен прсте, пет парчиња од бронзен штит и девет бронзени копчиња.
- *Датација:* Тумулот бил подигнат кон крајот на доцно бронзено доба -12 век п.н.е, а се користел до крајот на 9 век п.н.е.




*Основа и пресек на Тумул II во Бодриште*

### 3.2.26 Какави-општина Гирокастро[109]

- *Општина/ местоположба:* долина на Ксериа, јужна Албанија ( на самата граница помеѓу денешна Албанија и Грција)
- *Број на могили:* Немаме податоци за тоа колку се регистрирани.
- *Истраженост:* Истражен е еден од страна на Ф. Пренди во текот на 50-тите години.
- *Димензии на истражените тумули:* Дијаметарот изнесувал 16 м.
- *Тип на истражените могили:* Со ентрален гроб и прстен кој бил направен од три редови камен.
- *Број на погребувања:* 1
- *Гробни форми:* Централниот гроб припаѓал на типот гробови цисти. Бил прекриен со огромна камена плоча.
- *Погребен ритус:* Инхумација- згрчена и испружена.
- *Движен материјал:* Во централниот гроб биле пронајдени:
    - Бронзен меч со држалка во форма на перка на риба, како во Барч.
    - Бронзен нож со едно продупчување на држалката.
    - Коскена плочка со две продупчувања и концентрични кругови
    - Бронзени ножици
- *Датација:* почеток на рано железно време.

[109] Prendi F. 1959190-211; Петрова Е. 1996, 44; Hammond N.G.L. 1982, 534;

# 4. ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД И КУЛТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕДИСТОРИСКИТЕ ТУМУЛАРНИ ПОГРЕБУВАЊА

Во оваа подточка подетално ќе се задржиме на хронологијата на опфатените тумуларни погребувања која е разработена воглавно преку материјалот открен во погребувањата. Притоа би добиле слика за тоа какви посебности или општи карактеристики биле негувани при практикувањето на тумулите како погребна форма.

## 4.1 Тумули и погребувања од раното бронзено време:




Карта 4, Тумули од раното бронзено време.

Од раното бронзено време досега ни се познати само 4 тумули од територијата која што е обработувана во трудот. Се работи за локалитетите Штој и Дедај- Шкрел (карта 5- 1 и 2) кои се наоѓаат во областа Скадар, во непосредна близина на Скадарското езеро. Потоа Пажок (карта5- 3) во централна Албанија, во близина на Елбасан и Барч (карта 5-4) во Корчанската област, во југо-источна Албанија. Во сите четири примери се работи за централните погребувања. Во оваа почетна фаза неможе да се зборува за унифицираност бидејќи истите доаѓаат од различни секвенци од раното бронзено време, меѓутоа може да се назначи дека се работи за мали тумули кои биле подигнати врз еден гроб, за подоцна истите да станат централни гробови, на поголеми тумуларни погребувања со гробови кои го респектирале централниот дел на тумулот. Ова во целост одоговара на индо-европските традиции на конструирање на тумулите. Доколку се направи паралела може да се воочи дека постојат огромен број на сличности. И во албанските тумули централниот и иницијален гроб е вкопан во протохумусот. Што се однесува до материјалот кој се открива во тумулите преовладува локално произведената керамика или пак керамика со северно потекло, а во дел од тумулите се откриваат и ексклузивни наоди кои сведочат за статусот на покојникот.[110]

Најстаро е погребувањето во гробот 15 од тумулот 6 во **Штој**. Се работи за едноставна јама која на дното е посипана со песок[111] што според Говедарица претставува замена за океротот кој што бил користен во првите могили на индоевропската популација а е особено застапен во тумулите на културата Јамна.[112] Покојникот бил инхумиран во згрчена положба а како дел од гробниот инвентар се откриени конусна чинија и бокал со држалка кои припаѓаат на Љубљанската група од самиот почеток на раното бронзено време(Т.I. 1, 2)[113]. Гробот и околниот простор биле посипани со земја а потоа на горниот слој се наредени камења. Аналогии на ваквата гробна форма се исто така пронајдени на територијата на простирање на Љубљанската група иако паралелно се практикуваат и гробовите цисти. Во наиспот на гробот се откриени уште еден мал топкалест сад заедно со 6 фигурини во форма на виолина и антропоморфни, женски обележја(Т.I 3-8). Ваквите фигурини со

[110] Benac A. 2012, 73-78;
[111] Govedarica B, 2016, 5-32;
[112] Gimbutas M, 1965, 39, 185, Frînculeasa, A., Preda, B., Negrea, O., Soficaru,2013, 23-64; Heyd, V. 2011, 535-555;
[113] Gabrovac S. 1983, 21-39;

Кикладско потекло се најдени на повеќе локалитети на Балканот како: Ракиќа Куќе, Аполонија, Малиќ, Јуназите. Иститие се датираат доста рано на самиот крај на 4-тиот и почетокот на 3-иот милениум п.н.е.[114] Оставањето на дарови и извршувањето на ритуали над погребувањето не е ситуација која се појавува исклучиво на овој локалитет. Истата е забележана и кај останатите истодобни погребувања; Груда Болјевица, Пажок, Аполонија Ракиќа Куќе и останатите тумули од иницијалниот период на раното бронзено време, што сведочи за веќе добро развиен култ на почитување на предците и верување во задгробен живот.[115]

Од раното бронзено време потекнуваат уште два гроба од оваа некорпола. Гробот 14 од истиот тумул. Се работи за гроб циста кој бил изграден врз насипот од гробот 15. Во горобот е извршена, повторно, инхумација во згрчена положба. А како гробен дар е приложено благо профилирано кантаровидно садче, со две држалки кои не го надвишуваат ободот.(Т.I: 9) Истото е декорирано со паралелни врежани линии. Паралели на садот се откриени во класичната фаза на Цетинската група.[116]

Третото погребување се датира исто така на самиот почеток на бронзеното време како и гробот 15. Се работи за едноставна јама во која се најдени 7 сребрени обетки типични за културата Јамна. [117]

ВО областа Шкрел која е во непосредна близина на локалитетот Штој се откриени преку 40 тумули а истражени се 10. Сите се подигнати во раното бронзено време. Притоа можат да се забележат неколку типови на могили. Најзастапени се могилите со централен гроб со спалување без користење на урна кој што бил заобиколен со венец од камења. Во централниот дел се откривани спалени коски на една или повеќе индивидуи како и фрагменти од гробните дарови кои најчесто биле керамички садови. Насипот на тумулот бил направен од земја и камења а низ него имаме голема концентрација на керамички садови кои биле кршени и оставани при извршувањето на посмртните обреди.

Втората група се могили на кои е откриен слој на палење, меѓутоа недостасуваат коски. Се смета дека се работи за простор кој бил користен како спалиште. Третиот тип на тумули е исто така со централен гроб меѓутоа во истиот

---

[114] Govedarica B. 1991, 105-112;
[115] Benac A. 2012, 73-78; ; Govedarica B. 2010, 5-22
[116] Govedarica B, 1989, 129-144;
[117] Koka A, 2012, 110-111;

е извршена инхумација во згрчена положба. Во оваа група спаѓа само тумулот 5. Сiте три групи имаат аналогии во на север во областа на групата Белотиќ- Бела црква.[118]

Гробовите од раното бронзено време не изобилуваат со разновиден археолошки материјал. Претежно се работи за керамички фрагменти кои се откривани во рамки на гробовите или пак во насипот. Садовите биле рачно изработени а печењето е претежно црвено но имаме примери и на кафеава сива и жолтеникава керамика. Од садовите најзастапени се чиниите, топчестите садови со висок цилиндричен врат, садови на висока нога како и кантаровидините садови со две држалки кои благо го надвишуваат ободот или пак се во иста рамнина со него. Декорациите најчесто биле изведени со техника на врежување и притоа најчесто геометриски мотиви а понекогаш биле изведувани и декорации со пластични ленти и псеудо барботин. Аналогии на формите и декорациите се среќаваат во Центинската група[119] На оваа група припаѓаат и тумулите од Шкрел- Дедај. Всушност во овие тумули ја имаме и најголемата концентрација на на цетинска керамика (Т II 1-10). Се смета дека во Скадарската област во раното бронзено време имало и заедници кои потекнувале од оваа културна група. Единствената разлика е тоа што во Албанските тумули имаме отсуство на урните кои во Цетинската област се користеле за кремираните остатоци.[120]

Во оваа група уште ги сместуваме и централните погребувања на тумулите I,II, III во Пажок и тумулот I во Барч. Во двата случаеви се работи за едноставна јама вкопана во протохумусот а просорот околу истата е ограден со камен перстен. Во Пажок гробовите биле поплочени со ситен камен. Во гробовите е направено скелетно погребување во згрчена положба и кремација во едноставна јама без урна во тумулот I и II од Пажок. Аналогии можат да се најдат и на југ и на север. Имено, и двете могили покажуваат сличности со погребувањата под могили од Лефкада но и оние од Белотиќ- Бела црква, со тоа што Пажок е под поголемо влијание од север, додека пак Барч од југ, што е и логично.[121]

Гробовите за разлика од првите стадиуми на раното бронзено време сега се побогати. Во Пажок се откриени бронзен нож и бодеж како и долги игли од

---

[118] Zotović M, 1985 Петрова Е. 1996, 8-9;
[119] Jubani B. 1995, 55-73. Govedarica B. 1989, 129-144;tab. XXIX, 3; XXX, 4; XXXI,7;
[120] Jubani B. 1995, 72-75;
[121] Dickinson O. 1994, 222; Muller- Celka S. 2011, 415-428; Hammond N.G.L. 1972, 247-248, Zotović M. 1985...;

хеладски тип кои се датирани во рано бронзено време односно 1800-1700 г.п.н.е.[122] Во Пажок покрај ова направено е и жртвување на вол чии остатоци биле положени во централното погребување. Најблиски аналогии на ова се откриени во тумулите во Сервиа.[123]

Во Барч откриени се три керамички садови- бокали (T.II-11-13) кои според формите и начинот на продукција силно потсетуваат на керамиката од Цетинската група.[124] Меѓутоа ваквото датирање на погребувањето треба да се прифати со резерва. Контекстот во кој што се откриени керамичките фрагменти не е доволно јасен.

Уште една хронолошки нејасен пример претставува тумулот II во Дукат. Истиот содржел 53 погребувања. Од кои само најстарото погребување (гроб 53) се сместува во оваа најстара фаза на бронзеното време. Датирањето е извршено според остеолошкиот материјал. Откриен е скелет од прото-нордиски карактер, што претставува новина во постнеолитската антрополошка ситуација во Албанија, и пошироко. Со ова уште еднаш се потврдуваат индо-европските миграции и на овие простори. Она што ја комплицира ситуацијата се керамичките фрагменти, на кои досега не се откриени аналогии. Истите се со светла фактура, и форми и декорации кои се карактеристични за раниот неолит (T III 1-7).[125]

Како за крај би спомenале неколкуте празни могили кои се откриени на тероиторијата на Албанија на локалитетите Бујан и Дукат. Во нив не е откриен археолошки материјал. Во Дукат се откриени исти такви едноставни јами како во Пажок и Барч па поради дел од научната фела ги сместува во раното бронзено доба. Исто така во Бујан се откриени могили во кои кои не е откриено никакво погребување меѓутоа двете могили се поврзани меѓусебно со дромос. Во оваа група би го сместиле и тумулот Три Дабици, Маривско.[126] Каде што исто така не се откриени погребувања а е забележан мал дромос кој води до централниот дел на тумулот. Слични примери се откриени во културата Белотиќ- Бела Црква и Шкрел-Дедај.[127]

[122] Hammond N.G.L. 1972, 246-256; Петрова Е. 1996, 14;
[123] Hammond N.G.L. 1974, 127-132;
[124] Gori M. Recchia G. Tomas H.2018, 197-216;
[125] Bodinaku N, 2001, 9-100;
[126] Миткоски А. 2010, 9-10;
[127] Zotović M. 1983, 27'34; Jubani B. 1995, 72-75;

## 4.2 Тумули и погребувања од средно бронзено време:




*Карта 5- Могили користени во средното борнзено време.*

Средното борнзено време исто така е просведочено само со неколк локации, сега претежно во јужниот дел на албанија. Се работи за локалитетите кои се означени на карта 6- Водине, Бајкај, Вајзе, во јужна Албанија; Пажок, Миде и Комси во централна Албанија и Бардхок во северо источна Албанија.

Биле изградени неколку нови тумуларни погребувања во овој период кои во почетните фази се надоврзувале на она што го имавме во крајот на раното бронзено доба. Тука припаѓа могилата 4 од Пажок која изгледа се надоврзува на првите три могили. Содржела два гробови со кремација во отворена јама и без користење на урни. Во гробовите се откриени два идентични кантаровидни садови држалки кои го надвижуваат ободот и фрагменти од еден разгранет сад. Сите три садови комплетно одговараат на керамиката од фазата Малиќ IIIC1 Исто во гробот се откриени и два кремени ( Т. III 9-14)[128]

Во оваа група би го сместиле и погребувањата 15 и 16 од Водине од тумулот 1 кои се идентични како и тоа во Пажок. Тука е интресно што керамиката покажува поголеми сличности со миниската керамика за разлика од Пажок и погребувањата од раното бронзено време каде што вилијанијата, што се однесува керамичкиот материјал се скоро целосно од Цетинската група на север. Овие садови кои се откриени покажуваат сличности со миниската керамика откриена во Тесалија (Т IV 1-3).[129]

Во овој дел би го додале и гробот 30 од тумул II во Дукат. Во истиот се откриени три садови од кои два се недекорирани и припаѓаат на садовите кои се типични за Малич IIIc фазата (Т IV- 4-5), а третиот кантаровиден сад се издвојува по тоа што на држалките кои го надвишуваат ободот имаме мат декорација на паралелни линии (Т IV- 6). Ова е најстариот примерок на мат сликана керамика откриена на териотријата на Албанија. Датирањето на погребувањето е извршено според бронзениот нож кој е откриен во погребувањето датиран во средно хеладско време (Т IX- 7).[130] Според стратиграфијата на овој период припаѓаат и гробовите 51 и 52 од истиот тумул. Во истите не е откриен материјал. Сепак ваквата интерпретација на гробот 30 треба да се прифати со резерва бидејќи врз основа н останатиот археолошки материјал, мат геометриски сликанта керамика во Албанија според дел од археолозите се појавува на почетокот на доцното бронзено време, меѓутоа во последните години доаѓа до снижување и на оваа хронологија.[131]

На овие четири погребувања хронолошки се надоврзуваат и централното

---

[128] Bodinaku N. 1982, 61-63;70-101
[129] Prendi, F. 1956,1; Hammond N.G.L. 1967, 77-105; Hammond N.G.L. 1976, 127-132;
[130] Bodinaku N, 2001, 9-100;
[131] Петрова Е. 1996, 40-44;

погребување од Вајзе и гробот 7 од големиот тумул во Пажок.

Во Вајзе за разлика од претходните погребувања е направено инхумирање на покојникот. Останатите елементи во принцип се истите. Погребувањето било обколено со прстен од камења а било насипано исто така со камен. Доста индикативни се наодите кои се откриени во гробот. Се работи за микенски рапир (T. V- 1)кој е датиран во M.H.III- L.H.I, еден бодеж со италско потекло од средното бронзено време[132] и врвови на копја (T V- 3,6). Исто како и во Водине откриен е кантаровиден сад, рачно изработен според минијски пример. Паралели покажува со садовите од Лефкада како и со керамичкиот материјал од гробните кругови во Микена што доста прецизно ни го датира погребувањето во Вајзе(TIV-8).[133]

Во Пажок- гробот 7 исто така припаѓа на оваа подоцнежна фаза. И таму е пронајден меч(T V- 2) и керамика со критско потекло. [134] Мечот е малку пократок и има различно решение на држалката што го издвојува од останатите егејски примероци па во науката е развиено размислување дека можеби се работи и за локален производ изработуван по теркот на егејските примероци, што е и сосема возможно бидејки регионот изобилува со руда и се смета дела заедниците многу рано започнуваат со помасовно експонирање на истата.[135]

Исто во гробот се пронајдени и уште еден пократок меч како и нож кои кореспондираат на датацијата на преминот од средно во доцно хеладско време (TV-4-5,7).

Во групата на погребувања од средното бронзено доба уште би ги додале погребувањата од Бархок ( гроб 22 и гроб 1) датацијата тука е извршена според чаурестите игли кои седатираат уште во самиот почеток на средното бронзено време (T IV-9)[136] A исто така откриен е и нож кој е датиран на преодот од средно во доцно хеладско време (T IV-10).

Во групата на погребувања под тумули од среднот бронзено време спаѓаат уште две кои се наоѓаат во тумулите во Мидха и Комци. Во Мидха е откриен меч кој според истражувачот Курти целосно кореспондира на оној што го имаме во Пажок и несогласувајќи се со Пренди го сместува како меч кој припаѓа на хеладските

[132] Korkuti M. 1985, 103-109; Prendi F. 1998, 97-98;
[133] Петрова. E. 1996, 29;
[134] Prendi F. 1977-1978, 31-32; Bodinaku N, 1982, 49-101;
[135] Prendi F. 1982, 217-218;
[136] Hoti A, 1982, 115-148; Петрова E. 1996, 30;

мечови од типот Naue B-I (T VI- 2).[137] Во погребувањето се откриени и ножеви кои во целост кореспондираат со оние од Вајзе, Водине, Пажок (T V- 9).

Во Комци откриен е меч од типот мечови со рогови кои припаѓаат на микенскиот ареал и според Neue се датирани XV-XIV век п.н.е.[138]

[137] Kurti D 1977, 312-313;
[138] Петрова Е, 1996, 23-36;

## 4.3 Тумули и погребувања од доцно бронзено време и преодниот период




*Карта 6- тумуларни погребуања во доцно бронзено време и преодниот период:*

1.Мич- Хас
2,Кенете
3. Круме
4. Пажок
5. Вајзе
6. Пискове
7. Водине
8. Бодриште
9. Рехове
10. Продан
12. Каменица
13. Барч
14. Ефира
15. Погони
16. Лиатовуни
17. Висои- Беранци
18. Рете- Базје
19. Гермање
20. Страгата
21. Сламите
22. Три Дабици

Во почетокот на доцното бронзено време доаѓа до уште поголемо зацрвстување на за заедниците кои ги населувале овие простори. До истите доаѓаат нови културни импулси од микенската цивилизација на југ. Ваквите импулси доаѓале по брегот на јадранското и јонското море и секако комуникациите кои егзистирале по течението на поголемите реки.Импулсите најмногу се забележуваат во материјалната култура, најмногу керамиката и оружјето, меѓутоа контакти биле остварувани и со север, а и со населението во Италија со кое се тргувало по морски пат. Интресно е тоа што во регионите кои ги обработуваме во тезата ваквите импулси биле со скоро ист интензитет и се среќава многу сличен материјал.[139] Последните векови од

[139] Митревски Д. 2013, 181-191;

бронзеното време се доста турбулентни. Повторно доаѓа до раздвижување на палеобалканските популации и се чини дека овој пат истите не ги погодиле премногу областите кои се опфатени во темата. Повеќето од тумулите пордолжуваат да бидат користени и се надоврзуваат на традицијата од рано и средно бронзено време, меѓутоа се градат и нови могили во кои сега имаме поголем број на погребувања, за разлика од периодите претходно.

На доцното бронзено време и преодниот период му припаѓаат некои од гробовите во могилите Мич- Хас, Кенете, Пажок, Вајзе, Водине, Пискове, Продан, Рехове, Луарас, Каменица, Барч, Бодриште, Круме, Ефира, Погони, Лиатовуни како и централното погребување од Висои, Беранци и првите погребувања од „Сламите"- с. Вепрчани и „Страгата" с. Крушевица.

За тумулите од овој период може да се констатира дека претежно како и во претходните периоди се работи за мали тумули кои прекриваат едно или неколку погребувања, меѓутоа има и случаеви каде погребувањата од овој период се направени во непоследна близнина на централното погребување од постара тумуларна конструкција (пр. Барч- тумул I, Пажок, Водине, Вајзе и др.). Насипот на погребувањата е претежно направен од мешавина на камен и земја, меѓутоа тоа повторно зависи од географските услови во кои е подигната могилата. На пример, насипот на тумулите во Мич –Хас е целосно направен од камен. За разлика од претходните периоди, сега доминантно е инхумирањето во згрчена положба, но при крајот на бронзеното време и во текот на преодниот период се изведуваат и кремации како влијание од културата на полиња со урни која проструила, што културно, што миграциски до континентална Грција, кои се почести во наредните периоди.[140] Од гробните форми преовладуваат едноставните јами но во преодниот период застапени се и гробовите цисти, меѓутоа се користат и сите останати типови кои можат да се сретнат во каталогот.

Бидејки во овој период веќе имаме поголем број на погребувања кои исто така побогати, тумулите ќе бидат разгледани според повеќето групи на наоди кои можат да се оформат при анализата на материјалот.

Керамиката која се среќава во тумулите многу добро ја опишува ситуацијата која што ја имаме во овој дел од балканот. Во претходните период погоелмиот дел

[140] Hammond N.G.L. 1972, 312- 314; Митревски Д. 2013, 191-192;

од садовите откриени во тумулите иако локално произведени, беа под силно северно влијание. Додека пак хеладските влијанија биле во помал размер, па се забележуваа само одредени импорти откриени во појужните делови. Во доцното бронзено време, како што веќе беше споменато имаме експанзија на кутурни влијанија од микенската цивилизација. Од формите застапени се стандардните за бронзеното време; кантаровидни садови каде што имаме варијација на држалките, длабоки шољи, бокали- често со засечен врат, садови со S профилација и сл.[141] Во тумулите најмногу застапена е керамиката со мат сликање , пред и после печењето, што сведочи за континуиранот влијание од микенската цивилизација. Дел од примерите се работени во локалните работилници а дел се дирекни импорти. Најсеверно оваа керамика е откриена во тумулот во Пажок. Пренди зборува за неколку фрагменти за неколку фрагменти на мат сликана керамика како и две садчиња. За жал во литературата немаме илустрации или фотографии на истите. Според авторот на истражувањата декорацијата била поставена околу држалките грлото и рамото на садовите. Она што е интресно е тоа дека фрагментите и двете садчиња имаат поинаква фактура од останатата мат сликан керамика од доцното бронзено време. Имаат потемна фактура и се мисли дека биле инспирирани од металните примероци. Истата е датирана во XIII- XII.[142] Покрај Пажок, мат сликаната керамика е откриена и на локалитетите Водине ( Т VII,4), Рехове каде што се појавува и посебен тип на бокали[143] како и во Барч, каде што е откриена во три гробови од доцното бронзено време: 162,18 и 149 (TVII,3,1, 2). Според Андреа која го водела ископувањето се работи или за директни импорти или пак за керамика која е работена според микенски пример бидејќи истата не е работена според локалните норми.[144] Прецизна датација е извршена врз основа на металните наоди. Притоа гробот 162 припаѓа на периодот од XIII-XII, а останатите два заедно со гробот 146 на периодот XII-XI. Мат сликана керамика е откриена и на локалитетите Ефира и Погони во Епир кои биле во непосреден контакт со микенските колонии.[145]

На овој период му припаѓаат и примери на керамика со некои северни елементи. Истата е откриена повторно во Пажок, во гробот 43. Се работи за

---

[141] Hammond N.G.L 1972, 277-311;¸Prendi F. 1982, 220-221; Mitrevski D. 2013, 185-186;
[142] Prendi F. 1977/8, 34-39; Hammond N.G.L. 1972, 285. Петрова Е. 1996.
[143] Bejko L.. 2015, 75-99;
[144] Andrea Zh. 1985, 23.76-77.
[145] Oikonomidis S. Papayiannis A. Tsonos A. 2012, 95- 102;

биконусени кантаровидени садови украсени со канелури на стомакот.(Т VII-5). Истите покажуваат голема сличност со керамиката од Параќинската и Медијана групата.[146] Ова се смета дека е дел од првите северни влијанија кои доаѓаат на Балканот во текот на доцното бронзено време, а кулминираат во преодниот период. Керамиката е датирана врз основа на металните наоди во XIII-XII. Останатите примероци се обична, недекорирана керамика која е забележана на локалитетите во долината на Мат и локалитетите на север .Од субмикенскиот период имаме повеќе примери. Тука припаѓаат неколку недекорирани примери од Барч (Т VII 6-8), а во оваа група го сместуваме и садот ,скифос од централниот гроб 37 од „Висои"-Беранци кој е декориран со мат сликање (Т VII- 9). Садот е насликан во „Гранари" стил и претставува најдобар индикатор за датирање на ова централно, иницијално погребување во тумулот. Ваквиот стил на сликање е датиран во LH IIIc односно во 12 век п.н.е.[147]

Најновите истражувања во Мариово ни овозможуваат да дадеме повеќе примери кои ќе ја подкрепат појавата на оваа манифестација во регионот во доцното бронзено време и преодниот период. Се работи за два локалитети „Сламите" и „Страгата". Притоа првиот е поиндикативен. Таму се откриени два гробови кои со сигурност можат да се препишат на доцната бронза односно преодниот период, не само според материјалот туку и според школскиот пример на мешање на погребниот ритус, новонастаната ситуација во преодниот период, иницирана од раздвижувањата на одредени заедници во рамки на „Егеските преселби". Во гробот 4(Т VIII-1) откирено е само едно садче положено во главата (Т VIII 2), меѓутоа во непосредна близина се откриени и едно канелирано садче со коси канелури и салталеон (Т VIII 3). Гробот 1 е побогат (Т VIII 7). Откриен е двоен сад украсен со врежување на паралелни и брановидни линии (Т VIII 4), едно цилиндрично садче украсено со мат сликање (Т VIII 5), како и еден хеми-сферичен сад со држалки кои на врвовите имале израстоци како мали рокчиња (Т VIII 6). Аналогии на ваквите држалки се најдени во тумулот „Страгата" како и во културата Долнја Брљица по долината на реката Морава.[148] Околу гробот се откриени и неколку метални наоди (Т VIII- 8-9). Во „Страгата" скоро сите откриени горобови од предисторијата се оштетени. Бидејќи се работи за родовско клановски тумул, а

---

[146] Garašanin M. 1983, 727'735; Garašanin M. 761-772;
[147] Mikulčić I. 1966; Kilian K 1975; Митревски Д. 1997, 31;
[148] Mitkoski A. Bulatović A. Mikoć I.2016, 35;

исто така во насипот се откриени истиот тип на држалки како во „Сламите“ се датира во преодниот период.[149]

Повеќе може да се расправа за металните предмети кои ги имаме во изобилие во погребувањата од овој период. Во повеќето случаеви се работи за оружје, што повторно ни потврдува дека се работи за личности кои се истакнувале во заедницата. Наодите ќе бидат разгледани повторно по хронолошки редослед. Од шериодот од XIII-XII се датирани како што видовме неколку гробови од Пажок, Водине, Вајзе и Барч како и оние пронајдени во долината на реката Мати.

Помеѓу најстарите метални наоди кои се откриени во гробовите од доцното бронено време се мечовите откриени во могилите по долината на реката Мати, конкретно на локалитетите Рете- Базје и Гермање. Овие мечови се датираат доста рано во периодот поѓу 15 и 14 век а крајната уптреба е на почетокот на 13 век. Истите според Сендерс се сместуваат во групата D1. (Т IX 1-2).[150] По овој период веќе во северните делови на Албанија преовладува оружјето со северно потекло. Оваа информација соодветствува и на наодите на врвови од копја во некрополите тука а исто така и пламенестото копје отриено во Барч, а елементи се забележуваат во тумулите во Пажок како и на југ во Мала Преспа .[151] Следни се бронзениот нож и копје од гробот 43(Т IX- 3-4) во Пажок датирани во периодот LH IIIB-C, што одговара и на керамиката која беше откриена во гробовите.[152]Друг доказ за мешањето на влијанијата на овие територии претставуваат наодите од гробот 162 во Барч, каде покрај мат сликаната керамика таму се појавуваат и метални наоди исто датирани во L.HIIB-C периодот. Се работи за краток меч- бодеж од групата G со егејско потекло како и еднен врв од копје од пламенест тип со северно потекло, датиран во субмикенскиот период (Т IX- 5-6). Аналогии се открени во Јанина.[153]На периодот помеѓу XII-XI му припаѓаат повеќе примероци. Два идентични кратки мечови се откриени во гробот 18 од Барч и гробот 7 од могила I во Вајзе. Типолошки припаѓаат на мечовите Erbeneim IIa или Nause II со северно потекло. Што значи и овој период продолжуваат влијанијата од север, без посериозни послдици како што тоа се случувало по главните патни комуникации кои воделе до егејските центри.[154]

[149] Миткосли А. 2010, 10-11;
[150] Islami S. 2012, 120'-126;
[151] Петрова Е, 51.
[152] Петрова Е. 1996, 46
[153] Andrea Zh. 1985. 218-222
[154] Митревски Д. 1997, Митревски Д. 2013, 191-213

Вакви мечови се откриени на локалитетот Лиатовуни во централното погребување (T X 1,2).[155].Се работи за мечови кои биле широко употребувани од крајот на бронзеното време како и низ почетните фази на железното време. Дел од авторите сметаат дека мечот на овој локалитет има локално потекло бидејќи истиот се датира пред падот на Микенската цивилизација. Дури егзистира мислење дека можеби странски металурзи биле населени во микенските центри со цел да ги произведуваат овие метални предмети.[156] На една од подоцнежните форми на оружје му припаѓа мечот од Вајзе откриен во гробот 8 од тумулот 1. Тој припаѓа на првите форми на железни мечови кои почнале да се произведуваат во почетокот на преодниот период. [157]

Што се однесува до останатите наоди, значаен е и накиотот кој се открива во повеќето од погребувањата. Претставен е главно преку разни метални копчиња фолии и декорации како и коскени влошки кои биле ставни на појасите и сл. Како еден од постарите предмети се вбројува една златна фолија украсена со кругови изведени со врежување и пунктирање, откриена во Вајзе, заедно со мечот датиран во Cutting II групата од страна на Хамонд. Во Миџ- Хас на овој период припаѓаат само два гробови.Во двата се откриени метални наоди кои за кои може да се каже дека се стандардни за погребувањата од доцното бронзено време и преодниот период. Се работи за два бронзени ножеви, пинцета, една бронзена белегзија со задебелени краеви и една керамичка чаша на повисока нога. (T IX 11,12, 16-18).

Одреден проблем претставуваат гробот 22 од тумул 1 и горобот 1 од тумул 2 во Бардок. Во нив се откриени закривени ножеви (T IX 12, 13, 15) Кои според дел од авторите се сместуваат во средното хеладско време, бидејќи исти такви се откриени во Аргос. Меѓутоа вакви ножеви се откриени и на локалитетот Рете Базје (T IX 7-10) кои се датираат во XII век п.н.е., односно преодниот период.[158]

За нас од особено значење е металниот наод од централниот гроб во „Висои" Беранци. Се работи за двојна секирка- лабрис кои биле користени како приврзок или брич. Истиот има северно потекло. Најблиски аналогии има со оној пронајден во Клучка Хиподрм каде датирањето е прецизно направено со микенскиот шлем со кој што е откриен лабрисот, осносно преодниот период. На преодниот период би ги

[155] Douzougli A, Papadopoulus J.K. 2010, 25;
[156] Snodgrass 1967, 28f, pl. 34;
[157] Prendi F. 1982, 228-231
[158] Aliu S. 2012, 172, TIX

додале и долгите игли кои се појавуваат во овој преоден период а ги снемува во железното време како резултат на појавата на фибулите.[159]

[159] Митревски Д. 1997, 60-61.

# 4.4 Тумули и погребувања од железно време




*Карта 8- тумуларни погребувања од железно време:*
1.Висои- Беранци
2. Конопишта
3. Бел Камен
4. Плоча
5. Стари Лозја
6. Каранка
7. Сламите
8. Страгата
9.Барата
10. Страгата
11. Три Дабици
12. Сламите- Вепрчани
13. Живојно – Бели Камења
14. Лиатовуни
15. Погони
16. Ефира
17. Куч и Зи
18. Барч
19. Каменица
20.Рехове
21. Продан
22.Пискове
23.Грабове
24.Рапцке
25.Бодриште
26. Какви
27.Водине
28. Дукат
29. Вајзе
30. Пажок
31. Тумули во областа Мат
32.Цинамак
33. Кенете
34.Круме
35. Штој

Погребувањата под тумули во железното време ја доживуваат својата полна експанзија. Најголемиот дел од погребувањата кои досега се регистрирани во тумулите припаѓаат токму на железното време и тоа неговите први две етапи. Во овој период се појавува и извесна унифицираност и канонизирање гледајќи ја организацијата на истите , што пред се се должи на зацврстувањето на родовско-племенските заедници.Под ова се подразбира дека исти погребни обичаи и практики се забележуваат и во Пелагонија и во останатите региони, особено корчанскиот. [160]

160

Во однос на погребниот ритус, немаме драстични промени. Сепак веќе полека се исклучува згрчената положба и преовладува испруженото инхумирање иако на пр. во тумулот во Лофкенд паралелно се користи, барем во првите етапи на железното време од кога и потекнуваат најстарите погребувања, и згрчена и и испружена инхумација. [161] Тоа е начин на погребување карактеристичен за автохтоното население на Балканот. Исто така се имаме и одреден број на погребувања со кремирање кои може да се каже дека претставуваат дериват од раздвижувањата кои се случуваат во последните два двека од претходниот милениум.

Кога станува збор за гробните конструкции, повторно имаме разновидност меѓутоа доколку во бронзеното време преовладуваа едноставните јами, вкопани во протохумусот или насипот на тумулот, сега може да се каже дека преовладуваат гробовите цисти. Меѓутоа секако опстојуваат и другите видови. Според дел од археолозите доминирањето на еден гробна конструкција при погребувањето асоцира на цврсто-оформената погребна идеологија на основите на бронзеното време и преодниот период, но исто така е и показател за тоа дека стандардите се воопштиле и изедначиле што е последица од катастрофите кои се случувале во преодниот период. [162]

Земајќи ги во предвид овие околности кои предмалку ги предочивме можеме донекаде да ја објасниме и појавата и причината зошто почнуваат да се користат тумулите како нова организација на погребувањата. Меѓутоа ова не го решава целосно прашањето за напоредното егзистирање на двата вида на некрополи. Некои од авторите сметаат дека дека се работи за етнички разлики, односно носителите на тумуларното погребување се нов етнички елемент во составот на населението во железното време меѓутоа поверојатно е истите да се појавиле како културна промена односно како последица на новосозададените услови за живеење. Ова се потврдува и со фактот дека на многу мал простор истовремено се среќаваат двата типа на некрополи. Делумен одговор може да се добие со картирање на сите некрополи во железното време. Притоа ќе забележиме дека всушност тумулите генерално се поврзани за повисоки и поконзервативни области (висорамнини и периферија на котлините и рамнините). Така на пример во Пелагонија регистрирани се најмногу во Мариовскиот регион. Во Албанија се

[161] Papadopoulos, J., Bejko, L., & Morris, S, 2007,
[162] Mikulčić 1966, 6-12; Митревски Д. 1997, 81-82 Bejko L. 2015,

групирани во повеќе делови. Така на пример поголема концентрација имаме во Корчанско -колонскиот регион, потоа по долината на реката Мати и во северна Албанија и околу Скадарското езеро. Последните две области се идеални за практикување на сточарството, а доколку ја погледнеме распространетоста и на останатите тумули во Пелагонија и Корча ќе воочиме дека и таму истите се поставени воглавно, иако не секогаш на повисоки места или пак по периферијата на рамнините, што повторно сведочи дека се работи за пасторални заедници, меѓутоа сега во железното време веќе цврсто оформени.[163]

Од ваквото организирање на заедниците произлегува и уште една карактеристика во организирањето на тумулите. Во железното време се појавуваат така наречените родовско- клановски тумули. Истите воглавно се карактеризираат поголем број на погребувања, што од една страна ја нуди стабилизацијата која се случува во текот на железното време, а од друга страна и организирањето на заедниците. Во овие тумули централно место обично имало поребување од постарите периоди, најчесто доцното борнзено време или преодниот период. Останатите погребувања, во принцип изведени во текот на целото железно доба се радијално поставени околу ова централно погребување, понекогаш дури и ориентацијата на гробовите е стриктна (главите на покониците да бидат положени кон централното погребување- случај во Беранци, Барч, Каменица, Штој). Се семета дека централното погребување било погребување на најистакнатиот член на заедницата, таткото на родот, кланот. [164]

Притоа дел од тумулите имаат камен прстен кој го обиколуваа централното погребување а во некои случаеви камен прстен е направен на периферијата на целиот тумул, обиколувајќи ги поголемиот дел од погребувањата. Ваквите тумули се познати и како двојни тумули. Распространети се на целата територија опфатена во темата, но и пошироко.[165]

Со развојот на општеството и зголемувањето на бројот на население постепено почнале да изникнуваат голем број на помали тумули кои биле позиционирани во непосредна близина на претходните но на пониски места со цел вниманието повторно да остани големите тумули во кои биле погребани

[163] Mikulčić 1966, 13-23; Митковски А. 2010, 57-64; Митревски Д. 1997, 86-96

[165] Andrea Zh. 1976,133-153; Петрова Е. 1996, 69-114; Prendi F. 1982, 228-231

старешните на заедницата. Нив ги има во голем број и биле правени на сосем мали растојани при што формирале големи некрополи. Овој нов вид на тумули од постарите се разликува по тоа што:

- Има далеку помал борј на погребувања;
- Оградниот кружен ѕид е заменет со обичен круг направен од еден ред на камења.
- Повеќе нема централен гроб околу кој погребувањата се радијално поставени, туку погребувањата се прават паралелно во ист правец.

Овие нови тумули за разлика од предходните се чини дека имаат семеен карактер што кореспондира и е вистински израз на развиената етапа железното време и општествената организација и приматот во општествената структура како и постепеното распаѓање на родовските општества. Во науката се познати како „семејни тумули“.[166]

Нивната употреба во Пелагонија започнала како што кажавме уште на самиот крај од преодниот период и може да се проследи се до VI век. п.н.е кога конечно излегуваат од употреба и местото му го отстапуваат на рамните некрополи. Притоа постојат локални разлики во рамките на овој регион. Така во јужните делови на котлината кои одржувале поблиски контакти со југот од каде што доаѓале новите вредности и придобивли кои придонесувале развој тумулите побрзо излегуваат од употреба, додека пак во поконзервативните и повисоки региони кои на почетокот на железното време важеле за едни од најстабилните региони и воедно најразвиени со оглед на тоа што на нив преодниот период не извршил големо влијание. Ова овозможило формирање на цврсти заедници со силни локани обележја кај кои долго се задржале обичаите и сфаќањата кои ги негувале уште од претходните периоди. Односно се работи за поконзервативни региони поради што тумулите ќе исчезнат малку покасно.[167]

Ваквиот равој на заедниците конечно во шестиот и почетокот на петтиот век п.н.е ќе донесе конечно напуштање на тумулите како примарен начин на погребување. Во овој период веќе се случува јасна класна диференцијација. Создадена е т.н. племенска аристократија која што е носечка сила на заедниците во

[166] Митревски Д. 1997, 102-110
[167] Mikulčić I. 1966, 13-23; Митревски Д.1997, 102-110

крајот на железното време. Со тоа смислата за постоење на тумулите ја снемува со што приматот во организацијата на погребувањата го преземаат рамните некрополи.[168]

На раното железно време припаѓаат огромен број на гробови од повеќето обработени локалитети. Скоро сите гробови од тумулот I во Барч, повеќето гробови од тумулот II, Дел од гробовите во Беранци, Барата, Каменица, Лофкенд, Цинемакут, тумулите по течението на реката Мат, Кенете, Пажок, Церује, Вајзе и др. ВО скоро сите примери се работи за двојни тумули, а некои од нив се и клановско родовски.

Од овие почетни фази на железното време како најброен гробен прилог е керамиката. Формите се стандардни и продолжуваат да се развиваат од бронзеното време. Се работи за три главни форми: тоа се кантаровидните садови, бокалите со засечен врат и чашите со една држалка (Т XI- 1-3) Исто така застапени се и двојните садови кои се карактеристични Пелагонискиот, Корчанскиот и северо-западна Грција (Т XI-4). [169]

Постои вариетет и во декорирањето на овие садови. Дефинитивно експанзија доживува мат геометриски сликаната керамика која го зафаќа претходно споменатиот регион (Т XI 1-4). Истата се појавува во доцното -бронзено време. Првите примероци биле увезувани, но потоа почнува да се изработува и локално. Во тој период како најсеверна точка на манифестирање на ваквата декорација беше Пажок додека пак во железното време, оваа граница се поместува малку на север, па неколку примероци се забележани и во тумулите по течението на реката Мат (Т XI- 1-4). Најголемиот број на примероци доаѓаат од тумулите во Барч, а ваквото сликање е и просведочено со примероци од другите тумули (Т XII-1,4,6)

Покрај сликаната керамика ја имаме и керамиката декорирана со канелури(Т XII 3) како и керамиката декорирана со врежување.

Кај металните наоди сеуште доминира бронзата како главен материјал од кои се произведуваат. Во накитот се забележуваат форми кои се познати од преодниот период, но секако има и нови. Една од тие постари форми е двојната секира кој нашла свој простор и понатаму во железното време особено на македонската територија. Сега во овој период тие се среќааваат настебло поставени

[168] Митревски Д. 1997, 108-110
[169] Heurtly W.A. 1939, 227-229; Hammond N.G.L. 1982, 619-653; Snodgrass A.M. 1982, 657-679; Митревски Д, 1997, 110-113;

три една над друга и најчесто се откриваат во добро опремени, женски гробови. Една таква е отриена во еден од гробовите во Висои- Беранци (Т XIII 1) [170]. Слични предмети се откриени и во тумулот во Дукат и др (Т XIII- 2). [171]

Од осотанатиот накит забележани се иглите(ТXII- 7.8; ТXI- 5,6,7,8,9), неколку типови на фибули, осоено значаен е либурнскиот тип на фибули бидејќи истата е хронолошки доста осетлива и точно ги фиксира и останатите наоди бо крајот на 11 и почетокот на 10 век п.н.е. а се слета дека има извориште во Западен Балкан. Потоа наочарестите приврзоци и фибули (сл.9), масивните торквеси и белезици ( Т XIV).

Оружјето не е премногу застапено во гробовите од раното железно време. Неколку примероци на бронзени мечови се откриени во тумулите во Барч, Какави, Водине.[172] Исто така имаме неколку примероци на бодежи од кои би го издвоиле оној во Дукат со јазичеста форма и држала од тип II според Cuting – датиран во раното железно време. И можеби како еден од најчестите наоди на оружје се главите на копја кои спаѓаат во хронолошки неосетлив материјал и се застапени во скоро сите тумуларни некрополи од овој период (сл.10).

Во поното железно време керамиката се надоврзува на претходната етапа. Се развиваат скоро истите керамички форми,меѓутоа веќе се губи продуцирањето на мат сликаната керамика. Егзистираат само поедини изолирани примери. На локалитетите од полното железно време. Од овој период можеби надобрите примероци на сликана керамика доаѓаат од Пелагонија (сл. 11). Се смета дека токму изолираноста на регионот ваквиот начин на декорирање се задржал малку подолго во традицијата. [173]

Ваквите примероци на мат сликана керамика секогаш се среќаваат во контекст со монохромна керамика која сега полека го превзема местото кое што некогаш го имала сликаната керамика (Т XVI 1-4). Истиот случај го имаме и во Албанија каде што во оваа почетна фаза се појавуваат и првите примери на керамика работена на грчарско колце, додека во Пелагонија, повторно ваквата технологија малку доцни, па првите примероци на ваква керамика се откриени во

[170] Митревски Д. 1997, 113-114;
[171] Bodinaku N. 2001, 73-76;Heurtly W.A. 1939, 227-229; Hammond N.G.L. 1982, 619-653; Snodgrass A.M. 1982, 657-679; Митревски Д, 1997, 110-113;
[172] Hammond N.G:L. 1982, 619- 656;
[173] Петрова Е. 1996, 77; Митревски Д. 1997, 123-124;

тумулот во с.Рапеш и потекнуваат од 7 век п.н.е. а ги имаме и во „Барата"- Мариово (Т.XV).[174] Примероци на монохромна керамика се среќаваат на голем број тумуларни погребувања, во сите области кои се обработени во тезата.

Металните наоди ја доживуваат својата полна експанзија во овој период, поради развивањето на металургијата во скоро сите области. Притоа како и во ретходните периоди имаме мешање на влијанија од Халштатскиот ареал и југот. Така на пример во накитот сега се појавуваат еднопетлестите фибули(Т XVII 29,30) за кои се мисли дека имаат јужно потекло, а од нив на македонската територија се развиваат двопетлестите фубули. [175]

Од халштатскиот материјал го имаме масивниот накит, тука се наочарестите фубули, торквесите, масивните белегзии, белегзиите со краеви кои се поклопуваат, разни метални кочиња и како новина се двојните игли како и ситните украсни бронзички кои што во Пајонскиот ареал имаат значајно место (ТXVII 1-28).[176]

Битно е да се напомене дека ваквиот метален материјал е многу позастапен во рамноите некорополи. Во тумулите имаме некои редуцирани форми. Во однос на металните наоди најбогати се тумулите во Барч и Куч и Зи, големиот тумул во Каменица, Лофкенд, како и дел од тумулите по течението на Мати. Таму имаме широк вариетет на метални предмети, најчесто со декоративен карактер(Т XVII 1-28), меѓутоа застапено е и оружјето. Сега со по некој примерок на железен меч или пак врв од копје (Т XVI 7,8,3,5; TXVII 16)

Ова секако се должи на процесот на создавање на племенската аристократија, од која само по околу еден век ќе произлезат и првите кнезови, водачи на овие родовско-племенски, прото-историски заедници, кои ќе ги подигнат и богатите и монументални покребувања, со кои дефинитивно се завршува предисторијата.[177]

Во доцно архајскиот период, односно во последните етапи на железното време биле користени скоро сите мапираните тумули. Сега се појавуваат исклучително богати гробови, со луксузни импорти.

Така на пример во гробот 16 од Дукат (Т XVIII) се појавува типичен накит како: омега игли, лачни фибули со квадрипетална нога , килибарни огрлици кои

[174] Митревски Д. 1997, 123-124; Миткоски А, 2010, 12-14;
[175] Митревски Д. 1997, 128;
[176] Hammond N.G.L. 1982, 619-653; Snodgrass A.M. 1982, 657-679; Митревски Д, 1997, 110-113;
[177] Babić S. 2012,70-88; Митревски Д. 1997, 156-183;

исто така се откриваат и во кнежевските погребувања. Конкретно ѓерданот во Бардок покажува сличности со откриените во Требениште. [178]

На овој период припаѓаат и некои од гробовите во тумулите по реката Мати (Перлат, Ураке), Цинемак, Куч и Зи, Барата и Висои и др. Кај скоро сите од примерите погребувањето прекинува во овој период а одново користење има во доцната антика и средниот век.

[178] Lahtov V, 1965, fig 152

# 5. СОЦИО-КУЛТУРНИ И РЕЛИГИСКИ АСПЕКТИ НА ТУМУЛИТЕ

Како што спомнавме и на самиот почеток од овој магистерски труд, погребувањата претставуваат едни од најдобрите затворени археолошки целини кои ни нудат податоци за различни аспекти од човековото живеење.

Тумулите како и останатите погребувања пред сѐ се наоѓалишта од сферата на култот на мртвите, меѓутоа зборуваат и за заедниците или поединците кои ги изградиле. Тие се симбол на моќ и престиж и на поединецот и на заедницата но и воедно претставуваат територијални и временски маркери и први монументални зданија кои се посветени на човекот, покојникот а не на божествата. Со тоа за прв пат во праисторијата е направен чекор за приближување на човекот кон божественото.[179]

Комплексноста на тумулите произлегува од степенот на културно-историски развој и е тесно поврзана со идеолошките, економските и организациските одлики на заедниците кои ги граделе. Услови за нивна употреба во Европа се создаваат уште во енеолитскиот период, односно во 5 милениум п.н.е. Во овој период забележан е економски подем, а со тоа и истакнување на поединци или групи. Ваквата тенденција археолошки може да се прати во неколку домени, меѓутоа најистакната е токму во сферата на погребувањето. Важно е да се напомене дека тумулите во ниту еден од периодите на примена не стануваат единствен начин на погребување, туку паралелно се практикуваат и погребувањата во рамни некрополи, иако во регионите кои што ги обработуваме се доминантни. [180]

Распространувањето на овој феномен на Балканот се случило во најголема мера за време на индо-европските преселби кои го означиле крајот на енеолитскиот период и почетокот на бронзеното време. Во дел од нив била практикувана инхумација, а во дел инцинерација. Сублимирањето на археолошките податоци за овие најстари тумули на Балканот покажуваат дека индоевроспките заедници, примарно, парактикувале инхумирање на покојниците, а додека пак за спалувањето долго време помеѓу научната фела постоело мислење дека доаѓа од југ. Тоа и не би претставувало толку голем проблем при детерминирањето на тумулите доколку погребувањата во најстарите тумули на Балканот не би биле кремации. [181] Со ова

[179] Potrebica H, 2011, 171-184, Elijade 1980, p. 83-84
[180] Benac A, 2012, 73-78; Govedarica B. 2010, 5-22; Bailey D.W. 2000, 246-250;
[181] Benac A, 2012, 73-78;

мисењата биле, а и сеуште се поделени за тоа од каде всушност и доаѓа ваквиот феномен. Меѓутоа многу поверојатна и поиздржана е тезата дека истите имаат индо-европско потекло. Во полза на оваа теза се начинот на конструирање на тумулите:

- Централно погребување многу често во јама вкопана во протохумусот. Најстарите погребувања од раното бронзено време регистрирани во Албанија го следат ваквиот тренд.[182]
- Посипување на окер во гробната јама. Енеолитска традицја која е регистрирана во културата Јамна како и во првите тумуларни погребувања на Балканот.[183]
- Гробни прилози- каде што најчеста е локаната керамика.

Што се однесува до инцинерацијата која се среќава во тумулите, дел од истражувачите сметааат дека тоа бил погребен ритуас на дел од заедниците кои се измешале со индоевропското население или го прифатиле овој тренд на погребување на тумулите кој ја надополнува претставата за задгробниот живот. Имено инценерацијата според досегашните инфомации кои ги имаме за погребувањата на Балканскиот Полуостров има долга традиција во овој панонско-подунавски простор. Истата се појавува уште во неолитскиот период а корените се потврдени и со голем број примери од Баденската култура. Дури се смета дека во овој простор и настанало и погребувањето со спалување. А исто така огромна улога има и во бронзеното доба.[184] Околу перцепирањето на кремацијата нема да навлегуваме во детали, меѓутоа би спомнале дека е тесно поврзана со хелиолатријата или обожувањето на сонцето. Според митот за Прометеј, кој го украл вечниот оган и од кој се ствприла душата на луѓето. Се смета дека при спалувањето се ослободува тој прометејски дел од материјалниот оклоп, што на некој начин повторно алудира и кореспондира на она што го споменавме на почетокот од поглавјето, дека пред се се работи за период кога луѓето сакаат колку што е можно повеќе да се израмнат со боговите.

---

[182] Andrea Zh.1983/4, 102-119; Кока А,1986. 254-255; Korkuti M, Petruso K.M., 1993, 703- 743; Govedarica B. 2016, 6-12; Bodinaku N, 1982, 49-101; Hammond N.G.L. 1972, 246-259

[183] Beiley D.W. 2000, 246-250

[184] Benac A, 2012, 73-78;

Меѓутоа во тумуларните погребувања самото погребување и не е во преден план. Она од што произлегува нивното значење, симболиката е архитектурата, односно градбените елементи на тумулот. Воглаво се состојат од два: кружната основа и насипот кој го прекрива тој простор.[185]

Сакралното значење на кругот ( кружната основа на тумулите) се провлекува низ цела праисторија. Со последните истражувања потврдено е дека вакви кружни простори, објекти биле равени уште од неолитскиот период па и порано доколку се земат во предвид мезолитските светилишта од Мала Азија. Кружните неолитски објекти се откриваат на самите периферии на населбите. Истите достигнуваат пречник од 300-400 метри и се составени од неколку концентрични кругови на ровови или палисади. Секако таму биле извршувани разни религиозни обреди и манифестации. Поради тоа не е ни чудно што тумулите и го добиваат овој кружен облик. Дополнително тој кружен простор бил назначуван со ров, дрвена палисада или пак камен прстен. Ова може да се толкува на два начини:

- Прстенот го заштитува надворешниот свет од покојникот.
- Или обратно, се подигнува во служба на покојникот и потенцирање на светиот простор во кој истиот е погребан, со што уште повеќе се потенцира на улогата на овие покојници во религиозните сваќања, односно верувањето во продолжување на живеење на духот на покојникот по смртта. За ова верување потврда се и артефактите кои покрај во погребувањата се откриваат и во насипот, што значи дека разни обреди биле изведувани и по погребувањето на покојниците.[186]

Насипот на тумулот пак е елементот со кој покојникот се воздигнува и приближува кон божествата. Ваквата улога може да се перцепира на две нивоа: физичко и преносно. Покрај ова монуметалноста која ја дава насипот се интерпретира од други аспекти.

Првиот аспект е тоа дека сега тумулите исто така претставуваат и територијални маркери во крајоликот. Дел од научниците дури сметаат тие дури и ја заменуваат улогата на теловите, тумбите – населби кои биле користени во претходните периоди и дека можеби не е коинциденција што истите се јавуваат во региони кои претходно биле напуштени. А сепак е интересен фактот што имаат слична форма и

[185] Govedarica B. 2010, 5-22
[186] Benac A, 2012, 73-78;

концепција. Поради ова археологот Бејли смета дека всушност „основниот механизам на изразување и одржување на челнството во групата се поместил од просторот на живите во просторот на мртвите“.[187]

Ова претпоставка не води кон останатите социо-културни аспекти на тумуларните погребувања кои се во тесна и нераскинлива врска со религиските. Како што веќе спомнавме тумулите се степски елемент донесен на Балканот за време на индо-европските преселби кои се лучиле во повеќе пранови. Понатамошниот развој на тумуларните погребувања особено во регионите кои се обработувани во магистерскиот труд во најголема мера се должи на интерниот социо-културен развој на заедниците кои ги практикувале.

Во раното бронзено време се работи за класични примери на тумули по примерот на оние од степското население, воглавно со едно централно погребување (понекогаш се случува под тумулот да се направени повеќе погребувања, сепак со почитување на централниот простор кој се метал како најсвет и најзначаен дел во целата тумуларна конструција).[188] Неоспорен е фактот дека се работи за погребувања на истакнати членови од пасторални заедници кои практикувале трансхуман начин на живот. Потврда за ова се и наодите кои се откриваат во тумулите. Во раното бронзено време претежно се јавува локална керамика, меѓутоа има и импортирани предмети кои овие истакнати ќленови имале можност да ги поседуваат по пат на трговија која во овој период е особено развиена. Се тргува и со јужните области, Егејскиот простор и со централно-европските области, а понекогаш се среќаваат и предмети од италските простори.[189] Пресврт се случува во доцното бронзено време и преодниот период кога доминантен начин на погребување станува погребувањето под тумули со инхумација. Од овој период потекнуваат првите погребувања од големите родовско-клановски тумули застапени особено во југоисточните делови на Албанија ( Барч, Каменица, Рехове, Дукат , Беранци Лиатовуни, Беранци и др.) кои продолжуваат да се користат да се користат интензивно и во првите векови од железното време. Во ваквите родовско-клановски тумули, централното и најстаро погребување скоро секогаш припаѓа на доцното бронзено време или преодниот период а околу него радијално биле поставувани понатамошните погребувања. Според ситуацијата може да се каже

[187] Beiley D.W. 2000, 249-250;
[188] Govedarica B, 2010, 5-22;
[189] Harding A, 1976, 157-162;

дека се работи за погребување на таткото, односно првенецот на родот, заедницата.[190] Со поставувањето на гробоите околу централниот простор кој што го зафаќало ова погребување се покажува силниот респект кој го имале овие пасторални заедниците за своите предци. Големиот број на погребувања сега покажува дека истите без разлика на начинот на живот сега се врзани за одредена територија, а од нив всушност понатаму ќе произлезат дел од протоисториските и историските племенски заедници кои ги населувале овие простори. Така на пример територијата на север од реката Мати се поврзува со Илирските племиња, Корчанската област е областа на Десаретите, а Пелагонците го зафаќаат Мариовскиот регион и делови од рамницата.[191]



*Макета на тумуларното погребување во Беранци*

[190] Bепас А. 2012, 78-99: Митревски Д. 1997, 81-100;
[191] Петрова Е, 1996, 44;

Во текот на полното железно време веќе се губи концепцијата на овие родвско лановски погребувања. Поголемиот дел од новоподигнатите тумули се семејни тумули и содржат неколку погребувања. Меѓутоа и тука е задржано почитувањето на целнтралниот простор кој е наменет повторно за најистакнатиот член од семејството. Во Мариовскиот регион имаме огромен број на регистрирани помали тумуларни погребувања, а дел од оние кои што се истражени сведочат за ваквото почитување.

Со крајот на предисторискиот период згаснува и масовното користење на тумулите како доминантен начин на погребување. Зајакнувањето на племенската аристократија во доцно- архајскиот период, уште еднаш овозможува услови за подигање на кнежвски погребувања, симбол на моќта на локалните кнезови и племенски водачи. Ова е последната етапа на користење на тумулите во толкави размери.[192] Дека се работи за кнежевски погребувања зборува нивната монументалност како и материјалот откриен во истите. Тие изобилуваат со раскошни импортирани предмети како на пример: сребрени и златни апликации, ќилибар, скарабеи со потекло од египет, златни маски и др. Во понатаможните периоди е забележано погребување на дел од покониците во насипите на предисториските тумули, особено во раниот среден век. Во римскиот период забележано е дури и подигнување на нови, меѓутоа како што кажавме се работи за многу помал број. Интресен е фактот дека тумулите со својата монументалност се врежале во колективната меморија како свети места каде што биле погребани прататковците и општо луѓето кои ги населувале тие простори и како такви се почитувани кај луѓето до ден денес. Во степските области пак, тумулот како погребна форма се задржува до 19 век.

[192] Митревски Д. 1997, 161-164;

# 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

По извршената синтеза и анализа на поголемиот дел на тумули кои го опфаќаат просторот на Пелагонија и Албанија можат да се изведат неколку заклучоци.

Најпрво дека тумулите се израз на социјалното и економското организирање на поедини индо-европски групи на одредена териоторија во раното бронзено време и на нивниот понатамошен развиток и ширење низ бронзеното и железното време.

Воглавно се врзуваат за сточарското, номадско население, за нивните движења како и за нивниот развој како родовско- племенски заедници. Кај дел од нив користењето на истите опстојува до историските времиња, па поради тоа е возможно и нивно етничко поврзување. Во областите кои се опфатени во темата можеме да зборуваме за три такви племиња, а тоа се:

- Пелагонците ги опфаќале пред се мариовските региони и северните делови од рамницата.
- Десаретите кои биле носители на тумуларните погребувања во корчанско-колонскиот регион.
- Илирските заедници на север од реката Мати.

Врз основа на хронологијата пак може да се согледа процесот на промени кои ги доживува тумулот како социјална, економска и религиозна категорија.

Почетокот на користење на тумулите во југо-западен Балкан е забележан уште во почетните фази на раното бронзено време, што е адекатно во однос на околните региони и правопропорционално со раздвижувањата кои се одвивале во поседните фази на енеолитот и почетокот на бронзеното време. Потврда за ова се рано- бронзенодобските тумули кои најголема концентрација имаат во северните делови на Албанија, меѓутоа дел од нив се среќаваат и во централна и Јужна Албанија како и западното крајбрежје во Грција, што исто така одговараат на движењето на одредени групи на население најверојатно со индо-европско потекло, што е просведочено и со останатиот археолошки материјал. Се работи за мали могили кои прекривале едно или две погребувања, повеќето од нив изведени со кремација. А потоа насипани најчесто со камен, или мешан насип од камен и земја, што е во зависност, пред се, од условите кои ги нуди регионот. Понекогаш овие погребувања биле опколени со прстен од камења. Истите не се премногу богати

погребувања и во нив претежно е откриен керамички материјал кој што има северни обележја кои одговараат и на северните карактеристики кои ги покажува архитектурата на тумулите. Сепак дека не се работи за најобични погребувања ни покажуваат и некои од импортите кои се откриени, а се во однос со тие иницијални погребувања, како кикладските идоли откриени во тумулите во Штој а исто така откриени и во слоевите на раното бронзено време на населбата во Малиќ. Се откриваат и празни могили за кои сеуште нема јасно оформен став во литературата. Дел од археолозите сметаат дека се работи за кенотафи, што е сосема можно, бидејќи во некои се направени и гробни конструкции. Во некои пак е забележана некаква архитектура (насип во централниот дел или пак обележување на централниот дел со прстен), но таму недостасуваат гробни конструкции. Овие тумули во литературата се означени како ритуални. Ваквата интерпретација мора да се прифати со огромна резерва, бидејки покрај кршената керамика која што е пронајдена во насипот и волавно припаѓа на погрубата керамика и форми кои се провлекуваат низ целото бронзено време, некои други индикации за киристењето на просторот и немаме. Во овој дел само би спомenале дека во Пелагонија е пронајден и истражен еден ваков тумул на локалитетот „Три Дабици", кој што не е датиран прецизно. Како што вели и самиот автор керамиката не е доволно индикативна за било каква попрецизна категоризација и датација. Меѓутоа ова отвара еден сосема нов хоризонт во погледот на тумуларните погребувања во Пелагонија, бидејќи воглавно истите се користени во текот на железното време, иако и централниот гроб на локалитетот „Висои"- Беранци ни сведочи за користење на тумулот како погребна форма во текот на последните фази на бронзеното доба.

Средното бронзено доба е просведочено веќе со поголем број на погребувања и тоа главно во централна и јужна Албанија кои се надоврзуваат на традицијата која се развила во текот на последните фази од раното бронзено време. Се работи за богати погребувања, дел инхумации, дел кремации кои исто како и во претходниот период најчесто се изведени во едноставни јами меѓутоа сега прстенот и насипот кои биле изведени околу и над погребувањето изгледаат помонументално. Тоа доста зборува за стабилизацијата на заедниците во овие подрачја на Балканот. Истото е птврдено и со археолошкиот материјал. Се откриваат голем број на импортирани предмети, најчесто оружје пред се со егејско потекло. Дел од наодите посочуваат на локално производство. Садовите биле изработувани по теркот на минијската и микенската керамика, дел од садовите се и импортирани а исто

напредок се чуствува и во металопроизводството. Се смета дека една од металуршките работилници се наоѓала во Албанија.

Во доцното бронзено време веќе започнува масовна употреба на тумуларните погребувања  во сите области каде претходно биле забележани. Дел од погребувањата се направени околу централните погребувања од пораните периоди ( Барч, Бардок и тн.) а дел се во потполност нови погребувања над кои бил подигнат насип кој е најчесто е мешавина од земја и камен.  Ова е особено значаен период за Пелагонија кога за прв пат со сигурност знаеме дека започнува практикувањето на овој начин на погребување, означен со иницијанлното погребување од Локалитетот Висои, Беранци. Претежно се практиикува инхумацијата, а се работи за доста богати погребувања, за кои како што дава мислење професорот Драги Митревски, се работи за погребувања на татковците на родовите. Останатите погребувања апсолутно го почитуваат високиот статус на покојникот и се распоредени околу најчесто радијално.

Во железното време се забележува експанзија и полна употреба на тумулите. Паралелно се користат и постари тумули кои биле користени во претходните периоди, меѓутоа се градат и нови. Некои од постарите тумули бројат и по неколку стотици погребувања, додека пак тумулите направени во подоцнежните фази на железното време содржат само неколку, односно дека тоа се семејни тумули. Повеќето се помали тумули со по неколку погребувања, познати и уште како семејни погребувања и истите биле направени под низок насип. Огромна концентрација на овие тумули е забележана во Мариовскиот регион, како и Велешко.

Истите поинтензивно се користат до крајот на 7 век за во последните фази од железното време скоро целосно да излезат од употреба како такви групни некрополи и повторно да се појават кнежевските кои го наговестуваат почетокот на антиката.

# 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Aliu Sk. 1984-Tuma e Prodanit, *Iliria* 1, 1984

Andrea Zh. 1976 -La civilisation des tumuli de basin de Korce, *Iliria* IV/1, Tirana 1976

Andrea Zh. 1985- Kultura Ilire e tumave në pellgun e Korçës, Tiranë, 1985

Andrea, Zh 1975- Report on excavations at Barf, in *Iliria* 3 (1975)

Andrea Zh 1997- Tuma e Cerujës, Iliria 1-2, 1997

Andrea Zh. 1999-2000- Archaeology in Albania 1991-1999, *Archaeological Reports, No. 46 (1999 - 2000)*

Anderson D. G. 2007, Climate and culture change: exploring Holocene transitions, *Climate Change and Cultural Dynamics: A Global Perspective on Mid-Holocene Transitions,* Amsterdam, 2007

Andronikos M. 1969- Vergina: To nekrotapheion tōn tumbōn,1969

Babić S. 2012- Princely graves of the central Balkans- a critical history of research, *European Journal of Archaeology 5(1*), EAA April, 2012

Beiley D.W. 2000- Balkan prehistory: Exclusion, incorporation and identity, London/ New York, 2000

Bejko L. 1999-Zakone mortore në bronzin e vonë të Shqipërisë Juglindore / Mortuary Customs in the Late Bronze Age of South-Eastern Albania, Iliria vol.29, Tirane, 1999, 129-181;

Bejko L. 2015- Social Landscape and Tumuli Burialsin Late Bronze and Early Iron Age Southeastern Albania, Tumulus as Sema: Space, Politics, Culture and Religion in the First Millennium BC., 2015

Bela M. 1987-Mujaj (Kukës), *Iliria 17-2,* Tiranë, 1987

Bodinaku N. 1982- Varreza tumulare e Pazhokut (Gërmime të vitit 1973*), Iliria 12-1,* Tirane, 1982

Bouzek J. 2006- Macedonian Bronzes- 30 years later, *Folia Archaeologica Balkanica I,* Filozofski fakultet-Skopje 2006

Булатовиќ А. Станковски Ј, 2012- Бронзеното доба во басенот на Јужна Морава и долината на Пчиња, Белград-Куманово, 2012

Dickinson, O. 2006. The Aegean from Bronze Age to Iron Age: Continuity and change between the twelfth and eight centuries BC. London, Routledge , 2006

Douzougli A, Papadopoulus J.K. 2010 – Liatouvuni- Molosian cemetery and settlement in Epirus, Jarbuch des Deutchen Archaologischen Instituts

Frînculeasa, A., Preda, B., Negrea, O., Soficaru, A.D. 2013, Bronze Age Tumulary Graves Recently Investigated in Northern Wallachia, Dacia, N.S. 57, 2013

Galanakis Y. 2011- Mnemonic landscapes and monuments of the past: tumuli, tholos tombs and landscape associations, *Ancestral landscape*, Lyon, 2011

Гарашанин М. 1956 -Разматрања о македонском халштату, *Старинар нова серија No. V-VI,* Београд 1956

Garašanin M. 1982- The Early Iron Age in Central Balkan Area c. 1000- 750 B.C- general considerations, *CAH Vol.III/1,*Cambridge 1982

Garašanin 1983- Razvijano bronzeno doba i prelazni period Makedonije, PJZ IV, Sarajevo 1983

Gimbutas M. 1965-Bronze age cultures in central and eastern Europe, Paris, 1965

Gori M. Recchia G. Tomas H. 2018- The Cetina phenomenon across the Adriatic during the 2nd half of the 3rd millennium BC: new data and research perspectives, *38° Convegno Nazionale sulla Preistoria, Protostoria, Storia della Daunia*, San Severo, 2018, 197-216

Govedarica B. 2010- Ideološki značaj grobnih tumula i sakralna simbolika kruga, *GODIŠNJAK-Centar za balkanološka ispitivanja,* vol. 39, Sarajevo, 2010

Hammond N.G.L. 1967- Tumulus-burial in Albania, The Grave Circles of Mycenae, and The Indo-Europeans, The Indo-Europeans. The Annual of the British School at Athens, 62,, 1967

Hammond, 1982- Iliyris, Epirus and Macedonia in Early Iron Age, *CAH Vol.III/1,*Cambridge 1982

Harding A.F. 1976- Illyrians, Italians and Mycenaeans : Trans-Adriatic contacts during the Late Bronze Age, *Iliria IV*, Tirane, 1976

Harding, A. F. 2000- European societies in the Bronze Age. Cambridge, University Press

Harding A. F. 2015-The emergence of elite identities in bronze age Europe, *ORIGINI, Prehistory and Protohistory of ancient civilisations XXXVIII*,"Sapienza" Universita di Roma, 2015, 111-122;

Harding A.F. 2011- The tumulus in European prehistory covering the body, housing the soul, *Ancestral landscape*, Lyon, 2011, 21-3

Hertley W.A. 1939- Prehistoric Macedonia, Cambridge 1939

Hoti A. 1986- Tumat V e VI të Kënetës / Les tumulus V et VI de Këneta . In: Iliria, vol. 16 n°2, 1986

Heyd, V. 2011, Yamnaya groups and tumuli West of the Black Sea, in Ancestral Lanscapes, Lyon, 2011

Islami S. 2013- Kultura ilire e tumave të Matit, Tiranë, 2013

Jubani B. 1982- Tumat e Krumës (Rrethi i Kukësit) / Les tumulus de Kruma (District de Kukësi),*Iliria, vol. 12 n°2*, 1982

Jubani B. 1983, "Tumat ilire të Kënetës", *Iliria* 13, 2, 1983

Jubani B. 1995- Kultura e bronzit të hershëm në tumat e Shkrelit / La civilisation du bronze ancien dans les tumuli de Shkrel, *Iliria, vol. 25*, 1995

Јосифовска Б. 1963-Извештај за заштитно ископување на една халштатска гробница од село Живојно, ГЗФФ 15, Скопје 1963

Korkuti M. 1971- Vendbanimi prehistorik i Trenit / L'agglomération préhistorique de Tren, Iliria 1, 1971

Korkuti M. 1985-Marrëdhëniet midis dy brigjeve të Adriatikut në epokën e bronzit dhe të hekurit, *Iliria 15-1,* 1985

Kristiansen, K. 2002-The tale of the sword – swords and swordfighters in the Bronze Age. Oxford Jorunal of Archaeology 21, 319-332

Earle, T. Kristiansen, K. 2010-Introduction: Theory and Practice in the Late

Prehistory of Europe, *Organizing Bronze Age Societies. The Mediterranean, Central Europe, and Scandinavia Compared* (Eds. T.Earle, K. Kristiansen). Cambridge University Press, Cambridge 2010, 1-33;

Kurti D. 1977-Përhapja e tumave ilire në Mat, *Iliria 7-8*, Tirane,1977

Kurti D. 1987- Tumat IV, V, VI, VII të Burrelit /Les tumuli IV, V, VI, VII de Burrel, *Iliria 17-1, 1987*

Kurti R. 2017-On some aspects of the Late Bronze Age burial costume from north Albania, *New archeological discoveries in Albanian regions*, Tirane, 2017

**Lahtov, V**. 1965: Problem trebeniške kulture, Ohrid, 1965

Merkouri K. Kouli M. 2012- The Spatial Distribution and Location of Bronze Age Tumuli in Greece, *Ancestral landscape,* Lyon, 2011

Mikulčić I. 1966- *Pelagonija*, Skopje 1966

Mačkić P., Simoska D. 1954 - Terenski radovi bitoljskog muzeja u 1954, Muzeji 9, Zagreb 1954

Миткоски А. 1999- Железно време во Мариово, Тумулот И од Барата кај с. Чаниште, *Македонско наследство 9,* Скопје 1999

Миткоски А. 2010- Мариово во праисторијата, *Mace. Acta Archaeol. No.19,* Скопје 2010

Mitkoski A. Bulatović A. Mikoć I. 2016- Nekropolis under tumuli at Veprtčani, Старинар LXVI, 2016

Mitrevski D. 1994- Northern element regarding to the iron age culture in Macedonia, Culture et Civilisation au Bas Danube, XIII-XIV, Braila, 1994

Митревски Д. 1994a, A Brnjica Tzpe Necropolis near Skopje, Starinar XLIII-XLIV, Beograd, 1994

Митревски Д. 1997- *Протоисториските заедници во Македонија,* Скопје 1997

Митревски Д. 2003- Од Јужна Морава до Вардар, Пираихме Том II, Куманово, 2003

Mitrevski D. 2006- Genesis of the Iron Age culture in Macedonia, Folia Archeologica Balkanica I, Skopje, 2006

Mitrevski D. 2007- The beginning of the Iron Age in Macedonia, *The Struma/Strymon River Valley in Prehistory,* Sofia 2007

Митревски Д. 2013-Праисторија во Македонија, *МАКЕДОНИЈА-милениумски културно-историски факти,* Скопје 2013

Oikonomidis S. Papayiannis A. Tsonos A. 2012- The Emergence and the Architectural Development of theTumulus Burial Custom in NW Greece (Epirus and the Ionian Islands) and Albania and its Connections to Settlement Organization, *Ancestral landscape*, Lyon, 2011

Ols L. 2004-2005- Archaeology in Albania, 2000-2004, *Archaeological Reports, No. 51 (2004 - 2005)*

Papadopoulos, J., Bejko, L., & Morris, S 2007- Excavations at the Prehistoric Burial Tumulus of Lofkënd in Albania: A Preliminary Report for the 2004-2005 Seasons, American Journal of Archaeology, Vol. 111, No. 1, 2007

Papadopoulos, J., Bejko, L., & Morris, S. 2008-Reconstructing the prehistoric burial tumulus of Lofkënd in Albania. Antiquity, 82(317), 2008

Петрова Е, 1996- *Бригите на Централен Балкан,* Скопје 1996

Potrebica H. 2011- Burial Mounds in Croatia: Landscapes of Continuity and Transformation,Ancestral Landscape, Lyon, 2011

Poschlod P. 2015-The Origin and Development of the Central European Man-made Landscape, Habitat and Species Diversity as Affected by Climate and its Changes – a Review, *IANSA, volume VI, issue 2/2015*

Prendi, F. 1956 - Report on excavations at Vodhine, *BUSS* 1956, 1

Prendi F. 1957- Report on excavations at Vajze, *BUSS* 1957, 2

Prendi F. 1982- The Prehistory of Abania, *CAH Vol.III/1,*Cambridge 1982

Prendi F. 1988- Kërkimet arkeologjike në fushën e kulturës pre dhe protohistorike ilire në Shqipëri, *Iliria 18/1,* 1988

Sanders N.K. 1963, Later Aegean Bronze Swords, AJA 67' 1963

Sherratt A.G. 1984, Prehistory of Balkans to 1000 B.C. Cambridge Ancient History- Plates to volume III,22-23

Snodegrass 1964- Earlz Greek armour and weapons from the end of the bronze age to 600 B.C, Edhingburgh,1964.

Станковски Ј. 2006 -Тумулот II на локалитетот Долинац с. Стрновац, *Maced. Acta Arcaheol. No.15,* Скопје 2006

Станковски Ј. 2008-Тумулот I од тумуларната некропола кај с. Стрновац, *Maced. Acta Arcaheol. No18,* Скопје 2008

Čović B. 1983-Zaključna razmatranja, *Praistorija Jugoslovenskih Zemalja V,* Saraevo, 1983

Василева М. 1993- Некропола од железно време кај с. Рапеш, *Macedonia Acta Archeologica No.13,* Скопје 1993

Vasić R. 1987- Pelagonija, *Praistorija Jugoslovenskih Zemalja VI,* Sarajevo 1987

# 8. ПРИЛОЗИ



**Слика 1** - *гробни конструкции во тумулот во Луарас.*



**Слика 2** - *Тумулот „Страгата“ пред ископувањето*



**Слика 3** - *Гробни конструкции во „Страгата"*



**Слика 4** - *Работна фотографија од ископувањата на локалитетот „Страгата"*



**Слика 5** - *Дел од насипот на тумулот „Барата“*




**Слика 6** - *Дел од гробните конструкции на локалитетот „Барата“.*



**Слика 7**- *централен гроб во тумул V, Круме*



**Слика 8**- *денешниот изглед на локалитетот Каменица*



**Слика 9**- *наочареста фибула од „Висои" Беранци*



**Слика 10**- *Копја од железно време- „Висои" Беранци*




**Слика 11.** *Мат сликана керамика од полното железно време с. Живојно*

# T.I.



**T.II**



**Т. III**



**T. IV**



**T.V**



**T. VI**



**Т. VII**



## T VIII



## T. IX



**Т. X**



## Т. XI




Рано железно време, Барч, тумул

**Т. XII**




Т. XII- 1. Продан; 2. Лофкенд 3.Пажок; 4. Лофкенд; 5-7. Цинемак

8. Барч

## T XIII




Т. XIII – 1. „Висои“ 3-9. Продан

**Т. XIV**



Накит од рано железно доба - Продан

T. XV



# Т. XVI




Куч и Зи – Тумул II – полно железно време

## Т. XVII


Накит од полното железно време:
1-28. КУч и Зи
29-30. Каранка, Рапеш
22.
23.
24.
25.
26.
27.
28.
29.
30.
3.

# T. XVIII

